**УНИВЕРЗИТЕТ СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ**

**Филозофски Факултет**

Институт за Безбедност, Одбрана и Мир,

Скопје

**МАГИСТЕРСКИ ТРУД**

ТЕМА:

# ВЛИЈАНИЕТО НА ПРОЦЕСИТЕ НА ИНТЕГРАЦИЈА И ФРАГМЕНТАЦИЈА ВРЗ МИРОТ И СТАБИЛНОСТА

Ментор
Проф.Д-р.Горан Зенделовски

Изработил
Дејан Белевски

**Скопје, 2019 година**

# СОДРЖИНА

**ВОВЕД** ........................................................................................................3

**I.ГЛАВА ГЛОБАЛИЗАЦИЈА, ПОИМ И ДЕФИНИРАЊЕ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА** ........................................................9

1.1.ТЕОРИСКИ ПРИСТАПИ КОН ПРОЦЕСИТЕ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА.........................................13

1.1.1.ПОЗИТИВНИ И НЕГАТИВНИ АСПЕКТИ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА .......................................16

1.2.ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА КАКО ПРОЕКТ ИЛИ ПРОЦЕС...................................................................20

1.3.ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА И ПРОЦЕСИТЕ НА ИНТЕГРАЦИЈА ..........................................................28

**II.ГЛАВА ПРОЦЕСИТЕ НА ИНТЕГРАЦИЈА И РЕГИОНАЛИЗАЦИЈА ВО СОВРЕМЕНИТЕ УСЛОВИ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈА**.............................................31

2.1.ТЕОРИСКИ ПРИСТАПИ НА ИНТЕГРАТИВНИТЕ ПРОЦЕСИ.........................................................36

2.1.1.СОВРЕМЕНИТЕ МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ И ИНТЕГРАЦИИ........**Error! Bookmark not defined.**

2.2.ПРИНЦИПИ НА ИНТЕГРАЦИЈА ..................................................................................................43

2.3.ОДНОСОТ МЕЃУ ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА И РЕГИОНАЛИЗАЦИЈАТА............................................44

2.4.ВЛИЈАНИЕТО НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА И РЕГИОНАЛИЗАЦИЈАТА ВРЗ БЕЗБЕДНОСТА И МИРОТ ..........................................................................................................................................47

2.4.1.РЕГИОНАЛИЗАЦИЈАТА, МИРОТ И БЕЗБЕДНОСТА...........................................................50

2.4.2.РЕГИОНАЛИЗАЦИЈАТА И ФРАГМЕНТАЦИЈАТА КАКО ДИВЕРГЕНТНИ ПРОЦЕСИ...............55

**III.ГЛАВА МОДЕЛИ НА РЕГИОНАЛИЗАЦИЈА**.................................................59

3.1.ПОТРЕБАТА ОД РЕГИОНАЛНО ПОВРЗУВАЊЕ .........................................................................59

3.2.ЕВРОПСКИ МОДЕЛИ НА РЕГИОНАЛИЗАЦИЈА...........................................................................61

3.2.1.ТЕОРЕТСКИ ОСНОВИ, ДЕФИНИРАЊЕ НА РЕГИОНОТ И КОНЦЕПТОТ НА РЕГИОНАЛИЗАЦИЈА ........................................................................................... 64

3.2.2.МОДЕЛИ НА РЕГИОНАЛИЗАМ ..........................................................................................68

3.2.2.1.ГЕРМАНСКИ МОДЕЛ НА РЕГИОНАЛИЗАЦИЈА..............................................................71

3.2.2.2.ИТАЛЈАНСКИ МОДЕЛ НА РЕГИОНАЛИЗАЦИЈА ..............**Error! Bookmark not defined.**

3.2.2.3.ФРАНЦУСКИ МОДЕЛ НА РЕГИОНАЛИЗАЦИЈА ................**Error! Bookmark not defined.**

3.2.2.4.СКАНДИНАВСКИ МОДЕЛ НА РЕГИОНАЛИЗАЦИЈА ......................................................77

3.2.2.5.ШПАНСКИ МОДЕЛ НА РЕГИОНАЛИЗАЦИЈА....79

**IV.ГЛАВА ИМПЛИКАЦИИ ОД ПРОЦЕСИТЕ НА ФРАГМЕНТАЦИЈА ВРЗ МИРОТ И СТАБИЛНОСТА**....83

4.1.ПРИЧИНИ ЗА ФРАГМЕНТАЦИЈА....83

4.2.ПОЛИТИЧКА ФРАГМЕНТАЦИЈА....86

4.2.1.ДИНАМИКАТА НА ПОЛИТИЧКАТА ФРАГМЕНТАЦИЈА....87

4.2.2.ПОВРЗАНОСТА МЕЃУ ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА, ДЕНАЦИОНАЛИЗАЦИЈАТА И ПОЛИТИЧКАТА ФРАГМЕНТАЦИЈА....**Error! Bookmark not defined.**

4.2.3.ФОРМИ НА ПОЛИТИЧКА ФРАГМЕНТАЦИЈА....102

4.3.АКТУЕЛНИОТ РЕГИОНАЛИЗАМ И ДЕСНИОТ ЕКСТРЕМИЗАМ....105

4.4.ЕКОНОМСКИ ФАКТОРИ НА ФРАГМЕНТАЦИЈА....108

4.5.КУЛТУРАТА КАКО ФАКТОР ЗА ФРАГМЕНТАЦИЈА....111

4.6.ПОСЛЕДИЦИТЕ ВРЗ МИРОТ И СТАБИЛНОСТА ОД ПРОЦЕСИТЕ НА ФРАГМЕНТАЦИЈА....115

**ЗАКЛУЧОК**....120

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА....125

# ВОВЕД

Трендот на глобалните движења ја промени сликата на современите држави, региони и светот во целина. Глобализацијата, како меѓусебно поврзување и интерактивна меѓузависност, на луѓе, држави и региони им донесе големи бенефити и предизвика позитивни ефекти, но постојат констатации дека глобализацијата не го прави светот рационален и побезбеден, туку нестабилен, неизвесен и опасен.

Ако се земе дека почетоците на глобализацијата се неколку века порано, (некои автори сметаат уште пред 500 години) и тоа во времето кога некои одделни народи пројавиле интерес за излез од својата локална средина, тогаш, може да се каже дека глобализација е процес, нешто што постоело и трае.

Голем број автори, како на пример Роналд Робертсон, Имануел Волерстеин, Ентони Гиденс, Урлих Бек, Дејвид Хелд, Мартин Елброу, Зигмунд Бауман, Малком Вотерс, Томас Фридман, Михаел Цирн, го анализирале значењето на глобализацијата од разни теориски аспекти и настојувале да ја објаснат нејзината комплексна мултидимензионална природа. Оттука, може да се заклучи дека се работи за повеќе динамични процеси кои се одвиваат како причина или последица на интерактивно меѓусебното поврзување во самата глобализација.

Токму затоа, се соочуваме со повеќе сфаќања за процесите на глобализацијата. Меѓу нив е и сфаќањето дека глобализацијата е нешто што на еден или на друг начин не засега сите нас. Тоа не е еден процес, туку комплекс од процеси. Тие процеси ги зафаќаат сите подрачја од општествениот живот. Испреплетени се со брзото ширење на трговските и финансиските пазари, инвестициите на мултинационалните компании, информатичко-комуникациските системи светски и локални, медиумите, туризмот, културата и др. Преку своите процеси, глобализацијата станува феномен со кој се сочуваат современите општества. Тие се претвораат во места каде далечината исчезнува, просторот

се намалува, а националните белези имаат споредно значење во однос на глобалните карактеристики.

Поради мултидимензионалната природа, глобализацијата е условена од бројни фактори кои јасно упатуваат на нејзиното значење и на промените кои се случуваат во светот.

Денешниот свет го карактеризираат брзи и динамични промени кои со себе носат нови и често непредвидливи ризици и опасности по безбедноста на државите. Распаѓањето на биполарниот светски поредок доведе до појава на нови невоени закани и предизвици за државите кои се зголемија по интензитет, простор и време. Со цел државите да стекнат одредена општествена, економска и воена предност постапуваат на непредвидлив начин и во корист на новиот поредок, кој според неолибералната теорија е познат како глобализација.

Според погоре изнесеното, постои дилемата околу проблемите или предностите кои ги носат процесите на глобализацијата. Постојат и позитивни и негативни последици кои ниту едните ниту другите не можат да се игнорираат. Генерално, значајни, видливи и мерливи се позитивните ефекти од глобализациските процеси поврзани со благосостојбата, мирот и стабилноста. Но, важно е да се напомене дека, потенцијалните негативни ефекти и опасности кои ги продуцираат процесите на глобализацијата се многубројни, разновидни и подеднакво не ги засега сите земји.

Имено, со отворањето на новите хоризонти на слобода, демократија и прогрес во светот, глобализацијата евидентно го зголеми јазот помеѓу богатите и сиромашните, општата небезбедност и социјалната несигурност. Сепак, најизразени негативни последици од глобализацијата се нејзините економски влијанија предизвикани од глобалните светски актери меѓу кои се Меѓународен монетарен фонд (ММФ), Светска банка (СБ) и Светска трговска организација (СТО).

Тие не само што не успеале во разрешувањето на економските кризи во одредени делови од светот (источна Азија 1997 година, Аргентина 2001 година,

САД 2008 година, Европа 2009 година), туку придонеле тие кризи да се почувствуваат насекаде во светот. Планетарното одвивање на економските процеси, доведе до тоа да и најмалиот економски потрес на било кој дел од Земјината топка, се претвори во економска криза од поголеми размери.

Општо земено, присутните негативни процеси на глобализацијата придонесоа за нерамномерно дистрибуирање на предностите, осиромашување на голем дел од светската популација а со тоа и зголемување на социјална несигурност и општата небезбедност.

Во иднина се очекува да се појават безбедносни импликации помеѓу земјите и народите кои се интегрирани и оние кои поради разни политички, економски, социјални причини не успеале да се вклопат во своите регионални настојувања. Овој проблем ќе претставува главна пречка за тековите на процесите на регионализација и глобализација, затоа што одредени региони ќе бидат повеќе привилегирани од останатите во регионално-глобалните случувања.

За да се објасни процесот на регионализација и неговата кулминација повеќе теоретичари се прашуваат дали регионализацијата е спротивен процес на глобализацијата или е процес кој води кон глобализацијата?

Одговорот на ова прашање води кон гледањето на регионализацијата како процес кој противтежи на државата. Тоа значи дека регионализацијата ги редуцира сите облици на моќта на државата, нејзината принуда и контрола. Поради стремежот кон глобализацијата, процесот на регионализацијата ги предизвикува државите да влезат во замка на националноста и идентитетот.

Така за сметка на интегративните процеси и подобрување на својата меѓународна позиција, државите мораат да ја релативизираат својата автономија. Сознанието за неможноста сами да се спротивстават на заканите и опасностите кои ги носи денешницата, повекето земји беа приморани сами да бараат влез во интегративните процеси посебно во системите на колективната одбрана. Таму регионализмот преку принципот „непријателот на мојот непријател е мој пријател“ тој ги обединува земјите од поблиското опкружување

во заедничка визија на опстанок и просперитет. Гледано од овој аспект, регионализацијата е реакција на процесот на глобализацијата.

Како реакција на процесот на регионализацијата и глобализацијата, односно на силниот проток на идеи, информации, капитал, добра и услуги, доведе до поголема ерозија на границите, ослабување на државите, одземање или доброволно отстапување на дел од суверенитетот на државите, наметнување на „универзалните вредности“ и „космополитски идентитет“, се генерираше контра-реакција на незадоволствата кај одредени заедници или групи. Спротивставената борба на локалното со глобалното, универзалното со партикуларното, ја разгоре тенденцијата за отцепување на малцинските заедници, зачувување на своите вредности и идентитет. Без разлика на степенот на развој на државите, речиси не постои место на Земјината топка кое не било или не е оптоварено со процесот на дезинтеграција по разни основи. Тоа доведува до фрагментација во рамките на процесот на глобализација.

Процесот на фрагментација може да биде поттикнат од различни поединечни или групни интереси. Причините за фрагментација се различни, најчесто се демографски, технолошки, геополитички, економски, социо-културни, еколошки и тн.

Но, кога се говори за процесот на фрагментација, едно од суштинските прашања кое ќе биде предмет на истражување на овој труд е дали фрагментацијата е процес или состојба која е продукт од процесите на глобализацијата ?

Живееме во свет кој истовремено се обединува-интегрира и разединува-фрагментира. Во иднина, процесот на фрагментација ќе претставува многу ризичен и контрадикторен феномен. Особено, што зголемената динамика на фрагментацијата придонесува кон се поголеми тензии помеѓу националните и транснационалните системи, комунитаризмот и космополитизмот, културите и субкултурите, универзализмот и партикуларизмот, помеѓу државите и пазарите. Секоја од овие тензии има свои варијанти и форми, во кои интегративните и дезинтегративните сили се присутни во сите глобални процеси. Покрај нив тука

се и различни групи, движења и организации кои претставуваат како тригер за фрагментација како што се терористите, сецесионистите, националистите, иредентистите, социјалните движења, движењата за човекови права и здравата животна средина. Сите тие многу често се повикуваат на националните и меѓународните организации и институции како ММФ, СТО, НАТО. Дали преку овие процеси може локалното да се наметне над глобалното? Дали оваа ранливост ќе носи се поголема нестабилност во локални, регионални и глобални размери? Кои се реперкусиите по мирот и стабилноста од процесите на фрагментацијата?

Од погоре наведеното, основен проблем на ова истражување би бил проучување на процесите на фрагментацијата и можните реперкусии врз суверенитетот и територијалниот интегритет на државите и дали светскиот поредок во 21 век води кон помирен и побезбеден свет.

Дефинирањето на предметот на истражување ќе се изведе постапно, од причина што предметот содржи повеќе подпоими кои ќе помогнат за комплетно операционализирање на проблемот. Според принципот од општото кон посебното ќе се објаснат и термините за глобализацијата, интеграцијата, регионализацијата, посебно за аспектите на фрагментацијата и нејзиното влијание врз мирот и стабилноста.

Врз основа на општиот пристап на проблемот за процесите на фрагментација во глобализацијата и аспектите и нивното влијание врз светскиот мир и стабилноста, и врз основа на веќе поставените цели на ова истражување ќе ја поставиме следнава општа хипотеза:

„Процесите на фрагментација влијаат врз општата небезбедност и несигурност врз мирот и стабилноста во светот."

Истражувањето треба да одговори и на прашањето дали влијанието на фрагментацијата во 21 век ќе предизвика безбедносни, економски и социјални последици што светот ќе го втурне во можен светски конфликт помеѓу задоволните и незадоволните од процесите на глобализацијата?

# I.ГЛАВА

# ПОИМ И ДЕФИНИРАЊЕ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА

Етимолошки поимот „глобализација" потекнува од именката„глоб- (globe) " – топка и пред сé се однесува на Земјината топка или светот како целина. Овој поим е основа за изведените од него поими како што се „global", „ globally", „globalize", „globalization" globe-wide"[1] Додека пак глаголот „глобализирање" се појавил во 1940 година заедно со терминот „глобализам", а поимот „глобализација за прв пат се сретнува во 1959 година на англиски јазик.[2]

Според Оксфордскиот речник по социологија, глобализацијата се опишува како конкретно структуирање на светот како целина а тоа значи пораст на свеста на глобално ниво дека светот е околина која континуирано се конструира". Како најконцизна дефиниција во овој речник е посочена дефиницијата на Волтерс според кого „глобализацијата" е социјален процес во кој исчезнуваат географските ограничувања на социјалните и културните аранжмани и во кој луѓето стануваат се посвесни дека таквите ограничувања исчезнуваат"[3]

Обидите да се дојде до дефиниција на поимот глобализација во научната сфера, поради огромниот дијапазон на аспекти, често дебатите не успеваат да ги надминат претходните размислувања, па границите на анализите секогаш се прошируваат. Или, како што вели Кларк (I. Clark) глобализацијата како поим се однесува скоро на сé, од Интернет до хамбургер. Термин кој не кажува ништо реално за светот денес. Употребата на овој поим предизвикува многу двосмислености и нејаснотии па некои ја отфрлаат и сметаат дека идејата за глобализација нема аналитичка вредност, други, пак ја сметаат за конечно пронајдениот концепт со чија помош може да се објасни сложеноста на светот.

---

[1] King D.A„Globalization and the World Sistem:Contenporary Conditions for the representationof identity, University of Minesota Press, Minneapolis, 1997,p.11.
[2] Solte A.J.Globalizacija: kriticki uvod.(drugo izdanje), CID 2009, str 49.
[3] Roberson R. Globalizacijata kako problem" во Vuletic V Globalizacija mit ili stvarnost, Zavod za udzbenike I nastavna sredstva, Beograd, 2003:182-213

Ширината и длабочината во дефинирањето на поимот, создава неодреденост и конфузност. Огромната комплексност на поимот глобализација е содржан во различноста во обидите на неговото дефинирање од тоа, дека претставува процес на интеграција на пазарот, државите и технологија кои овозможуваат на поединците, корпорациите и државата - нација да се распространат низ светот подалеку, побрзо, подлабоко и поевтино. Според Робертсон глобализацијата е „згуснување на светот и јакнење на свесноста на светот како целина'', додека според сфаќањето на Гиденс таа е „интензификација на широко распространетите социјални односи”.[4] Постојат цела група на дефиниции кои глобализацијата ја дефинираат претежно со економски поими, на пример за Гилпин (Gilpin) глобализацијата претставува „интеграција на светската економија” или пак МекМајкл ( McMichael) глобализацијата ја разбира како „интеграција врз темелите на проектот кој ги следи правилата на пазарот на глобално ниво”.

Некои автори процесите на глобализацијата ги поврзуваат со „општествените процеси во кои се губи географското ограничување на социјалните и културните случувања”[5] на пример како „детериторијализација - или пораст на надтериторијалните односи меѓу народите.”[6]

Потоа, за едни глобализацијата е таа која го интегрира светот, за други сосема обратно, го дезинтегрира и фрагментира. Таа во исто време означува „крај на националната држава” а за други јакнење на националната држава. Во исто време таа е нова и уникатна појава, а за други процес кој секогаш се одвивал низ историјата.

За Амартија Сен глобализацијата е прозападнување. Некои, кои се главно оптимистички расположени, глобализацијата ја посматраат како „придонес на западната цивилизација за светот”. Сé се случило во Европа, прво дошла ренесансата, потоа просветителството и индустриската револуција и тоа довело до подобрување на животните услови на Западот. И во суштина тие

[4] Илија Ацевски 2011„Глобализација идентитет евроинтеграција Скопје, Филозофски факултет, стр. 18
[5] Вотерс М.,,Глобализација(превод), Институт за демократија солидарност и отворено општество, Скопје, 2003,
[6] Solte A.J.Globalizacija: kriticki uvod.(drugo izdanje), CID 2009.

постигнувања на Западот се прошириле низ светот. Според тоа сфаќање глобализацијата не само што е позитивна, туку е и подарок од Западот на светот. Протагонистите на оваа интерпретација на историјата често ги вознемирува начинот на кој неблагодарниот незападен свет го презира и остро го критикува „непроценливото дарување на светот од страна на Западот”.[7]

Додека пак оние кои ја критикуваат, глобализацијата често ја поврзуваат со состојбите на животната средина и уништувањето на културната разноликост односно начинот на кој економскиот развој уништувачки влијае врз животната средина и комерцијализацијата на културните вредности.

Според Шива (Shiva) глобализацијата не претставува меѓукултурна интеракција на различните идентитети. Таа е наметнување на одредена култура над останатите. Таа не се стреми кон еколошка рамнотежа во планетарни рамки. Таа е грабеж што една класа, една раса го спроведува над сите останати. Во доминантниот дискурс „глобалното“ означува политички простор каде доминантниот локален субјект се стреми кон глобална контрола, при што самиот себе се ослободува од одговорноста за ограничувањата кои произлегуваат од императивите на еколошката одржливост и социјалната правда. Во таа смисла „глобалното” не претставува општочовечки интерес, тоа претставува конкретен локален парохијален интерес и култура”.[8]

Според авторите Зенделовски и Нацев[9] „глобализацијата претставува перманентен, прогресивен и повеќедимензионален, комбиниран процес на политичко економска либерализација, информатичко технолошката револуција и интернационализацијата. Таа е иреверзибилен (неповратлив), ирегуларен процес на историски тренд во континуитет кој е во постојан пораст и ширење а придонесува за зголемување на глобалноста“.

Дејвид Хелд е еден од авторите, кој посветил поголемо внимание на проучување на процесите на глобализацијата.[10] За Хелд глобализацијата

[7] Sen A., 2007. Identitet i nasilje. Iluzija sudbine. Poslovni dnevnik – Masmedia. Zagreb.
[8] Shiva, V., 2007.Globalization from below: ecofeminist alternatives to corporate
[9]Зенделовски Г. Нацев З„ Глобализацијата, мирот и безбедноста“, филозофски факултет, Скопје, 2014,
[10] Held. D.et.al.Global transformations, Politics, Economics, and Culture, Polity Press, Cambridge, 1990.

претставува комплексна појава која ја карактеризираат најмалку четири типови на промени и тоа:

а) Промени и активности за кои не постојат државни и национални граници, а се однесуваат на социјалните, политичките и економските сфери на животот на луѓето;

б) Јакнење на важноста на меѓусебната поврзаност и проток на идеи, стока, културни вредности и луѓе низ целиот свет;

в) Забрзување на глобалните процеси и нивното взаемно делување;

г) Забрзување на глобалните интеракции и флуидност помеѓу глобалното и локалното, таа значи ширење, интензификација, забрзување и зголемување на значењето и влијанието на меѓусебната поврзаност на луѓето на планетата Земја.

Тоа значи дека кога станува збор за различни, социјални, културни, економски и други процеси чија улога е да се воспостават меѓусебни врски и односи на луѓето кои живеат на голема одалеченост а припаѓаат на различни национални, етнички, културни и социјални групи.

Според Бек, станува збор за нова појава која се протега врз сите сегменти од човековиот живот, тој вели дека нови не се само секојдневниот живот и делувањето преку национално - државните граници, во густите мрежи на меѓусебната зависност и обврски, нова е и претставата за себе, нова е нетериторијалноста на заедницата, трудот и капиталот, нова е глобалната еколошка свест за опасностите, ново е неизбежното забележување на транскултурните други во сопствениот живот со сите меѓусебни противречни извесности, ново е нивото на циркулација на глобалните културни индустрии, нов е бројот и моќта на транснационалните актери, институции и договори.[11]

Новото е и она што Фридман го нарекува „лексус“, оној исконски фундаментален нагон за усовршување, просперитет и современост на начин

---

[11] Бек У.,„Што е глобализација?(превод)Тера Магика, Скопје 1997

како се појавува во денешниот глобален свет. Она што се препознава во „расцветените светски пазари, финансиски институции и нови технологии со кои денес се служиме во потрага за повисок стандард. За разлика од тоа, „маслинката” е сé она што нас нé вкоренува, закотвува и нé сместува некаде во светот, без разлика дали станува збор за семејство, заедница, племе или нација, она што го нарекуваме дом. Околу своите „маслинки” понекогаш така непомирливо се бориме затоа што тие, во најдобар случај, ни даваат чувство на самопочитување и припадност кои се исто толку важни за преживување на човекот. Меѓутоа, кога ќе се претера, опсесијата со маслинките нé води кон создавање на идентитетот, врските во заедницата кои се темелат на исклучување на другите.”[12]

Овие научни толкувања кои се однесуваат на феноменот на глобализацијата укажуваат на една недоволната јасност и прецизност на употребата на терминот и неговото значење. Како проблем се јавува тоа што не може да се говори за една генерална теорија која ќе ги опфати сите значења кои ги подразбира поимот глобализација.

## 1.1.ТЕОРИСКИ ПРИСТАПИ КОН ПРОЦЕСИТЕ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА

Еминентниот теоретичар и проучувач на глобализацијата Дејвид Хелд, направил класификација низ призма на три школи на мислења и тоа: хиперглобалисти, скептици и трансформационалисти.

Хиперглобалистите тврдат дека, глобализацијата не може да биде запрена или изменета од човекот, посебно не од традиционалните политички институции како на пример државата. Развојот на глобализацијата ќе доведе до крај на националната суверена држава, потпомогната од капитализмот и технолошко-информатичкиот напредок. На културен план ќе дојде до хомогенизација на културата и појава на глобална цивилизација.[13]

[12] Friedman, TH. 2003. Lexus i maslina. Razumevanje globalizacije. Zagreb:Izvor.str.42.
[13] Vuletic V., Globalizacija mit ili stvarnost.Zavod za udzbenike I nastavna sredstva.Beograd, 2005, str.10-11.

| | хиперглобалисти | скептици | трансформационалисти |
|---|---|---|---|
| **Што е ново ?** | Глобално доба | Економски блокови, послабо геоуправување отколку во минатите години | Ниво на глобална меѓуповрзаност без последици во историјата |
| **Доминантни карактеристики** | Глобален капитализам, глобална управа,глобално граѓанско општество | Свет кој е помалку меѓузависен отколку во 90-тите години на 19-ти век | Густа екстензивна и интензивна глобализација |
| **Моќ на националните влади** | Опаѓа или се руши | Зголемена или засилена | Реконституирана, реструктуирана |
| **Движечки сили на глобализациата** | Капитализам и технологија | Држави и пазари | Комбинирани сили на модерноста |
| **Модел на стратификација** | Ерозија на стари хиерархии | Зголемена маргинализација на југот | Нова архитектура на светскиот поредок |
| **Доминантен мотив** | Мекдоналдс, кокакола,мадона | Национален интерес | Трансформација на политичката заедница |
| **Концептуализација на глобализацијата** | Како преуредување во рамките на човековото дејствување | Како интернационализација и регионализација | Како преуредување на меѓунационални односи и дејствувања од дистанца |
| **Историски движења** | Глобална цивилизација | Регионални блокови, судир на цивилизации | Неодредена глобална интеграција и фрагментација |
| **Краен аргумент** | Крај на националните држави | Интернационализацијата зависи од поддршка на државата | Глобализацијата ја трансформира моќта на државите и светската политика |

Исто така, хиперглобалистите тврдат дека меѓународните финансиски институции (т.н недржавни економски авторитети) како што се ММФ,СТО,СБ и големите транснационални корпорации, ќе ги претворат националните економии во свои подредени единици. Моќта на државата во меѓународни рамки ќе биде минато а владите ќе имаат поголема одговорност кон наднационалните

политички, економски, институции, отколку пред своите непосредни граѓани.[14]
Табела бр. 1 Три школи на мислења**[15]**

Според Хелд скептиците не се насочени кон благодетите на глобализацијата. Авторите Хирст и Томпсон велат дека глобализацијата е мит, кој со своето влијание само ја засилува западната хегемонија. За нив глобализацијата доведе до регионализација и создавање на финансиски и трговски блокови. Ако се анализира европскиот, пацифичко-азискиот и американскиот блок, тогаш ќе се забележи дека светот повеќе се насочува кон регионализација и интернационализација отколку кон глобализација. Очигледно, глобализацијата одговара само на земјите од Западот, преку кој стекнуваат огромен профит.[16] Националните држави и нивните граници се многу важни за скептиците. Затоа што глобализацијата носи само дезинтеграција, поголема нееднаквост низ континуиран процес на зголемување на економско-социјалните разлики помеѓу Северот и Југот.

За скептиците, историските податоци во најдобар случај говорат само за порастот на нивото на интернационализација, односно интеракција помеѓу доминантните економии, а не за глобализација, под која скептиците подразбираат перфектно интегрирана светска економија во која преовладува „законот на една целина”.[17]

Претставниците на третата школа Гиденс, Розенау и Шолте, се обидуваат да докажат дека глобализацијата е реален , неизбежен, комплексен феномен, кој води кон интеграција но секако и кон дезинтеграција, односно кон соработка но и кон судири и конфликти.[18]

Како и другите трансформационисти, тие не ја исклучуваат потребата од глобално управување, но со замена на постоечката општествена структура со нова во која државата ќе биде активен чинител кон прилагодувањето на новиот

---

[14] Pecujlic M.Globalizacija-dva lika sveta, Gutenbergova galaksija, Beograd, 2005, str.10
[15] Held D.et.al.Global transformations, Politics, Economics, and Culture, Polity Press, Cambridge, 1990, p.10
[16] Мекгру Е.,„Глобализацијата и светската политика“ во Глобализацијата и светската политика:вовед во меѓународните односи,Табернакул,2009,стр14-33
[17] Hirst and Thompson, ,;2002..The Future of Globalization.
[18] Held D. debate o globalizacii во Vuletic V., Globalizacija mit ili stvarnost.Zavod za udzbenike I nastavna sredstva.Beograd, 2005.стр.48-60.

концепт каде нема да има јасна поделба на националното и наднационалното, односно внатрешни и надворешни работи.[19] Класификацијата на Хелд[20] која во голема мера го поедноставува пристапот на најголемиот број од оние кои се занимаваат со проблемот на глобализацијата во смисла на значењето кое и го припишуваат и на која школа на мислење припаѓааат. За хиперглобалистите таа е одредена како нова епоха во човечката историја во која традиционалните национални држави постануваат неприродни, дури и неодржливи економски единици во глобалната економија.

За разлика од скептиците и хиперглобалистите, трансформационистите го бранат ставот за глобализацијата како централна движечка сила која се наоѓа во позадината на брзите општествени, политички и економски промени кои ги преобликуваат модерните општества и светскиот систем.[21]„Наместо традиционалната пирамидална светска социјална структура со стеснет горен слој и широка масовна база, глобалната социјална структура може да биде претставена во облик на три реда на концентрични кругови кои ги пресекуваат националните граници и кои ги претставуваат елитните, средните и маргинализираните слоеви".[22] Во однос на сфаќањето за улогата на државата се брани ставот дека современата глобализација ја реконструира или повторно ја создава моќта, авторитетот и функцијата на националната држава.

### 1.1.1.ПОЗИТИВНИ И НЕГАТИВНИ АСПЕКТИ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА

Во научната мисла, мултидимензионалната природа на глобализацијата е условена од бројни фактори кои јасно упатуваат на нејзиното значење и на промените кои се случуваат во светот. Производите, услугите и информациите се достапни за секого на земјината топка. Таквото поврзување кое се однесува

[19] . Solte A.J.Globalizacija: kriticki uvod.(drugo izdanje), CID 2009.,str.41-45
[20] Held.D.,Demokratija I globalni poredak:Od moderne drzave ka kosmopolitskoj vladavini.Filip Visnic, Beograd,1997.
[21] Gidens F,.Sociologija (cetvrto izdanie) Ekonomski fakultet, Beograd, 2007 1998, 2001, 2002, 2003; Castells, 1999; Шолте, 2008
[22] Hoogvelt, Ankie, 1997, Globalisation and the Postcolonial World, Basingstoke: Macmillan.Horsman/Marshall 1995 Horsman, M. and Marshall, A., After the Nation-State: Citizens, Tribalism and the .\«t' World Disorder, London: HarperCollins, 1994.

на целата земјина топка асоцира на именката „globe“ (во англискиот јазик датира уште од петнаесеттиот век и означува топчест приказ на планетата Земја) па затоа велиме „глобално поврзување“. Индивидуалните потрошувачи се глобално ориентирани, со тоа што гледаат исти ТВ-станици, прифаќаат ист или сличен начин на живот и производи, независно од која земја потекнуваат или живеат. Мрежите на медиумите и нивните културно-образовни производи го освојуваат светот. Преку забавните емисии, документарните, уметничките, сапунските опери, музичките хитови, филмовите и слично, ги преминуваат границите на географските простори, менувајќи ги локалните контексти..

Зголемената меѓузависност и економско интегрирање се покажа како предност за некои земји кои ја напуштија долгогодишната изолација и се приклучија кон глобалните регионални и меѓународни институции како што се Европска унија (ЕУ), Меѓународен монетарен фонд (ММФ), Светска банка (СБ) и Светска трговска организација (СТО).

Оваа слика се комплетира и надополнува со сликата на современите односи меѓу државите, регионите и светот во целина, а многумина експерти велат дека економските аспекти на глобализацијата се највидливи, притоа мислат на четирите облици на размена: проток на добра и услуги, луѓе, капитал и технологија.

Генерално значајни, и конечно мерливи се позитивните ефекти од глобализациските процеси поврзани со благосостојбата, мирот и стабилноста, а тоа се : поврзување на националните компании во глобална меѓузависна мрежа; пораст на демократијата што овозможува општ поредок и поголем животен стандард; намалување на сиромаштијата; здравствената заштита, образованието, квалитетот на животот со унапредување на слободата на индивидуата; универзализација на човековите права и слободи; зајакнување на меѓукултурните врски и разбирање помеѓу народите што влијае на безбедноста

и мирот; климатските промени, пандемиите и другите заеднички вредности и одговорности.[23]

Со отворањето на новите хоризонти на слобода, демократија и прогрес во светот, глобализацијата евидентно го зголеми јазот помеѓу богатите и сиромашните, општа небезбедност и социјална несигурност. Таа доведе до разурнување на традиционалните вредности, уништување на животната средина и интернационализација на одредени ризици и опасности меѓу кои се : меѓународен тероризам, организиран криминал, вооружени конфликти, илегална миграција, илегална трговија со луѓе, илегална трговија со дрога, оружје, закана од употреба на оружје за масовно уништување и други.

Нерамномерната распределба на финансиите и богатствата предизвикуваат поголема дезинтеграција и поделеност на луѓето, државите и регионите во светот. Јазот помеѓу оние што имаат и оние што немаат е во постојан пораст. Од една страна лицето на глобализацијата е обоено со боите на развој и просперитет на пример во САД и ЕУ, а од другата страна е обоено со боите на сиромаштијата, политичка и воена нестабилност на пример Средниот Исток, Северна и Субсахарска Африка и др.

Општо земено, присутните негативни процеси на глобализацијата придонесоа за нерамномерно дистрибуирање на предностите, осиромашување на голем дел од светската популација а со тоа и зголемување на социјална несигурност и општата небезбедност.

Очигледните негативни последици од глобализацијата покрај безбедносните, секако дека се нејзините економски влијанија предизвикани од глобалните светски актери меѓу кои се Меѓународен монетарен фонд (ММФ), Светска банка (СБ) и Светска трговска организација (СТО). Токму затоа поранешниот заменик државен секретар на САД Строуб Талбот вели дека „глобализацијата за неколку милиони луѓе значи голема слобода и просперитет,

---

[23] Зенделовски Г. Нацев З„ Глобализацијата, мирот и безбедноста", филозофски факултет, Скопје, 2014, стр.43

додека за други неколку милиони луѓе, претставува процес кој води кон економска неправда, неизбалансираност и социјални ерупции“.[24] Еден од основачите на истражувањата на културната глобализација, Роналд Робертсон потенцира дека глобализацијата секогаш вклучува во себе и процес на локализација. Или, глобализацијата не значи само „делокација“ туку и „релокација“. Во смисла никој не може да пласира глобално, а притоа да не развива локални врски. Но и обратно, локалните производи, култури, системи, со примена на нови форми на технологии и вредности, ја надминуваат конзумноста на локалното па мора да се бара пласман кон глобалното.[25]

Локалното мора да се сфати како аспект на глобалното, каде истите не се исклучуваат меѓу себе туку напротив се испреплетуваат во една целина.Токму затоа, Робертсон предлага заменување на концептот на културна глобализација со „глокализација“, како комбинација на зборовите „глобално“ и „локално“.

Роланд Робертсон вели дека „ процесот на глобализација е невозможно да се сопре, но е можно да се забави, а негова сопирачка е процесот на глокализација, преку кој се спречува потполн и целосен хомонизациски ефект на глобализацијата“.[26]

Ваквата кованица, служи за методолошка прагматична употреба каде глобализацијата изгледа дека има супер-димензија и опфаќа се и сешто, но може да се сврти и кон малото, конкретното и посебното. На пример, ако се земат човековите права како универзална вредност, и тие во секоја култура се прикажани како универзални права, но во исто време често се интерпретирани на различни начини, според конкретниот контекст на просторот каде се применуваат. Или кога глобализацијата се сфаќа како процес на концентрација и централизација на капитал, моќ, информација, знаење, здравје, па и одлучување, истиот процес генерира и децентрализација. Локалните, поточно, транслокалните заедници се здобиваат со можност за влијание за оформување

---

[24] Talbott Strobe., Globalization and Diplomacy.A Practitioner’s Perpective,Foreign Policy Fall 1997.
[25] Roberson R. Globalizacijata kako problem“ во Vuletic V Globalizacija mit ili stvarnost, Zavod za udzbenike I nastavna sredstva, Beograd,
[26]Интервју со Р. Робертсон.достапно на htpp/www.biznis.ba/index.php?option=com_content&task=view&id=46268&itemid=55.22.10.2008

на сопствени општествени простори во локален контекст-национален. Националните држави ги имаат сите механизми и можат да се одвојат од надворешниот свет. Но можат и да се определат за активен однос кон глобален контекст на поврзување, взаемни врски, дијалог, интегрирање.[27]

Исто така, Печујлиќ[28] говори за противречниот карактер, двојната улога или парадоксите на глобализацијата, за нејзините два лика. Едната страна е нејзината творечка улога со хуман лик, односно со демократска форма, а другата страна е темна и деструктивна, со нехумана и авторитарна форма, која е плод на интересите на доминантното милитантно крило на глобалната елита на моќ, пред сé на САД. Оваа димензија или страна на глобализацијата е доминантна и таа е извор на многу противречности и судири во светот, и води кон „ светско ризично општество”. Според сфаќањето на Бек, или според согледувањето на Фридман (Frideman) најголемата закана за глобализацијата претставува самата глобализација, која во себе го содржи семето на сопствената деструкција, затоа што се создава состојба на голем број губитници, со што го доведува целиот систем под закана. Единствениот можен излез од негативните состојби е демократизацијата на глобализацијата, односно освојување на нејзиниот хуман лик.[29]

## 1.2.ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА КАКО ПРОЕКТ ИЛИ ПРОЦЕС

За да се конкретизираат појавните облици на глобализацијата, меѓу кои се и интеграцијата, регионализацијата и фрагментацијата треба да се одговори на прашањето, дали глобализацијата е појава со идеолошка конструкција, проект дизајниран од страна на влијателни општествени и социјални групи или пак е термин кој се однесува на континуиран историски процес ?

[27] Ацесски И „Глобализација идентитет евроинтеграција: Филозофски факултет, Скопје 2011 стр15-24.
[28] Pecujlic M.Globalizacija-dva lika sveta, Gutenbergova galaksija, Beograd, 2005..
[29] Исто.

Доколку е проект, таа би била од привремен карактер, со прецизно дефинирана постапка и цел за создавање на нова содржина и производ. Тоа значи дека, „проектот“ со исполнување на поставената цел, завршува на конкретен датум. Но ако се работи за „процес“ тогаш мора да има хронолошки тек на настани и појави кои се случуваат по природен пат.

Имајќи предвид дека глобализацијата низ својата мултидимензионалност и комплексност доведе до фундаментални промени што ги зафаќа и непосредно влијае на политичката, економската, социјалната, геостратегиската, културната, безбедносната, научната, технолошко-информатичката, еколошката и другите сфери на општествениот живот, не е лесно да се дојде до конкретен заклучок. Особено што промените влијаат и на другите фактори како што се нееднаквоста, сиромаштијата, болестите, животната средина, мирот, стабилноста, конфликтите и војната.

Доколку глобализацијата се однесува на прогресивната светска интеграција и поврзување на различни простори-делови од светот, и ако преку тоа се гледа на светска доминација, тогаш се работи за идеолошка борба. Тогаш, целиот свет е поважен отколку поединечни држави, а приматот е на глобалното над локалното, а интересите на меѓународните финансиски институции и светските политички центри се над националните интереси.[30]

Но сепак се работи за појави кои се ставени во контекст на времето и просторот, односно во некаква хронологија и историја. Анализирајќи ја глобализацијата низ историски контекст, може да се заклучи дека таа има долга и драматична историја. Еволутивната линија не се движела рамномерно и праволиниски, туку имало прекини кои го попречувале развојот. Независно од тоа, процесите на глобализацијата се развивале од најстарите човекови групи преку архаични империи, па се до денешното глобално општество.

Кон крајот на XX век, зборот глобализација ретко се употребувал во академските кругови и во секојдневните комуникации, па во таа смисла Ентони

[30] Markovic M. Globalizacia I globalizam, Beograd (2004):27-43.

Гиденс истакнува дека „глобализацијата дојде од никаде за да биде за секаде". Токму тоа присуство насекаде во светот ја прави глобализацијата многу популарна тема која е клучна во објаснувањето и толкувањето на времето во кое живееме. Тоа е време на големи општествени промени кои се одвиваат тука и силно влијаат на современиот човек. Затоа, денес овие процеси се клучна карактеристика на општествениот живот.

Токму поради комплексната природа на глобализациските процеси се претпоставува дека сите сме добро информирани, за нештата кои директно не засегаат и на кои можеме свесно да дејствуваме. Но, за да ги сознаеме широките можности на овие процеси, неопходно е да го објасниме нивниот развој низ историјата.

Многумина историчари сметаат дека за почетокот за глобализацијата може да се земе првото пловење околу планетата Земја во периодот од 1519 - 1521 година.[31] Некои почетоци на глобализацијата ги врзуваат за откривањето на Америка, од страна на Кристофер Колумбо. Голем број автори се согласуваат дека глобализацијата не е ништо ново. Станува збор за стар процес, кој започнал во доцниот XVIII век. Во тоа време кога светот го зафатиле големи промени, при што капитализмот и индустријализацијата станале главни општествени сили кои го обликувале општеството, придружени со експоненцијалната брзина на општествените промени.[32]

Кон овие концепции треба да го спомeнеме и Комунистичкиот манифест на Маркс и Енгелс, во кој се истакнува дека „со експлоатацијата на светскиот пазар, буржуазијата му даде космополитски карактер на производството и потрошувачката на сите земји". За голема жалост на реакционерите таа и ја „истргна од под нозе" националната почва на индустријата. Најстарите национални гранки на индустријата се уништени и секојдневно се уништуваат. Нив ги потиснуваат нови индустрии кои мораат да ги воведуваат сите

[31] Mazlish,,1993.Introduction to Conceptualizing Global History, edited by Bruce M. and R. Buultiens 1-26 Bboulder, CO Westwew Press.
[32] Hirst, Paul. 1999. "Can the European Welfare State Survive Globalization?

цивилизирани нации, индустрии кои повеќе не преработуваат домашни суровини, туку суровини што доаѓаат од најоддалечените области, и од кои се изработуваат такви производи што се трошат истовремено  во сите делови на светот. На местото на старата локална и национална самодоволност и оградeност стапува сестраниот сообраќај и взаемната зависност на нациите. Преку овој пасус се потврдува дека глобализацијата е стар и општо територијален процес кој е реален а не наметнат како што сметаат некои автори.

Авторот Имануел Волерстин, почетокот на глобализацијата го поврзува со капиталистичкиот светски систем до почетокот на колонијализмот во XVI век. Тој смета дека во историскиот поглед на светската системска теорија, светот станува се повеќе глобално структуриран, благодарение на експанзионистичката природа на капитализмот. Волерстин, ја прифаќа идејата дека на прво место се политичките цели, што било и случај кај империите.[33] Тие имале политички центар кој понатаму се ширел кон периферијата и со тоа ширење ги правело империите главни актери на тогашните глобализациски процеси. Но, во Средниот век, се јавува капиталистичката економија која се наметнува како главен глобализатор без разлика на политичкиот центар и се ширела насекаде во периферијте на државите. Во суштина, колонијализмот не е ништо друго, туку  првиот индустриски капиталистички бран на глобализацијата.

Интересна е и периодизацијата на Роналд Робертсон[34]  во поглед на развојот на глобализацијата. Таа се остварува низ целиот тек на развојот на модерноста, почнувајќи од нејзините први појави во рамките на традиционалните општества па до денес. Нејзиниот тек, Робертсон го претставува преку една скала која вклучува пет фази:

**Првата фаза** на р`тење, која се остварува во Европа од раниот XV век до средината на XVIII век. Почнува растот на националните заедници и опаѓањето

[33] . Ташева, Марија.1999.Социолошки теории. Скопје:Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ стр.448-449.
[34] Robertson R., Globalization, London, Sage, 1992.

на средновековниот транснационален систем, расте значењето на католичката црква, добиваат нагласка индивидуалноста и идеите на хуманоста, хелиоцентричниот систем го заменува геоцентричниот систем, се проширува грегоријанскиот календар;

**Втората фаза** се остварува главно во Европа од 1870-та година преку насочување кон идејата за хомогена, унитарна држава; кристализација на поимите што ги формализираат интернационалните односи кон индивидуите како граѓани и како членови на општеството. Истовремено растат конвенциите и агенциите во врска со интернационални и транснационални регулации и комуникација, меѓународните изложби, почетокот на примањето на неевропските општества во интернационалното општество, како и актуелизација на интернационализмот.

**Третата фаза** е полетната фаза, која трае од 1870 до 1920 година. Во нејзините рамки глобализациските тенденции од претходните фази се концентрираат на четири точки тие се: националните општества, генеричките индивидуи, интернационалното општество и унифицираната концепција за човештвото. Почнува тематизацијата на проблемот на модерноста, на националниот и личниот идентитет, вклучување на членови на неевропските општества во интернационалното општество, интернационална формализација и намерна имплементација на идеите на хуманоста; глобализацијата на ограничувањето на емиграцијата, брз развој и раст на формите на комуникацијата, раст на економските движења и глобални натпревари како што се Нобелова награда, Олимписки игри, имплементација на светско време и речиси глобална употреба на грегоријанскиот календар, почетокот и крајот на Првата светска војна.

**Четврта фаза** ја претставува борбата за хегемонија, која трае од 1920 до доцните 60-ти години на минатиот век, каде со воспоставување на Лигата на народите подоцна и Обединетите нации, воспоставување на принципот на национална независност во однос на конфликтни, како и концепции во тој период (Сојузи и Оски), следени од јакнење на Студената војна, природата и

факторите на хуманоста (фокусирани околу Холокаустот и употребата на атомската бомба), но и појавување на т.н. Трет свет.

**Петта фаза** е фазата на неизвесност, која почнува во доцните шеесети години и ги опфаќа кризните тенденции на 90-те години на 20 век. Оваа фаза се карактеризира со јакнење на глобалната свест, слетување на месечината, нагласување на постматеријалистичките вредности, крај на Студената војна, правото на пристап кон нуклеарно и термонуклеарно оружје, раст на глобалните институции и движења, нагласено забрзување на средствата за глобална комуникација, растечко соочување на општествата со проблемите на мултикултурноста и полиетичноста; вклучување на концепциите на индивидуалноста, на полот, етничките и расните разгледувања.Понатаму фокусот е кон граѓанските права како глобален проблем; крај на биполарноста; раст на интересот за светското општество и светското граѓанство наспроти етничката револуција, консолидација на систем на глобални медиуми; еколошките проблеми.[35]

Еден од авторите кои процесот на глобализацијата го поврзува со процесот на модерноста е и Ентони Гиденс. Тој смета дека глобализацијата е една од основните последици на модерноста.[36] Имено, тука глобализацијата се поврзува со Западот и неговите институции во целиот свет кои имаат голема моќ при што ги слабеат локалните култури и идентитети.

Кон овие фази за процесите на глобализацијата се и сфаќањата кои се однесуваат на формите кои глобализацијата ги имала во текот на својата историја. Тоа се партикуларните форми на глобализацијата кои меѓусебно се разликувале во одделните историски епохи. Токму за историските форми на процесите на глобализацијата пишува Дејвид Хелд. Во овој контекст, Хелд историските форми на глобализацијата ги поврзува со : социотемпорални и организациски димензии кои се глобално поврзани во посебни историски епохи. Социо-темпоралните димензии се однесуваат на ширењето на глобални мрежи,

---

[35]Robertson, Roland. 1990. “Mapping the Global Condition: Globalization as the Central Concept.” In Mike Featherstone, ed., Global Culture: Nationalism, Globalization and Modernity. London: Sage p.53.
[36] Gidens, E. 1998. Posledice modernosti. Beograd: Filip Visnjic.:166.

јаки глобални меѓузависности, брзина на глобални текови и влијание. Додека пак, организациските димензии претставуваат специфични форми составени од инфраструктура на глобализацијата, институционализација на глобалните врски и примена на сила, глобална стратификација и глобална интеракција. Ваквата анализа на формите овозможува, тие да ја детерминираат состојбата на глобализацијата во секоја епоха.[37]

Додека, Томас Фридман, почетокот на процесите на глобализацијата ги објаснува со падот на сите ѕидови во светот и крајот на Студената војна што ја направија возможна ерата на глобализацијата. Тој констатира :„светот на Студената војна беше како пространа едноличност, цик-цак поделен од бедеми, ѕидови, канали и ќорсокаци. Зад овие бедеми и ѕидови, земјите наоѓаа многу места за криење и зачувување на сопствената уникатна форма на живот, политика, економија и култура. Тоа што ги разнесе сите ѕидови беа трите суштински промени, а тоа е начинот на комуникацијата, начинот на инвестирање, и начинот како учиме за светот.[38]

Може да се констатира дека и покрај разликите во датирањето на почетоците и облиците на глобализацијата, таа е сепак, карактеристика на модерната епоха. Меѓутоа како процес својата кулминација ја доживува во сегашноста. Во таа смисла, Урлих Бек, наведува неколку процеси во кои денес глобализацијата доаѓа до израз, а тоа се : географската експанзија и зголемената густина на интернационалната трговија и глобалната вмреженост на финансиските пазари и пораст на моќта на транснационалните компании, информатичката револуција и комуникациската технологија, универзалната побарувачка на човекови права и демократски принципи, глобалната културна индустрија, растење на моќта на постнационалните полицентрични светски политики во кои транснационалните учесници растат истовремено со владите, прашањето за глобалната сиромаштија, глобалното уништување на животната средина и транснационалните конфликти.[39]

[37] Held.D.,Demokratija I globalni poredak:Od moderne drzave ka kosmopolitskoj vladavini.Filip Visnic, Beograd,1997.
[38] Friedman, TH. 2003. Lexus i maslina. Razumevanje globalizacije. Zagreb:Izvor.54-55.
[39] Бек У. „Што е глобализацијата“?- превод Тера Магика, Скопје,1997.

Американскиот социолог Мартин Елброу глобализацијата ја поврзува со последните децении на XX и почетокот на XXI век, тоа е периодот кога започнува процесот на т.н „ глобална епоха“.

**Табела 2: Четири фази на развојот на глобализацијата** [40]

| Фаза | Период | Поттик | Карактеристики |
|---|---|---|---|
| Прва фаза | 1830–1890 | Железничките и прекуокеанскиот транспорт | Автоматизирано производство, машинерија, меѓугранична трговија |
| Втора фаза | 1900–1930 | Електричната енергија и производство на челик | Појава на Европската и Американското производство и извозните индустрии |
| Трета фаза | 1948–1970 | GATT< крајот на Втората Светска Војна | Напори да се редуцираат бариерите на трговијата. Пораст на јапонските мултинационалисти и брендирани продукти |
| Четврта фаза | 1980 – до денес | ИКТ, автоматизација, консултација, приватизација | СДИ, растот на нафтата, технолошките и транспортните иновации, глобални медиуми и брендирање |

Од претходново може да заклучиме дека  глобализацијата која има долга историја и претставува отелотворување на посебниот антрополошко – цивилизациски код, како вид на фасцинантна еволуција која води од првите

[40] Stiglitz, J. (2002) Globalization and its Discontents. London: Allen Lane.

осамени групи на хуманоиди преку архаичните империи до модерниот светски поредок. Тоа е процес што трае, и во неговата содржина има многу испреплетени процеси кои интерактивно делуваат помеѓу себе.

Сепак, мора да се напомене дека крајот на блоковската поделеност на светот и триумфот на Западот, го означува период на интензивно забрзување, односно ера на турбо-глобализацијата.

Денес, глобализацијата создаде целосна меѓузависност меѓу националните економии и ги поврза во мрежа економските, социјалните и политичките врски. Желбата за профит како главен двигател на капиталот, создаде светски пазар во кој што се елиминирани царините и квотите, а и еврото стана заедничка валута на најголемиот дел европски земји, при што се донесоа меѓународни законски регулативи, се востановија меѓународни стандарди во повеќе економски гранки и се заврши имплементирање на новите законски норми.

Економијата, како крвоток на светот, води кон погуста мрежа на поврзаност и меѓузависност. Поизразена е надмоќноста на транснационалните економски сили – мобилниот финансиски капитал и корпорацијата над локалните економии и држави. Исто така интернетот претставува симбол на информатичката еволуција и револуција.

## 1.3.ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА И ПРОЦЕСИТЕ НА ИНТЕГРАЦИЈА

Суштината на интеграцијата како процес е поврзан со целокупното општествено делување на човекот во рамките на еден систем, територија, простор и слично. Управувањето со сопствените ресурси кои често се ограничени, нивниот избор, нивната алтернативна употреба и нивното рационално користење, било и останало најсериозниот проблем во човековата историја. Овој исклучително комплексен однос меѓу неограничените потреби и желби на луѓето, од една страна, и ограниченоста на ресурсите, од друга страна, е предмет на изучување на повеќе науки од повеќе аспекти, во чиј фокус

се човекот и неговиот однос спрема ресурсите и добрата, на чие, пак, користење се засновуваат неговиот опстанок и општ напредок на човештвото низ вековите.

Поради нееднаквата територијална разместеност на природните ресурси, различната географска положба и различните климатски услови, различните култури на живеење, задржувањето на сопствените обележја и идентитети, постоењето на државните граници, различното ниво на развиеност и различната стопанска структурираност, од огромен интерес и потреба за опстанок и развој на секоја држава е да се остварува што поголема размената со другите земји. Тоа е и основната причина за потребата од динамизирање и продлабочување на меѓудржавните, меѓународните економски и други односи.

Развојот на меѓународната соработка и поинтензивното вклучување во меѓународните односи заради бенефициите, користа што таа соработка ја носи (интеграцијата, поврзувањето наспроти изолацијата) неоспорен е интересот на секоја земја што претендира да остварува подинамични стапки на економски развој и да обезбеди попросперитетна иднина.

Поради ограниченоста на домашниот пазар многу земји, особено помалите и недоволно развиените, не се во можност да ги искористат предностите на своите природни богатства. Секако економските интеграции претставуваат силен мотив за глобализација и истите имаат различно влијание на интензитет во одделни региони во светот. Економските интеграции претежно се одвиваат помеѓу високоразвиените земји кои придонесуваат за брзината, темпото и развојот на интеграцијата, што не е исто и со послабо развиените замји.[41]

Продлабочувањето на економските врски со светот е императив на секоја земја во транзиција, особено на малите и економски недоволно развиени економии и треба да претставува клучна содржинска одредница на нивните реформски процеси. Упатеноста на меѓународна трговска размена и нивната вклученост во глобалните текови на светскиот пазар се значаен чинител во

[41] Попович Т.Г.Криза глобализације и/или глобализација кризе,Бесјела, Бања Лука,2003 стр.137.

мобилизацијата на потребните ресурси за нивен подинамичен економски пораст, односно за негово повисоко одржливо ниво.

Меѓународната соработка, и потребата од продлабочување на меѓународните односи, имаат се позначајна улога за развојот на секоја поединечна земја, и тоа не само од аспект на потребата за зачувување на мирот и на безбедноста, благосостојбата, туку и поради неопходноста и потребата од размена на материјални и духовни добра, научни и технички откритија, економска, техничка и друга соработка во рамките на меѓународната заедница.

Неодминливата реалност е интегрираноста на современите држави во светските економски текови. Нивната глобализираност не е веќе прашање на избор, туку се наметнува како единствен пат на сопствен развој и приклучок кон светските текови и трендови. Оваа неодминливост е до толку поголема, доколку станува збор за мали стопански слабо развиени земји и мали економии чиј висок степен на интегрираност во светската економија е еден од основните предуслови за нивен забрзан економски пораст.

Но, не само помалите и помалку развиените земји туку и големите и економски силните земји ја истакнуваат потребата за јакнење на меѓународните економски односи. Секоја водена од своите специфични интереси, за отстранување на сите ограничувањата, и создавање единствено светско стопанство, меѓусебно поврзано преку единствениот светски пазар и поразвиените облици на меѓусебна соработка.[42]

[42] Душан Вељковиќ „Основни карактеристики на современите меѓународни економски односи“, Економски факултет, Скопје , 1978.

# II.ГЛАВА

# ПРОЦЕСИТЕ НА ИНТЕГРАЦИЈА И РЕГИОНАЛИЗАЦИЈА ВО СОВРЕМЕНИТЕ УСЛОВИ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈА

Интеграцијата подразбира неопходност од прифаќање на заеднички вредности, и зацврстување на солидарноста помеѓу одредени групи кои завземаат различни места во општествата. Интеграцијата било тоа да е економска, политичка, социо-идеолошка, претставува објективен процес, кои ги регулира и свесно ги усмерува политичките елити а посебно партиите на власт. Тој процес најмногу зависи од лидерството а карактеристичен е за земјите во транзиција. Искуствата на земјите кои успешно управувале со процесот на интегрирање, имаат двоен бенефит. Како прво имаат пристап до меѓународните извори на капитал за зголемување на сопствената инвестициска активност и развој и второ, можност за диверзификација на постоечките ризици. Бенефитите од интеграцијата, во најголем дел се индиректни, како на пример, здобивање на нови знаења и технологии, подобрување и алокација на ресурсите и зајакнување на сопствениот финансиски сектор. Добро интегрираната држава е онаа во која најважните општествени вредности се широко прифатени од сите општествени групи и слоеви. Воедно постои консензус за основните политички цели и вредности, каде припадниците на државата се релативно задоволни од својот личен развој и благосостојба, од нивната улога и надокнада (без разлика дали е економска, политичка, статусна и слично).[43]

Процесите на интеграција во современите услови на глобализација на неколку начини го доведоа во прашање легитимитетот на националната држава. Прво, во рамките на државата, како политичка заедница се отвори прашањето за познавање на идентитетот, но во исто време, се отвори и прашањето за економска и за политичка интеграција и реинтеграција. Се формираат регионални заедници, на микро и макро ниво, како што е Европската унија.

[43] I.Pantelić,V.Pavićević,V.Petrović.G.Milovanović.” ASPEKTI GLOBALIZACIJE”.Pojmovnik globalizacije. Beogradska otvorena škola str 109.

Проблемот кој се поставува е поврзан со идентитетот, меѓу останатите критериуми за формирање на политичка заедница, како што се територијата, населението, власта и управувањето. Но за да се реши прашањето за легитимација на заедницата, која и колку да е демократска не може да биде доволен услов. Ставот на Кимличка е дециден во тој поглед, кој вели дека искуството на западните демократии нé учи дека институционализацијата и консолидацијата на либерално демократските норми не го редуцира значењето на етнокултурните идентитети во општеството.[44]

Верувањето дека етничките проблемите ќе бидат надминати кога ќе се решат проблемите на економски и социјален план или кога во доволна мера ќе завладее правото, се покажа дека не е вистина. Сфаќањето на историјата може да предизвика раздор, поделби и огорченост меѓу националните групи, а не извор на национална гордост. Државите на Балканот се преполни со такви примери. За Ернес Ренан „националниот идентитет понекогаш вклучува истовремено заборавање и паметење. Градењето на чувството на заеднички идентитет во една мултинационална држава и веројатно наложува поселективно паметење“.[45]

Ако заедничките вредности не се доволни како и заедничката историја, кои се разбира, помагаат во одржувањето на солидарноста во една мултиетничка држава, но, сепак тие не се доволни. Тогаш се поставува прашањето што е суштинско за остварување и градење на една мултиетничка држава? Според Кимлика, одговорот е во прифаќањето, а не во подредувањето на националните идентитети.

Луѓето од различни национални групи ќе споделуваат заедничка припадност кон пошироката држава, но само доколку тие на неа гледаат како во рамките на кој нивниот национален идентитет ќе се негува, а нема да се подредува.[46]

---

[44]Kymlicka. Habitus,:според: Vujcić, 2002: Contemporary Political Philosophy: An IntroductionBy Will Kymlicka, Canada Research Chair in Political Philosophy Will Kymlicka.p.90.
[45] Kymlicka, W. (2004). "Nation-Building and Minority Rights: Comparing Africa and the West." In Ethnicity & Democracy in Africa, edited by B.Berman, P. Eyoh and W. Kimlicka, Oxford,
[46] Исто, 306,307.

Од анализата на Кимлика се поставува и следново логичко прашање, што е потребно за да се создадат услови за единство и хармонија во едно мултиетничко општество. За него одговорот е недвосмислен, односно потребна е идеја за заеднички идентитет. Тој не произлегува, или него не го формира концепцијата на заедничка правда, на која се повикуваат претставниците на политичкиот либерализам на чело со Ролс. Ставот на Кимлика за значењето на идентитетот, како еден од суштинските елементи кој го формираат легитимитетот на политичката заедница го застапува и Роберт Дал, кој тоа го надополнува и со формирањето на политичката култура, која треба да им даде потпора на институциите, и која се создава подолго време.

За политичките одлуки да бидат прифатени целосно на ниво на регион како што е ЕУ, ќе биде потребно да се изгради некој вид на заеднички идентитет кој ќе биде еквивалентен на заедничкиот идентитет во постоечките демократски земји. Во општествата во кои не постои заеднички граѓански идентитет кој ги поврзува или ги трансцендира различните групни идентитети, политиката веројатно ќе биде редуцирана на „modus vivendi“ ( начин на живот), меѓу групите кои едвај меѓусебно се толерираат, а камоли да соработуваат.[47] Проблемот е како да се дојде до тој заеднички идентитет, во рамките на државата каде што постојат повеќе посебни идентитети, поврзани со религијата, етносот, културата и слично.

Авторот Кимлика го наведува Тејлор, за кого смета дека расправата ја насочува во вистинска насока. Имено, општеството засновано на „голема разновидност” има слаби изгледи да остане стабилно „доколку луѓето не ја ценат самата разновидност и доколку не сакаат да живеат во земја со разновидни форми на културна и политичка припадност”.

Чувството да се биде посебна нација во рамките на една поширока држава делува дестабилирачки, исто како што и отфрлањето на правото за автономија, кое предизвикува огорченост и желба за отцепување.

[47]: Kymlicka. Habitus,:според: Vujcić, 2002: Contemporary Political Philosophy: An IntroductionBy Will Kymlicka, Canada Research Chair in Political Philosophy Will Kymlicka.p 93.

Фундаменталниот предизвик со кој се соочува либералната демократија е всушност потрагата по заедничките извори за единство.

Во тој контекст расправите се претвораат во расправи за мултикултурализмот и за групните права. Значењето на територијата се менува како резултат на функционалните трансформации во државата и интернационалните системи. Според Китинг, ова им овозможува на националистичките движења во Западна Европа да го прифатат „новиот регионализам" кој ветува територијални основи за самоуправување, но без ексклузивна конотација на територијалната контрола во смисла на класичната националистичка доктрина. Новата регионалистичка парадигма ги опфаќа функционалните промени, градење на институциите, и нови правила на концептуализација на територијалната политика.

Понатаму, најважен аспект е како ефикасно да функционира економскиот систем и да се обезбеди економски развој во конкуренција со светскиот и со европскиот пазар. Некои функции на класичната држава се тргнати во втор план, бидејќи е најважно како да се обезбеди претприемништво и брза адаптација кон општите текови на развојот. Искуствата од повеќе региони во Европа може да послужат како добри примери за уредувањето на односите меѓу централната и локалната власт, како да се угоди на автономните барања и во исто време да се задржи нивото на функционалност на централната власт. Како резултат на намалување на способноста на државата да раководи со својата просторна економија, регионите се вовлечени во натпревар за инвестиции, технологија и освојување на европскиот пазар. Како ќе се развиваат тие, дали ќе се претворат во регионални држави, е интересно особено за помалите држави. Потребно е приспособување во повеќе насоки, не само на економски план, колку регионализацијата ќе биде економски ефикасна, туку и во однос на идентитетските прашања на малцинските групи.[48]

---

[48] . Keating, Michael 1998 "Is the Regional Level of Government in Europe?", in Patrick Le Gales & Christian Lequesne (eds.) Regions ion Europe, London, Routledge

Но, дали регионализмот со неговиот територијален фокус, како што смета Китинг, ќе ги охрабри националностите да присвојат територијална концепција за приклучување, дали тоа ќе биде корисен механизам за задоволување на барањата на националностите низ територијалната децентрализација е големо прашање за останатите држави во Централна и Источна Европа, а посебно за државите на Балканот.

Формирањето на просторот и неговото значење е процес кој постојано се случува. Социјалниот простор, областа, местото, може и некој друг термин да се употреби во исто време, е производ и составен дел од социјалната акција и секогаш рефлектира асиметрични односи на моќта, во смисла дека некои учесници  поактивно ќе учествуваат во формирањето на просторот, додека други ќе го конзумираат или ќе го репродуцираат. Политичарите, бизнисмените, учесниците во управувањето и медиумите, истражувачите се најчесто во круцијална позиција во дефинирањето, давањето форма и значење на просторот.

Токму ваков е случајот со Европа но важи и за пониските нивоа, типично во овие области на регионализмот каде што регионалните активности се најчесто многу важни во создавањето на мислења и во мобилизирање за акција.[49]

За Песи, европската интеграција е важна за регионите, кои се во ситуација да се натпреваруваат за привлекување на инвестиции. Регионот се претвора во политичка област каде што се сретнувааат регионалните учесници, кои истовремено се национални учесници и учесници во политичкиот простор на ЕУ. Идејата за „Европа на региони"е од западноевропско потекло и се употребува да се пополни демократскиот дефицит во ЕУ. Имено, се поаѓа од убедувањето дека од регионите и регионалната автономија ќе зависи пред сé капацитетот на локалната иницијатива. Идејата за нивната важност потекнува уште од деветнаесеттиот век, кога регионализмот го пропагираа како начин за

[49]Paasi  A.,2001., Europe as a Social Process and Discourse: Consideration of Place, Boundaries and Identity , Europan Urban and Regional Studies 8 (1)http://eur.sagepub.com

„размислување со долга историја ". Некои изразуваат скепса во улогата и значењето на регионите во Европа наведувајќи ја нивната слаба институционализација и нивниот релативно слаб капацитет да се организираат. Но речиси сите се убедени дека тие ќе бидат важни функционални и институционални елементи во територијалните политики на европските држави заедно со градовите и нациите без држави.[50]

## 2.1.ТЕОРИСКИ ПРИСТАПИ НА ИНТЕГРАТИВНИТЕ ПРОЦЕСИ

Во фокусот на вниманието на современите економски теоретичари, политиколози и социолози се интегративните процеси, како значаен сегмент на нивните теоретски погледи за актуелните прашања од областа на меѓународната теорија, политиката и економијата. Во тие теоретски соопштувања вниманието не се задржува само на ефектите од поврзувањето на националните стопанства од аспект на меѓународната размена, туку и на глобалните прашања значајни за вкупната положба и развојот на земјите-членки на тие интегративни процеси, и на одразот на тие процеси на меѓународна политика и економија.

Во потрагата по одговорите дали интегративните процеси се економски или политички феномен, направени се обиди да се дојде до што поедноставни одговори и со цел да се открие потребата за заедништвото-интеграцијата. Дали се тоа само економските или политичките интереси, дали економските интеграции автоматски подразбираат и политички, или пак економските ги иницираат политичките интеграции или пак, обратно, дали политичките интеграции отвораат простори и за економско поврзување?

Тргнувајќи од суштината на политичките цели кои со интегративните процеси се настојува да се постигнат, теоретските стојалишта се поделени на оние што интегративните процеси ги разгледуваат низ призмата на политичките

[50]Исто.

односи и на оние што овие процеси ги набљудуваат низ призмата на економските односи. Иако станува збор за два различни аспекти на теориите на интегративните процеси, сепак и двата аспекти се меѓусебно преплетени и поврзани и имаат централна улога на државите во меѓународните односи. Секако, раководени се од настојувањата за максимализацијата на интересите од тие процеси, во споредба со улогата на наднационалните и транснационалните чинители.

Кај политичките теории на интегративните процеси вообичаени се функционалистичките, неофункционалистичките, плуралистичките и федералистичките гледања, додека кај економските теории се вообичаени либералистичките и институционалистичките гледања.

Политичките теории на интеграцијата поаѓаат од становиштето дека механизмите на слободниот пазар во меѓународни рамки не можат да бидат кохезиона сила на поврзување на компаниите и државите, туку и државата е битен чинител во покренувањето на интегративните процеси, со оглед на нејзините економски и политички функции.

Функционалистичките теории подразбираат формирање на супранационални структури за задоволување на потребата од исполнување одредени барања од областа на технолошкиот и на економскиот развој. На кои треба да им се пристапи доколку се користат нивните цивилизациски придобивки, како што се пренесувањето на поштенските пратки, телекомуникациското поврзување, заедничкото користење на пловните патишта и на воздушните коридори во авиосообраќајот. Тоа се ставови што ја признаваат подложноста на политичките промени на определените технолошки и економски фактори, кои поради техничкиот прогрес и развојните потреби на светската заедница наметнуваат формирање светски организации што треба да ги извршуваат споменатите функционални задачи.[51]

Според претставниците на функционалистичката теорија, народите можат максимално да ги реализираат своите интереси само со помош на

[51] Luka Brkić „Teorije međunarodne ekonomske integracije“, Gordon, Zagreb 1995.

меѓународните организации што мораат да бидат поставени на функционален, а не на територијален принцип. Токму од тие причини функционалистите ги поддржуваат функционалните меѓународни организации и нивната координација, која во одредена фаза би требало да ја преземе „меѓународна влада“, постепено прераснувајќи од техничко во политичко тело.

За разлика од функционалистичките гледања, неофункционалистичките теории,[52] наведуваат дека блиската економска соработка ги иницира интегративните процеси бидејќи таа подразбира тесна политичка координација што постапно може да премине во политичка интеграција. Тоа значи дека на интегративните процеси имаат влијание не само државите туку и недржавните актери (разните невладини и транснационални организации и интересни групи) и нивното меѓусебно поврзување во меѓународни рамки. Нивниот притисок на владините одлуки влијание на меѓународните институции и врз оформувањето на интеракциите меѓу државите и создавањето на моќни наднационални структури.

Поврзувањето во рамките на одделни области, на секторска основа и како резултат на „спиловер“ ефектот (spillover - прелевање), неодминливо води кон поврзување во пошироки меѓународни рамки. Секторската интеграција или поврзувањето по области, во крајна линија води кон политичка интеграција како процес во кој политичките чинители од повеќе различни национални позиции стануваат согласни да ги пренасочат своите очекувања и политичко дејствување кон новоизбраниот субјект .

Тврдењата на неофункционалистите се дека кога ќе дојде до процес на интеграција во еден економски сектор или било кој друг сектор, интересните групи ќе почнат да дејствуваат на наднационално ниво и ќе станат заговорници на продлабочувањето на поврзувањето (на интеграцијата), со што ќе влијаат и на националните влади. Во таа насока, ќе го поттикне организираниот интерес на субјектите и од останатите сектори за следење на нивниот пример. Тоа значи дека интересите, претставуваат движечка сила на интегративните процеси.

[52] најзначајни претставници се E. Haas, L. Lindberg, F. Schmitter.

Додека пак, приврзаниците на плуралистичките теории,[53] интеграцијата ја сметаат за заедница на држави што ја карактеризира високо ниво на политичка, економска и социјална соработка на нејзините членки. Иако прифаќаат воспоставување одредени правила на кои државите би се придржувале во спроведувањето на својата политика во доменот на меѓународните односи, сепак не се застапници на тезата за ограничување на државниот суверенитет. Според нив, за интеграцијата е побитно воспоставувањето на мирот, безбедноста, сигурноста и условите за нормална соработка отколку остварување некакви формални конституционални промени.

За плуралистичките теориски ставови, патот за реализација на интегративните процеси во современиот свет е подобрувањето на различните односи и соработката на државите, истовремено почитување и на државниот суверенитет. За нив интеграцијата е долготраен процес на споменатите промени што ги разликува од федералистите[54] на кои формирањето одредени национални органи им е чинителот што ги детерминира останатите процеси.

Федералистичките теории се раководат од ставот дека создавањето заеднички федерални воени безбедносни и полициски институции, како и институции на подрачјето на заедничкото законодавство, е најдобриот метод за обединувањето. Тоа, според припадниците и протагонистите на федералистичките теории, претставува разработка на различни проекти на светската држава, со внимателно формулирање на функциите на нејзините органи. Генерално, федералистите се држат до ставот за нужноста од утврдување „федерален договор“ при формирањето на наднационалната политичка заедница. Од друга страна економските теории на интеграциите се претставени преку либералистичките и институционалистичките гледања.[55]

Либералистичките теории[56] на меѓународните интеграции се темелат на класичната теорија на пазарот. Со помош на пазарните механизми се

---

[53] најзначаен претставник на овој правец е K. Deutsch
[54] најзначајни претставници се W. Hallstein, I. Monet, K. Friedrich и A. Etzioni.
[55] Davor Bukša „Integracijski procesi u svjetskom gospodarstvu....“, Zavod povjesnih z nanosti Hrvatske akademije znanosti i umjetnosti u Zadru, 2004.
[56] најзначајни претставници се P. Streeten, K.W. Rothschild, T. Scitovsky, J. Tinbergen, G. Myrdal

отстрануваат вештачки наметнатите (царински и нецарински) бариери за слободна меѓународна размена, кои во економска смисла ги елиминираат националните граници воспоставувајќи единствени услови на стопанисување и создаваат услови за воспоставување на економски интеграции. Тоа кажува дека за меѓународните интеграции не се потребни никакви наднационални институции.

За разлика од нив, институционалистичките теории[57] тргнуваат од становиштето дека за меѓународните економски интеграции се нужни заеднички органи со овластување за прашања од интерес на заедницата, како и за прашања поврзани со односите на заедницата со трети земји. Всушност репродукцијата во пошироки рамки не може да се одвива на основа на либералистичките начела, бидејќи пазарот не може да се прошири со либерализација, туку со планирање и со програмирање, а целите можат да се постигнат со општата политика на стопанскиот развој.

### 2.1.1.СОВРЕМЕНИТЕ МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ И ИНТЕГРАЦИИ

Меѓусебната соработка на земјите не е меѓународна активност од понов датум. Тие отсекогаш низ историјата остварувале меѓусебна соработка врз основа на одредени правила и принципи што самите ги договарале и на кои во основа таа соработка и почивала. Со текот на времето тие правила и принципи станувале поцврсти, појасно дефинирани, пообврзувачки за договорните страни. Токму поради тоа се воспоставени меѓународни организации и установи основани од страна на државите, за на меѓународен план да остваруваат цели од заеднички интерес.

Меѓународните односи во најширока смисла се дефинираат како односи што се воспоставуваат на меѓународен план меѓу државите и народите, политичките движења, политичките, економските, невладините, културните и други организации и поединци. Нивното институционализирање претставува

[57] најзначајни претставници се J. Viner, J.E. Meade, R.G. Lipsey, G. Haberler, W. Roepke, B. Balassa I

начин на заштита од ситуации што можат да ја доведат во прашање нивната меѓусебна соработка. Односно, тоа институционализирање обезбедува компетенции за преземање надлежности од страна на тие институции што не можат да бидат остварени од страна на поединечните држави, групи или поединци.

Иако имаат своја долга историја, современите меѓународни организации се јавуваат и се развиваат дури во 20 век, при што посебно место имаат Друштвото на народите и Организацијата на Обединетите Нации, со своите специјализирани организации и установи, како и разните регионални организации .

Раководејќи се од суштинските елементи и од институционалните облици на денешните меѓународни организации, тие би можеле да се дефинираат како тела формирани со мултилатерални спогодби како трајни облици на институционализирана соработка на повеќе држави. При што со посебен основачки акт и во рамките на постојаните органи  се одвиваат процеси на мултилатерално преговарање и заедничко одлучување на државите-членки во одредени области на меѓусебната соработка.[58]

Според оваа дефиниција, основните елементи на секоја меѓународна институција што претендира да има статус на меѓународна организација се:

-да опфаќа повеќе држави;

-да е основана со меѓународен договор;

-да има свои постојани органи и тела;

-да има утврден делокруг на надлежности и

-да има основачки акти со кои ќе се уреди нејзиното функционирање.

Интегративните процеси на поширок меѓународен, се развиваат на билатерална и на мултилатерална основа, кои регулираат важни политички, економски, социјални и културни прашања од заемен интерес.  Меѓународните

---

[58] Benčina Dragoljub, Simoniti Iztok „Mednarodne organizacije“, Priročnik in vodič, Delavska enotnost,Ljubljana, 1994.

организации ги опфаќаат организациите формирани од држави, влади, како и од приватни здруженија и институции од повеќе држави од областа на социјалната дејност, културата, економијата, хуманитарната работа и религијата.

Поделбата на универзални, регионални и секторски организации е од аспект на целта на која е подредена нивната активност, или, пак, од аспект на географското подрачје на кое организацијата ја реализира. Најважната универзална меѓународна организација се ООН, во чии рамки дејствуваат големиот број специјализирани агенции од областа на економијата, трговијата, финансиите, културата, науката, здравството, образованието, како и нејзините помошни органи (институти, програми, канцеларии) како институции од универзално значење.

Регионалните организации се определуваат врз основа на географски критериуми, па како покарактеристични се издвојуваат од регионите на Африка, Јужна Америка и Карибите, Азија и Пацификот а особено од европскиот континент.

Секторските организации покриваат само одреден сектор, како на пример од областа на нафтата, најпозната е Организацијата на земјите-извознички на нафта – ОПЕК; Меѓународната агенција за енергија што е нејзин пандан, во рамките на Организацијата за економска соработка и развој - OECD, организирана од страна на земјите-увознички на нафта.

Транснационалните и мултинационалните компании кои по својот карактер не се ниту меѓувладини ниту невладини организации можат да иницираат формирање меѓународни невладини организации, како што е Меѓународната бродска комора (International Chamber of Shipping). Трансвладините организации (Transgovernmental organizations) не се подредени на централните органи на надворешната политика на матичните земји и со тоа имаат наднационален карактер, како што се ИНТЕРПОЛ (International Criminal Police Organization) и Интерпарламентарната унија (Interparlamentarian Union)[59]

---

[59] Биљана Секуловска - Габер „Меѓународни организации и интеграции“, Економски факултет Скопје, 2003.

## 2.2.ПРИНЦИПИ НА ИНТЕГРАЦИЈА

Понекогаш се има впечаток дека глобализацијата наметнува присилена интеграција. Но како и да е, интегративните процеси водат кон побрз национален развој и просперитет, што е од исклучително значење за малите земји посебно за земјите во транзиција.

Во минатото а и денес, интеграциските процеси се базирале на одредени принципи и концепти. На пример, приклучувањето на земјите во западниот интеграциски концепт зависело од следните предуслови :

-да бидат демократски и да ги почитуваат човековите права;

-да ги вградат правилата на капиталистичката економија и да ги отворат границите за трговија и влез на странски инвестиции;

-да не употребуваат сила или друг вид закана во меѓусебните релации;

-да се одбегнува употреба на сила во домашно-внатрешните односи;

-редуцирање на вооружените сили, тие да бидат исклучиво дизајнирани за самоодбрана и

-прифаќање на идејата за заедничка безбедност и одбрана и градење на концепт на колективна безбедност, а отфрлање на пристапот безбедност само за себе.[60] Ваквите принципи и концепти, креираат начин за прифаќање на заедничките вредности кои се основна компонента за градење на меѓусебната интерактивна соработка. Тоа претставува основа за создавање на мултифункционални заедници кои генерираат високо ниво на развој и просперитет.

Регионализмот најчесто се однесува на процесите на децентрализација на политичката моќ или компетенција на повисоките или пониските политички нивоа. Можат да се разликуваат т.н. „*top-down*" и „*bottom-up*“ регионализам, каде првиот го означува процесот во кој државата ги воспоставува регионалните институции на кои ја пренесува својата моќ и ингеренции, додека вториот

[60] Morgan,P.M International Security:problems and solutions.CQpress 2006, Washington DS p.162.

регионализам, ги опфаќа сите случаи  во кој се вложува напор од пониско политичко ниво да се оствари моќта на интеграцијата. Се почнува од процес во кој се превземаат одредени политички компетенции на одреден простор, па се до радикални форми кои водат до создавање на независни држави (сепаратизам).[61]

## 2.3.ОДНОСОТ МЕЃУ ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА И РЕГИОНАЛИЗАЦИЈАТА

Појавувањето на регионализмот и неговото кулминирање во последната декада од 20 век, кај повеќе истражувачи и експерти од оваа област го претстави прашањето дали регионализацијата претставува спротивен процес на глобализацијата, или пак, таа е процес кој ја предводи глобализацијата? Меѓусебната поврзаност и интеракција на регионализацијата и глобализацијата се согледува низ следните пристапи:

-Основни карактеристики на регионализмот во контекстот на глобализацијата;

-Односот меѓу субјектите на глобализацијата и субјектите на регионалната интеграција;

-Влијанието на детерминантите врз наведените, истовремено активни процеси и

-Минимизирање на улогата на нацијата и државата при развојот и формирањето на регионалните структури.

Глобализацијата и регионализацијата претставуваат два главни интеракциски процеси на современото живеење. Во голем број аспекти, овие процеси се преклопуваат меѓусебно, но истовремено и се разминуваат. Многу истражувачи се обидуваат да направат разлика, односно дистинкција помеѓу процесите на регионализација и глобализација, но забележлива е конфузност и

[61] I.Pantelić,V.Pavićević,V.Petrović.G.Milovanović.” ASPEKTI GLOBALIZACIJE”.Pojmovnik globalizacije. Beogradska otvorena škola str 137.

нејасност при толкување на иститe. Имено, регионализацијата претставува процес кој функционира во рамките на една одредена територија и служи за формирање на територијални системи кои ќе оперираат заеднички за остварување на одредени цели. Таа е систематско структурно обединување на основа на претходно утврдени и обврзувачки фактори. Во таа смисла, регионализацијата се одвојува од глобализацијата, во однос на целите, распространетоста на ефектите, и пред се, границите во кои се протегаат овие територијални системи.

Во модерните услови на глобализацијата, регионалните интеракции за државите претставуваат едно од средствата за стекнување на моќ на државите, и тоа преку разни облици на обединето делување и преку активности наменети за одбегнување на финансиски кризи, борба против тероризам, надворешна агресија, кршење на човекови слободи и права и слично. Всушност, регионализмот успешно оперира преку принципот „непријателот на мојот непријател, е мој пријател“ и како таков, тој ги обединува земјите од поблиско опкружување во заедничката споделена визија за опстанок и просперитет. Во овој контекст, може да се заклучи дека регионалните интеракции претставуваат реакција на процесот на глобализирање.

Регионализмот е форма која ја поттикнува глобализацијата, но само во географските одредени предели преку дејство на група од држави. Некои гледаат на регионализмот како на процес-инструмент кој ги овозможува условите за државата да може да ги оствари крајните цели на глобализацијата. На одреден начин, регионализацијата ги застанува интересите на глобализацијата преку рамномерно учество на актерите во тој процес. Овој процес може да се нарече и „микро форма на глобализацијата“, во аспект на тоа дека регионализмот претставува витален условен процес за реализирање на глобализацијата.

Според одредени автори, постојат три важни елементи кои ја определуваат регионализацијата и глобализацијата. Првиот од нив се однесува на начинот на кој политичките, економските, културните и воените процеси на

меѓузависност влијаат и го менуваат карактерот и моќта на современата држава. Вториот елемент се однесува на начинот на кој регионалната и глобалната поврзаност и интеракција создава нов синџир на политички одлуки кој се одразува врз националниот политички систем. Третиот елемент го претставува начинот на кој наведените процеси ги обновуваат или преоформуваат политичките идентитети и ја поттикнуваат појавата и растот на нови регионални и локални групи, движења и национализми, кои ја преиспитуваат националната држава.[62]

За целосно да се согледа и разбере односот на овие процеси, потребно е во предвид да се земат и следните релации:

-Регионализацијата како компонента на глобализацијата подразбира конвергентен тренд, во кој рационализацијата ќе ги афирмира силите на процесот на глобализација, со што националните економии ќе постигнат поголема конкурентност на светскиот пазар. Притоа, регионалните интеракции исто ќе водат до мултилатерална соработка во глобални рамки, преку либералните дозволи и премиси на отвореност и соработка на локалните економии;

-Регионализацијата како одговор или предизвик на глобализацијата. Станува збор за дивергентен однос кој можеби ќе го предводи создавањето на алтернативен плуралистички светски поредок, изграден на основите на регионална хармонија на заеднички интереси. Формирањето на регионите ќе иницира поголемо мотивирање за прифаќање на единствената универзална регионална идеологија и култура, спротивна од аморфните и недемократски правила на глобализацијата и

-Регионализацијата и глобализацијата како процеси кои се вкрстуваат или како паралелни процеси. Тука се создава карактеристичен однос бидејќи тековната современа глобална и безбедносна арена е значително многу испреплетена со неизвесности и комплексности. Од тие причини постојат потешкотии за одредување на постоењето на безбедносни заедници, како и за

[62]Зенделовски Г. Нацев З„ Глобализацијата, мирот и безбедноста", филозофски факултет, Скопје, 2014, стр 56.

безбедносни предизвици, надвор од вкупната димензија на глобалната безбедност.[63]

Во денешните времиња, регионалните интеграции може да бидат согледани и како моќен инструмент на државите за справување или управување со негативните последици од процесите на глобализација. На пример, турболенциите кои се предизвикани од динамиката на глобализациските процеси (воена интервенција или финансиска криза), ги овозможува земјите преку здружување на силите, воспостават контрола врз последиците од глобализацијата во рамките на регионалното функционирање.

## 2.4.ВЛИЈАНИЕТО НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА И РЕГИОНАЛИЗАЦИЈАТА ВРЗ БЕЗБЕДНОСТА И МИРОТ

Глобализациските процеси придонесоа за нарушување на мирот и стабилноста и поларизацијата на светот. Ниту една држава во светот, и ниту еден човек на планетата не се безбедни како резултат на глобализациските процеси и последиците на човековата активност и на природните катастрофи.

Во такви околности, последните две децении ги одбележаа транзиционите проблеми на општествата, манифестирањето на екстремизмот и национализмот, неефикасноста на меѓународните институции и колективните безбедносни системи, појавата на асиметричните закани и современиот тероризам, активностите поврзани со организираниот криминал, трговијата со луѓе, дрога и оружје и заканите од оружјето за масовно уништување. Предизвикани се економски и воени кризи на повеќе континенти и региони.

Глобализацијата[64] е состојба и процес на меѓусебно поврзување на субјектите на меѓународната заедница, нивна меѓузависност и взаемна потреба и интерес, како и просперитет на целокупната популација во светот, што резултираше со глобална економска криза поттикната токму од најразвиените

[63]Eriksen T.H. (2014) Globalization: The Key Concepts. Bloomsbury Academic; 2 edition стр 101.
[64]Душан Бојчев, Дипломатски речник, ТИВ-ТОП.Д.О.О–Скопје, Скопје 1998,

општества, а почуствувана најмногу кај средно развиените и неразвиените земји и региони.[65]

Како резултат на забавените и неефикасни одговори на глобалните закани и ризици, секоја година 5.000.000 луѓе се наоѓаат во прогон, од 10.000.000 до 11.000.000 луѓе стануваат сиромашни, околу 25.000.000 лица се раселени низ светот од различни причини.[66]

Глобалната меѓународна политика, нерамномерниот економски развој, влијанието на западните демократии, силната поларизација помеѓу светската популација, големите недоразбирања и нетолеранцијата доведоа до глобални промени со огромни последици. Почетокот на глобалните промени проследени се со појавата на глобалните закани.

Појавата на екстремизмот, тероризмот, организираниот криминал, заканите од оружјето за масовно уништување, појавата на нови жаришта, нови предизвици и глобални откритија со тешки последици се резултат од процесите на глобализацијата. На удар се најдоа и западните демократии, на чии територии се прелееја последиците од промената на општествените уредувања, распадот на федерациите, формирањето нови држави, силното влијание на екстремизмот, емиграцијата на светската популација и друго.

Во такви услови се создадоа глобалните промени што доведоа до трансформација на регионите ширум светот, особено на просторите на Источна и југоисточна Европа, каде што речиси две децении се чувствуваат последиците од преминот на општествата од еден систем во друг, односно создавањето демократски општества со пазарна економија. Глобалните промени се спроведуваа со потешкотии, водејќи кон нови внатрешни проблеми изразени на просторите на Советскиот Сојуз, Централна и Источна Европа, кризата во Заливот и на Блискиот Исток.[67] Голем дел земји во транзиција сè уште ги чувствуваат транзиционите проблеми меѓу кои можат да се согледаат во

[65] http:/www.peaceoperations.org.”Globalization”
[66] (http:/www.cdnpecekeeping.ns.ca)
[67] NATO, Ofice of information and Press, Brussels, 2001.

корупцијата, урбаниот тероризам, организираниот криминал, уцени, рекетирања, убиства и слично.[68]

Етничките конфликти и кризи кои се појавија во почетокот на XXI век укажуваат на тоа дека постојат територии кои сѐ уште не се под контрола на државните институции, или пак државните органи отежнато ги извршуваат своите функции. Во такви околности, се создаваат услови за поврзување на териториите на начин што на лицата кои се инволвирани во организираниот криминал, шверцот со луѓе, дрога и оружје и илегалната трговија им се овозможува непречено движење низ териториите, без притоа да користат пасоши и лични карти, без контрола од страна на граничните служби.

Во еден ваков амбиент, голем број фактори придонесуваат за појавата на конфликти како што се: сиромаштијата; економската стагнација; нееднаквата распределба на ресурсите; дискриминацијата; угнетувањето на помалите етнички групи; бегалските кризи; социјалната неправда и друго.[69]
Вакви распади на системите ги одвлекоа поедини земји наназад, што, од друга страна генерира кризи на поголеми простори, а идејата за глобалниот тероризам доби свои потенцијални сојузници во однос на регрутирањето лица за тероризам, овозможување транзит низ одредени територии, финансирање на паравоени формации и слично. Ослабените државни уредувања дозволија национал-сепаратистичките движења да добијат подем.

Свое влијание врз појавата на предизвиците, имаше и игнорантското однесување, кое постојано се поврзува со корумптивно однесување на владеачките структури, преку неовозможувањето или избегнување на прифаќањето на демократските процеси и почитувањето на основните човекови права без почитување на основните принципи на граѓанско општество. Ова стана препознатливост и синоним за ширење на организираниот криминал и одржување на сопствените позиции. Недефинираните улоги на одделни

[68], *Национална концепција за безбедност и одбрана на РМ*, Собрание на РМ, 2003.
[69]Т.Гоцевски, О.Бакрески, С.Славевски, Европската унија низ призмата на европската безбедност, Филозофски факултет, Скопје, 2007.

државни апарати сè уште претставуваат главни виновници за поттикнување афери, ширење на дезинформации, донесување на погрешни проценки, заговори кон одредени лица или целни групи, поддршка на неконтролирани криминални поединци и вооружени групи, па дури и паравоени формации. Игнорантскиот начин на функционирање влијае и врз создавањето на “контролираната нестабилност” заради остварување на сопствените цели, создавање профит, богатење и искористување на сопствената позиција.

Глобалните промени и нивните предизвици не застанаа тука. Почетокот на овој век го карактеризираа судирите за создавање еднонационални држави, предводени од националистичка идеолошка ориентација. Безбедносните девијации се дисперзираа во разни правци, без можности за спротивставување. Како резултат на недефинираниот статус на етничките групи, отпочнаа „воскреснувања“ на идеи за поделба на светот врз верска, идеолошка и национална основа.

### 2.4.1.РЕГИОНАЛИЗАЦИЈАТА, МИРОТ И БЕЗБЕДНОСТА

За разлика од периодот на биполаризмот, во современите услови регионот стана исклучително влијателен во однос на безбедносната проблематика. Потврда за тоа претставува воведувањето и актуелизирањето на концептите за: регионално соседство и регионалност. Според Лагенхов, со поимот регионално соседство се прави обид да се разграничи еден регион од друг, додека со поимот регионалност се настојува да се опфатат историските, географските, економските, културните и социјалните состојби кои ги чинат овие разлики.[70]

На тој начин, се прави дефинирање на регионот според неговото единство, според идентитетот и според опфатот на границите. Во студијата за регионално соседство на Лангехов, регионот се дефинира како „територијално

[70] Langenhove, Luk Van 2003 Building Regions: The Regionalization of the World Order

базиран субсистем на меѓународниот систем“[71] Лангехов истакнува дека постојат повеќе видови регионални субсистеми со различна кохерентност. Имено, регионите може да се лоцираат на сите територијални нивоа. Постојат региони во рамките на државите, прекугранични региони на субнационално ниво, како и региони над државата т.е. на наднационално ниво. При дефинирањето на регионот и на неговите релации со безбедносните прашања, значајно е да се констатира дека иако голем број регионални договори и агенции при нивното етаблирање се повикуваат на одредбите од ООН, сепак Повелбата на ООН не содржи конкретна дефиниција за регион. Но, од друга страна, таа го опишува „регионалниот договор“ како организација која во одредена географска област групира неколку држави кои заради нивната блискост, заеднички интереси или културни, јазични, историски или духовни афинитети, стануваат заеднички одговорни за мирољубиво решавање на секој спор, како и за заштита на нивните интереси и за развојот на нивните економски и културни релации.[72]

Во тој контекст, регионалниот договор подразбира унија на држави или меѓународна организација, базирана на колективен договор. Или пак е анализиран низ призмата на група држави помеѓу кои постои устав и е во согласност со целите и принципите на ООН, а чија примарна задача е одржување на мирот и безбедноста под контрола и во рамките на ООН.[73] Тоа значи дека, бројот на членките на ваквиот регионален договор или агенција мора да е помал од бројот на членките на ООН и да биде поврзан според територијален принцип за да може ефикасно да ги применува процедурите за разрешување спорови.

Во практиката евидентно е дека државите членуваат во повеќе од една регионална или субрегионална групација т.е. организација. Во однос на

---

[71]Исто стр.26
[72] Charter of the United Nations, 1945.
[73] Simma B. 1995 et al. (eds), The Charter of the United Nations: A Commentary (Oxford: Oxford University Press,

самите организации, Советот за безбедност на ООН идентификува три категории: меѓународни, регионални и субрегионални организации.

Во контекст на меѓународните организации на кои се применува Глава VIII од Повелбата на ООН (според критериумот за членство) може да се издвојат шест видови организации:

1) Глобални организации – кои имаат универзално членство од сите региони во светот;

2) Транснационални организации – кои имаат членство од сите региони во светот, но самото членство е базирано на селективни критериуми кои водат кон универзалност – политика, религија, култура;

3) Прекурегионални организации – со операционален фокус на еден регион, а членството се проширува преку регионот;

4) Регионални организации – со операционален фокус врз регионот и членството се поклопува или е блиско до регионот, без членство на надворешни држави;

5) Субрегионални организации – кои имаат операционален фокус врз субрегионот во рамките на регионот, додека членството се совпаѓа со субрегионот, без надворешни членки и

6) Преку субрегионални организации – имаат операционален фокус врз субрегионот, додека членството произлегува од него или од регионот, но не и надвор од него.

Во однос на регионалните организации, треба да се истакне фактот дека постојат нејаснотии во однос на нивниот фокус и апликацијата на нивниот мандат. Имено, додека едни имаат сосема јасно дефиниран мандат, кај други тоа не е случај, при што се поставува прашањето дали и како организацијата треба да делува? Дел од нив имаат интерен фокус, додека дел имаат екстерен фокус, односно ориентирани се на субрегионално, регионално или глобално ниво. Можат да настанат големи разлики во ситуации кога фокусот на организацијата излегува и го надминува нејзиното членство.

Од теориски аспект, вообичаено се идентификуваат три форми т.е. генерации на регионални интеграции.

Првата генерација регионализам се однесува на линеарен процес на економски интеграции кој вклучува интеграција на националните економии во поголеми регионални економии. Овој процес е започнат со формирањето слободни економски зони за преку царинска унија и формирање заеднички пазар да се премине во одредено ниво на економска унија. Таков е примерот со Западна Европа по Втората светска војна, која откако ја формираше Европската економска заедница (Рим 1957год.), премина кон воведување на царинска унија во 1968 година, потоа кон единствен економски пазар (80-тите год. на минатиот век), а од 2002 година воведе и заедничка валута.

Втората генерација регионализам или т.н. „нов регионализам", ги опфаќа политичките димензии на интеграциите. Новиот регионализам тргнува од претпоставката дека економијата и трговијата не можат да бидат изолирани од другите сфери на општеството и дека неекономските аспекти се исто така значајна сфера на интеграциите. И во овој случај, ЕУ е соодветен пример затоа што со воведувањето на постојаната политичка соработка се трасираше патот кон процесот на создавање Заедничка надворешна и безбедносна политика на ЕУ (ЗНБП) со Договорот од Мастрихт од 1991 година, а потоа со институционализација на политичката соработка, се отвори и можноста за ефикасна мултилатерална активност на Унијата.

Третата генерација регионални интеграции се однесува на предвидувањата кои врз досегашните интегративни искуства, укажуваат на можните правци за понатамошна интеграција. Според предвидувањата, овој вид интеграции треба да претставува чекор напред од претходните интеграции и тоа во три области: 1) дооформување и консолидирање на институционалните форми кои се насочени кон надворешните аспекти на регионалната политика; 2) регионите треба да станат многу поактивни и проактивни во однос на глобалната политика и проблематика и 3) регионите треба да станат многу поактивно и поефикасно ангажирани во рамките на ООН.

Сознанието за неможноста сами да се спротивстават на заканите и опасностите, повеќето земји се приморани да пристапат кон разни форми на здружување, во вид на сојузи, коалиции, организации,и унии. Притоа, регионалното поврзување подразбира дека, државите се подготвени својата моќ и авторитет да ги префрлат на супра националните институции, заради сплотување и подобрување на безбедносно-воените капацитети. Целта е државите во одреден регион, да ја подобрат безбедноста во нивните меѓусебни односи, а истовремено да ја намалат својата ранливост и несигурност.[74]

Денес постои и еден поинаков тренд наспроти западниот модел на интеграција. Станува збор на прикриена тенденција за вклучување на земји во регионални интеграции кои се противници на процесите на глобализацијата , или опоненти на високоразвиените западни земји. Притоа некои регионални организации претставуваат еден вид на „скривалиште" за земјите кои се меѓународно изолирани и критикувани од Западот како недемократски и опасни за мирот и безбедноста во светот.

На пример, Шангајската организација на соработка (SCO), е опишана како помошно средство на кинеската и руската надворешна политика, каде што и двете земји, настојуваат да ги зајакнат воено-економските врски, со што би постигнале доминантна положба над средноазиските држави, а со тоа би го намалиле влијанието на САД во тој дел од светот. Меѓу другото, на пример Иран и сличните земји на Иран од тој регион на светот, имаат интерес да станат членки на „SCO" што секако дека претставува голем проблем за САД и западните сојузници.[75]

Токму затоа може да се каже дека регионализацијата како една од формите на глобализацијата, истовремено ќе обединува, но истовремено ќе создава ситуации во кои меѓусебната конкуренција може да прерасне во некој вид на конфликтност и нестабилност. Процесите на глобализацијата, регионализацијата па и фрагментацијата, ќе се случуваат истовремено во

---

[74] Зенделовски Г. Нацев З„ Глобализацијата, мирот и безбедноста", филозофски факултет, Скопје, 2014, стр 58.
[75] Tatalovic .S Suvremene sigurnosne politike:Drzave I nacionalna sigurnost pocetkom 21 stoleca, Golden marketing-.kniga Zagreb, 2008 str.175.

рамките на глобалниот капиталистички систем, со што во одредена мера овие амбивалентни процеси, можат да ја нарушат компактноста на светскиот капиталистички систем и неговото егзистирање.[76]

Вакви спротивставени процеси ќе се случуваат не само на периферни делови на светот, туку и во средиштето на политичката, економската и безбедносната сфера на капиталистичкиот систем.За очекување е дека ќе се појават безбедносни импликации помеѓу овие земји и народи, кои веќе се интегрирани и оние кои поради разни политички, економски, социјални,  и други причини не успеале да се вклопат во регионалните настојувања. Тоа уште повеќе ќе создава револт и незадоволство кај заобиколените земји што ќе ги прави инфериорни во однос на безбедносните па и економско социјалните аспекти во однос на интегрираните земји.

## 4.2.РЕГИОНАЛИЗАЦИЈАТА И ФРАГМЕНТАЦИЈАТА КАКО ДИВЕРГЕНТНИ ПРОЦЕСИ

Глобализацијата е феномен кој не допира насекаде во ист обем. Таа не е универзализација затоа што секогаш зависи од многу детерминанти, а најмногу од територијалната локација и општествениот статус. Постојат земји и народи кои воопшто не се допрени од процесите на глобализацијата. Регионите и населението на Северна Америка, Западна Европа и Источна Азија, најдобро ги почувствувале ефектите на глобализацијата, иако во нивни рамки постојат некои делови кои се повеќе запоставени од сите останати. Општо земено, богатите луѓе низ целиот свет се повеќе вклучени во глобалните процеси и текови преку разни форми на транснационални односи, комуникации и движења, отколку сиромашните луѓе кои немаат ниту телевизор, никогаш не телефонирале или никогаш не излегле надвор од своето место на живеење.[77]

---

[76] Vidojevic Z.Kuda vodi globalizacija.Filip Visnjic, Beograd.2005 str 116.
[77] Gidens F,.Sociologija (cetvrto izdanie) Ekonomski fakultet, Beograd, 2007.str.80.

Нерамномерната распределба на финансиите и богатствата предизвикаа дисконекција и поделеност на луѓето, државите и регионите во светот. Па така, постои можност глобалната интеграција да се придвижи во обратна насока, водејќи кон регионализација и фрагментација на земјите. Притоа е можно и одделување на поразвиените држави и региони од понеразвиените. Тоа би предизвикало незадоволство кај помалите помалку развиените и посиромашни земји, со што меѓузависноста на глобално ниво би довело до се поголема зависност на посиромашните од побогатите земји.

Не постојат земји или народи кои се имуни на ефектите на процесите на глобализацијата, и оттаму се смета дека нееднаквоста и во иднина ќе биде проблем кој ќе мора да се разгледува и да се бара некакво решение. Произлегува дека покрај сите бенефити кои ги носи со себе глобализацијата како процес, таа носи и дезинтеграција на општествата во повеќе аспекти кои пак можат силно да се одразат и на економијата но и на безбедноста и мирот воопшто.

Појавата на нови движења и организации со револуционерен карактер, се одговор на незадоволството од процесите на глобализацијата. Тие вклучуваат луѓе, групи и организации со различни гледишта и идеологии од различна возраст и различна националност. Незадоволството се однесува на нетранспарентноста на демократските процеси, при создавање на системот на глобално управување, „вестернизацијата“ на светот како и од можноста од губење на националниот идентитет. Најизразени и најрадикални се оние антиглобалистички движења насочени против меѓународните институции (ММФ, СБ, СТО, Г 8, Светскиот економски форум) кои работат во интерес на економската глобализација и ја промовираат неолибералната идеологија.[78]

Има видувања кои сметаат дека процесите на глобализацијата не водат кон интеграција и хомогенизација на општествата, туку напротив, новите промени кои таа ги носи можат да ги ослабнат безбедносните, политичките и економските структури, без притоа да се воспостават нови системи на

[78] Aspekti globalizacije za pregledom osnovnih pojmova.Beogradska otvorena skola I Dosije, Beograd, 2003, str.147.

регионализација. Оттука, следува дека дезинтегративните процеси се многу поверојатни.[79] Притоа, фрагментацијата ќе биде поизразена во регионите и земјите во кои постои јасна граница на раздвојување според нивото на развој и степенот на сиромаштијата и нееднаквоста.

Сознанието дека некои од помалите и понеразвиените држави дека не можат сами да се спротивстават на заканите па и на патиштата за сопствениот развој, ги води кон неизбежно здружување во вид на сојузи, унии и други облици. Тоа секако подразбира дека таквите држави во процесот на нивното интегрирање мора својот капацитет, и авторитет ги префрлат на супранационалните од нив формирани институции. Државите во одреден регион за да се стекнат со сигурност, безбедност и економски просперитет, за да можат да ги подобрат економските релации и капацитети со кои располагаат мораат да ги прифатат вредностите и правилата на здружението.

Притоа постојат низа слабости, особено при усогласувањето на заедничките интереси затоа што секогаш посилните во групата сакаат да ги наметнат своите национални интереси и цели како заеднички над сите останати. На пример, големото влијание на САД и нивната агресивна надворешна политика врз светските случувања како и влијанието на водечките земји-членки на ЕУ врз новопримените земји во Унијата.

Оттука произлегува стравот на помалите земји дека едноставно можат да бидат „проголтани“ од поголемите земји чии општествени заедници и економии доминират.[80] Од друга страна, процесот на деполитизација и демилитаризација на земјите кои се стремат кон регионалните интеграции, може кај дел од нив да создаде низок праг на подносливост и толеранција кон распределбата на добра и услуги, што може да генерира конфликт и незадоволство.

Натпреварот за ресурси и поволности кои ги носи со себе процесот на регионализација наметнати од економската глобализација, е проблем кој носи

[79] Held.D.,Demokratija I globalni poredak:Od moderne drzave ka kosmopolitskoj vladavini.Filip Visnic, Beograd,1997, str120.
[80] Morgan P.M.,International Security:problems and solutions.CQ Press,2006 WsshingtonDC p.174.

напнатост и ризик кој може да се одрази врз опстанокот на регионалните организации.[81]

Може да се посочат непријатните настани кои се случија меѓу земјите-членки во некои регионални организации, на пример ЕУ, кога се селектираа земјите според различни категории (стари / нови; источни / западни; развиени / неразвиени земји). Ваквите поделби иницираа создавање на нови билатерални планови за соработка како на пример финансиските и воени спогодби помеѓу Франција и Германија; Франција и В.Британија. Сето тоа е направено надвор од зацртаната регионална рамка. Тоа пак доведува до создавање на микро групи кои работат во свој интерес исто, надвор од зацртаната регионална рамка при што во заострени услови не се исклучуваат и можните сценарија за дезинтеграција на регионалните организации. Последиците од една таква дезинтеграција, секако дека би биле поголеми за помалите земји.

Оттука може да кажеме дека, истовремено обединува но и создава ситуации на конфликтност. Процесите на глобализација, регионализација и фрагментација, можат да ја нарушат компактноста на светскиот капиталистички систем и неговото егзистирање.[82] Противречностите кои ги продуцира глобализацијата, ќе бидат доволен тригер за фрагментација на одделни земји, региони и меѓународни организации, затоа што и малите разлики и нееднаквости во одредена ситуација можат да бидат силен импулс на сепаратизам и автономија со последици најмногу врз мирот и безбедноста во пошироки рамки.

---

[81]Lambach D.,Close Encounters in the Dimension in:State Failure Revisitet I:Globalization and Security and Naightborhood effects.INFF Report 87.Institute for Development and Peace 2007,p.39-40.

[82] Vidojevic Z Kuda vodi globalizacija Filip Visnjic, Beograd 2005.str116.

# III.ГЛАВА

# МОДЕЛИ НА РЕГИОНАЛИЗАЦИЈА

## 3.1.ПОТРЕБАТА ОД РЕГИОНАЛНО ПОВРЗУВАЊЕ

Регионализмот како политички поим, претставува развој на политички, економски, безбедносни и воени институционални интеграции во одреден географски регион, во кој народите и земјите можат да ги обединат и споделат заедничките интереси.

Често се смета дека регионите се замислени како форма на заедница која се наоѓа помеѓу националната заедница на држави и потенцијалната глобална заедница. Во политичка смисла, се смета дека регионализацијата е процес кој е противтежа на државата и другите облици на централизам, кој преку интеграциските интереси ја редуцира моќта на државата за принуда и контрола. Сепак, регионализацијата придонесува за промена на внатрешните структури на државите со цел да ги подготви за присоединување и вклучување кон обединетата стратегија за развој и заштита на регионот.[83]

Со развојот, политичките цели, структурата на природните ресурси, стуктурата на производствените капацитети и декларираната извозна ориентираност на земјите во регионите, покажуваат потенцијални можности за поголема трговска соработка со значителни бенефиции за националните економии. Но, во одреден период, потребни се исклучителни политички напори да се развие свеста за заедничките цели и интереси и нивните економски и други општествени предности и реалности на одреден простор.

Регионалниот пристап во градењето односи на кооперативност што почиваат на компаративни предности на регионалната економска па и политичка соработка (географска близина, комплементарност на стопанствата,

[83] Зенделовски Г. Нацев З„ Глобализацијата, мирот и безбедноста“, филозофски факултет, Скопје, 2014, стр.51.

заемна зависност во поглед на сообраќајот, транспортот, комуникациите, енергетиката и многу други области) претставува силен генерирачки импулс за политичка и безбедносна стабилност и економски просперитет на регионот.

Токму затоа, секоја иницијатива за проширување и за продлабочување на економската соработка врзани за унапредувањето на регионалната па и меѓународната трговска размена, преку интензивирањето на слободниот проток на идеи, стоки, капитал и услуги и операционализацијата на мерките за олеснување на прометот, овозможуваа опфатна хармонизација на трговските односи во регионот и нивна поширока економска интеграција, безцарински пристап до поголем регионален пазар. На тој начин, зголемувањето на атрактивноста на регионот за странски инвестиции, елиминирање на нецаринските ограничувања на трговијата и извозните субвенции (односно задолжително почитување на принципите и на правилата на Светската трговска организација и примена на принципот на дијагонална кумулација[84] на потеклото на стоките во трговијата меѓу земјите во регионот и регионот со ЕУ), што во значителна мерка ги подига извозниот и инвестицискиот капацитет на помалите земји или земјите во развој. Заради недоволната конкурентска положба и структура на нивните стопанства тешко се пробиваа на пазарите на развиените земји. Развиените земји не можеа да ги прифатат овие земји и поради начинот на формирањето на цените на нивните производи, кои често не се раководеа од пазарните принципи, туку беа резултат на силно присутното администрирање, што носеше опасности од нелојална конкуренција, која не е допуштена во меѓународната размена. Исто така, поголемиот дел од производите на земјите во транзиција и земјите во развој беа од групата на особено сензитивни производи што развиените земји ги штитеа не само со високи царински давачки, туку и со ригидни нецарински бариери.

Соочени со сите овие проблеми, поуспешните транзициски економии, побараа прием во Европската заедница како замена за нивната дотогашна

---

[84] UNDP"Blue Ribbon" Комисија за Република Македонија, 2006.

регионална интеграциска припадност, а и како шанса за обезбедување пазар за нивните индустрии и можност за динамизирање на порастот на нивните стопанства. Земјите во транзиција, својот просперитет и иднина го гледаат во регионалното поврзување со прифаќање на сите правила и принципи кои ќе им овозможат равноправен пристап со членство во регионалните интеграциски процеси и организации.

## 3.2.ЕВРОПСКИ МОДЕЛИ НА РЕГИОНАЛИЗАЦИЈА

На европска почва, процесите на создавањето на нација-држава започнале во 17 век во Франција, Англија и Шпанија. Неопходен предуслов за успешно креирање и формирање на националните држави било воспоставувањето на централната власт, која во Франција и Шпанија било поддржана од воспоставениот административен апарат, а во Англија пак од претставничките тела. [85] Формирањето на националните држави продолжило и во втората половина на 19-от век, во земјите како што се Германија и Италија, и тоа со поддршка на централната влада и со воспоставување на претставничките тела.

Анализата на историскиот развој на европските земји покажува дека во периодот од 17 до 19 век, концептот на развој се базирал на идејата за „ една земја - еден народ -една нација".[86] Во образложението на оваа идеја во некои земји, поради тенденцијата да се зајакнат националните капацитети отишло чекор понатаму, па се издиференцирало гледиштето дека „ државата може да биде исклучиво само унитарна", игнорирајќи го фактот дека државата може да преземе многу форми и обично е сложено решение.

Земјите кои го прифатиле концептот на Јакобинците за централизирана унитарна држава, немало простор за создавање други форми на територијални заедници. Така запоседнатите национални регионални идентитети останале

[85]Fabrini, 2007, Compound Democracies: Why the United States and Europe Are Becoming Similar p.14.
[86]Puig, M. (2008). Regionalisation in Europe. Report No 11373 of 14 September 2007 in: Documents-Working Papers Vol VIII, Parliamentary Assembly, Council of Europe Publishing, Strasbourg .p. 14

заробени во идејата за унитарност и унитарна држава, без никаква шанса за сопствен развој.[87]

Тоа довело, најголемиот дел од различните идентитети да бидат асимилирани, па и многу од нив останале скриени со години во унитарноста, но, сепак не исчезнале.

Државата базирана на централизација во односот меѓу централната власт и регионот останала доминантна во територијалните политики на националните држави се до последните децении на 20 век. Основната поставеност на овој пристап се базира на идејата за „холизам", според кој целината е поважна од деловите. Според Рокан и Урвин, во политиката на регионите, оваа идеја се базирала на премисата дека државата е единствен носител на националниот интерес способен за обезбедување мир и дистрибуција на јавни добра, и дека идентитетите не треба да имаат активна улога во креирањето на политиките. Овој е хиерархиски концепт на односот помеѓу центарот и регионот, пристап поставен од врвот кон дното. Пристапот „од врвот надолу" бил прифатен и на ниво на европски национални држави и на ниво на Европската унија до крајот на '70-тите години на 20 век и е познат како „стариот регионализам". Хиерархискиот концепт на односи врз основа на силна централна и слаба регионална власт, е концепт во кој регионите се претворени во обични извршители на задачите на централната власт. Токму затоа, појавата на секој посебен регионален идентитет се смета за закана за територијалниот интегритет на државата.[88]

Ваков конципиран однос, неминовно создава услови за судири и побуни, па според Гутман (Gottman) токму конфронтацијата преставува суштината на моделот центар-периферија.

Така, во рамките на централизираните и унитарно структурирани држави,со години биле поттиснати желбите и аспирациите за сопствена идентификација и легитимација на регионалната свест и посебните

[87] Исто, стр. 14.
[88] Исто, стр. 17.

територијални интереси. Во текот на шеесеттите години на 20 век, со политизацијата на регионалните желби и аспирации, во голема мера беа одбележани само како социјални и културолошки барања во однос на економските фактори, што доведе до будењето на регионалните и националните политики во Шкотска, Велс, Бретања, Корзика, Каталонија, Баскија како и во Белгија. Регионализацијата може да се забележи во бранови, т.е. во периоди кога повеќе европски земји имале воспоставено различни реформи во контекст на децентрализирање на власта и споделување на одговорностите со локалните власти.

Од почеток на 60-тите години па се до 90-тите години на 20 век, можеме да видиме значително отстапување од централизам на власта во повеќето европски земји. На институционално ниво, регионализмот како процес започнувал со основањето на првата европска институција (основана во 1949 година од страна на Советот на Европа и од 1952 година од Европската заедница за јаглен и челик).

Советот на Европа ги презеде првите чекори во институционализирање на регионалната идеја, во организација на Конференцијата на европските локалните власти (КЛЕВ)(во понатамошниот текст како КЛЕВ, eng: Conference of Local Authorities of Europe - CEPL). Советот на Европа имал за цел ова тело КЛЕВ да претставува региони, а не само локалните власти, провинции и окрузи. Оваа идеја ја претставуваше првата формална институционализација на европската регионална идеја. Идејата има два клучни аспекти: прво, развојот на регионот на европско ниво, и второ, создавањето на регион во рамките на самите европски земји.

Сепак, имплементацијата заживеала речиси 20 години подоцна, кога добила целосна политичка поддршка. Од тогаш, европските земји спровеле повеќе реформи  на регионализам, кои се разликуваат по 4 доминантни модели и тоа: (1) уставниот регионализам (карактеристика на Сојузна Република Германија); (2) силниот регионализам на Италија; (3) децентрализираниот

регионализам на Франција и (4) административниот регионализам – (типичен за Норвешка и други скандинавски земји)[89]

Самиот процес на регионализација се состои во изнаоѓање на оптимално решение на просторно-функционална организација и нивната максимално можна компатибилност со географската положба и природните основи, како и со познавање и предвидување на демографските процеси, борба против феноменот на етнички и географска гетоизација, поттикнување на развојот на конкурентни и компаративни предности и развивање на нови решенија за административно-територијалната организација.

### 3.2.1.ТЕОРЕТСКИ ОСНОВИ, ДЕФИНИРАЊЕ НА РЕГИОНОТ И КОНЦЕПТОТ НА РЕГИОНАЛИЗАЦИЈА

Од етимолошки аспект, поимот регион потекнува од латинскиот збор „region" што значи одредена област, подрачје или територија. Во литературата начелно се присутни два различни концепти за регионот. Според едниот поширок аспект, регионот претставува неинституционално одреден простор кој го карактеризираат одредени својства кои можат да бидат од различна природа: културна, историска, географска, демографска, јазична и сл. Во тој контекст, регионот се перципира како територијална единица која има специфични историски, социо-економски и културни карактеристики што формираат специфичен регионален идентитет и кои водат кон зачувување на тие специфичности како посебен интерес.[90]

Во научната литература не постои општо прифатена дефиниција за регион. Сепак, повеќето од авторите ќе се согласат дека регионот вклучува одредена географска блискост и соседството[91] корелација и взаемна меѓузависност[92]

89 AER, Assembly of European Regions, Собранието на европските региони- 2010b.
90. Попович Т.Г.Криза глобализације и/или глобализација кризе,Бесјела, Бања Лука,2003.
[91] Hurrell, A. (1995). Explaining the Resurgence of Regionalism in World Politics, in: Review of International Studies, p. 353
[92] Nye, J. (1965). Patterns and Catalysts in Regional Integration. *International Organization*, *19(4)*,

Други автори (Russett), би додале дека постои одреден степен на културна хомогеност спој на културните врски помеѓу одредени специфични групи во одреден простор (Gilbert), или чувство на заедништво и припадност(Deutsch). Најчесто, регионот има само географска детерминанта на одредена област, која има „заеднички социјални или природни карактеристики", без административна структура. Покрај тоа, регионот понекогаш се однесува на континентот ( на пример Европа, Австралија). Географската одредница станува примарна во дефинирањето на регионот за „нова регионална географија“, која се развила кон крајот на 20 век. Новата регионална географија се базира на нови епистемолошки, онтолошки и методолошки основи од кои се појави новиот концепт на регионот.

Според Reibsame[93], регионот се смета за простор или арена за „играње“ на човековите активности, но не мора да биде географски ентитет со јасно дефинирани граници. Според Pule[94], регионот може да се дефинира како секоја територија што е помала од државата и поголема од локалитетите или од окрузите.

Во класична историска смисла, „регион“ подразбира територија, како што се традиционалните француски покраини кои институционално биле срушени за време на Француската револуција и Наполеон, или некои традиционални територии - региони, како што се Ломбардија, Каталонија, Велс или Франконија. Регионот, исто така, може да биде вештачки креиран, како што беше случајот со некогашните француските регионални планови, според стандардите на НУТС (Номенклатура на територијални единици за статистика - Nomenclature of territorial units for statistics). Практично, потег на државата, при што дел од централната власт може да се регионализира. Од друга страна, постојат традиционални региони кои имаат сопствен регионален идентитет и кохезија, традиција, заедничка историја, искуство и посебен јазик.

[93] Reibsame, W.E. (1994). *Some Trends in Human Geographic Thinking*, Colorado University .
[94] Puhle, 1999 Puhle, H. J.  Regions, Regionalism and Regionalization in 20th Century Europe. Frankfurt. .

Еден од најважните претставници на регионалната географија Карл Ритер, регионот го дефинира како единствена и неповторлива целина во која постои единство помеѓу природата и човекот.[95]

Според овој автор, регионот е хронолошка единица која ја сочинува конкретниот географски простор со својата целокупна содржина. Земјината површина е хетерогена и е составена од повеќе региони, каде самиот регион се формира во процесот на адаптација на човекот, организиран во општество според одредени природни услови. Во рамките на оваа дефиниција, важно е да се истакне дека постои голема сличност помеѓу поимите „регион“ и „регија“. Имено, поголем број на географи го користат терминот регија, како просторно-временска категорија обликувана во интеракција со природата и човековото општество каде основен фундамент е географијата на просторот.

Денес, регионите главно се поврзани со административни единици. Можеме да кажеме дека економистите или политичарите го користат терминот регион, додека географите го користат терминот „регија“. Регионот може да има географска статистичка одредница, како што постои во терминологијата на Европската унија, каде се објаснува со статистички класификации. ( НТЕС - Номенклатура на територијални единици за статистика). Тоа може да се објасни со регионални и етнички карактеристики, кои се повеќе се појавуваат во научни истражувачки трудови.[96]

Според АЕР ( Assembly of European Regions, - Собранието на европските региони) во  Декларацијата за регионализација, регионот е дефиниран како „Територијално законско тело што е на ниво на одлучување веднаш под државата, и кој има своја политичка администрација-управа“.[97]

Според оваа дефиниција, европските региони не се хомогени субјекти и во голема мера се разликуваат во големина, население, институционална структура, одговорност и финансиската моќ. Сепак, сите европски региони имаат иста основна цел, а таа е да се придонесе за демократски цели и да се

[95] Тошић, Д. (2005). Регионална географија - quo vadis? Глобус, ,  стр.5.
[96]Благојевић, Б. (2005). Етнорегионализам у Европи. Глобус, стр. 96.
[97] Assembly of European Regions, Собранието на европските региони АЕР, 1996.

обезбедат услуги за граѓаните на ниво што е „доволно мало за да биде поблиску до граѓаните и нивните потреби, но доволно големо" за да им обезбеди на економиите доволен обем.

Во дефиницијата на АЕР за регион, често се истакнува дека во регионот се признава националниот устав или закон со кој му се гарантира својата самостојност, идентитет, овластувања и организациска структура. Процесот на создавање на помали административно-територијални единици во државата и пренесување на централната власт на овие пониски единици се нарекува регионализација. Овие административно-територијални единици се средно ниво на власт меѓу централната власт и општините. Додека, регионализмот вклучува меѓувладини (меѓудржавни) политички активности „од врвот надолу" и често се високо институционализирани во пракса. Регионализацијата е социјален процес, (од доле нагоре) и најчесто е економски мотивиран процес.[98]

Регионализацијата е систем, метод и постапка, со чија примена се запознаваат, разоткриваат, моделираат и конструираат целовитите територијални системи-региони како типолошки категории и појави на уникалниот карактер. Во својата суштина е многу комплициран метод, што од една страна, изразува предметна и методолошка специфичност (посебност) на географската наука, а од друга страна опфаќа цел еден систем општи и посебни методи.[99]

Според Радовановиќ, регионализацијата се сведува на диференцијација на територии на одредени територијални системи - региони како реални геосистемски комплекси и на територијална диференцијација по критериуми на релативна хомогеност на специфични обележја, (гравитациско-функционална поврзаност, ниво и карактер на економска развиеност, политичко-територијална организираност, производно- технолошка територијална компактност, карактер и густина на населеност, етнографски и културни посебности итн).

---

[98] Mansfield, E. D., & Solingen, E. (2010), Regionalism. Annual Review of Political Science ,

[99] Радовановић, М. (1993-1994). Регионализам као приступ и принцип и регионализација као поступак у функционалној организацији географског простора са неким аспектима примене на Републику Србију. Зборник радова Географског института „Јован Цвијић“, стр. 74

Благодарение на разновидноста и богатството на фактори кои имаат карактеристики на просторни параметри, методот на регионализација одамна е надвор од рамките на класичната регионална географија. Тој доби карактер на општ метод во сите оние науки кои доаѓаат од било кој аспект на просторните односи.

### 3.2.2.МОДЕЛИ НА РЕГИОНАЛИЗАМ

Методолошкиот развој може да се разгледува со премин од традиционалната кон новата регионална географија. Според Тошиќ, традиционалната регионална географија, заради своите теориско-методолошки слабости, доживува постепена критика и така постепено во научната јавност се изоставува. Нејзината вредност е сведена на информативна и образовна сфера но, со доаѓањето на новата регионална географија на крајот на дваесеттиот век, (кој се базира на нови епистемолошки, онтолошка и методолошки основи), регионот има ново разбирање. Истиот автор тврди дека до тој период во рамките на регионалната географија, врз основа на рационализмот, темелите во Германија ги поставил Ритер.[100] Додека пак Французите и Британците се потпираат на идејата на possibilism (политика на можности, чекор по чекор по мирен пат до целите) Русите врз основа на дуализам. Додека американските научници се под влијание на прагматизмот.

Во оваа насока, е и определувањето на регионот во рамките на Декларацијата за регионализам во Европа. Според декларацијата, регионот претставува субјект на јавното право, воспоставен на ниво под централната власт и истиот поседува политичка самоуправа. Декларацијата истакнува дека регионот треба да биде воспоставен и утврден со устав или со закон заради гарантирање на неговата автономија, власт и организациска структура.

Ваквите регионални овластувања, варираат од држави до држави и поради тоа, Собранието на европските региони, разликува пет модалитети:

[100] Тошић, Д. (2005). Регионална географија - quo vadis? Глобус, 36 (30), стр.5.

1.Конституционални региони, кои имаат државни овластувања (Германија, Австрија, Белгија, Швајцарија);

2.Региони со широка политичка и административна автономија (Шпанија, Италија);

3.Региони во децентрализирани држави (Франција, Холандија, Полска, Чешка);

4.Региони чија што власт се формира посредно преку окрузи (Ирска) и

5. Мали држави чија големина кореспондира со големината на регионот[101]

Процесот во кој националните власти или пак меѓународните субјекти креираат политика и истата ја пренесуваат кон регионите како адекватно ниво за нејзина реализација, е познат како регионализација. Ваквиот процес којшто е наполно централистички и технократски, особено е карактеристичен за државите членки на Европската унија (ЕУ).

Колкаво е влијанието на овие методологии на регионот како поле на разгледување и моделите на регионализација, покажува фактот што, под влијание на германската школа, Länder, регионите имаат клучно место во Уставот на Германија, кој пак е репрезент на доминантниот традиционален модел на регионализација - Уставниот регионализам. Сепак, не е само географијата (традиционалната и новата регионална географија) таа која имала влијание врз развојот на методологијата на регионот. Се поголемата примена на математичките и статистичките методи го генерира развојот на регионалната географија, посебно на регионалната економија, која денес е многу актуелна дисциплина. Уште повеќе овие методи без кои не може ни да се замисли денес економијата, претставуваат двигатели на многу регионални истражувања.

Некои автори, меѓу кои е и познатиот географ Бунге воочиле уште пред 50 години дека примената на математичките методи имаат големо значење. Според него, со делимитација на просторните врски и односи по пат на

[101] Assembly of European Regions, Собранието на европските региони АЕР, 1996.

математичките методи, можат да се одредат границите на регионот кои на овој начин се повеќе од јасни. Примената на статистичките методи, претставува појдовна основа во сите регионални истражувања.Скоро сите Европски држави ја усвоиле „Номенклатурата на територијаните статистички единици“ по чиј што модел  и принципи се креира регионализацијата. НУТС ( Nomenclature of territorial units for statistics) ги класифицира географските области и обезбедува рамка за собирање и објавување на стандардизирани статистички податоци, која може да се користи за анализа, како и рамка за европската политичка иницијатива.[102]

Многу економисти преку нивните истражувања, даваат огромен придонес во развојот на регионалната методологија, како што се Кругман, Портер и Brakman Garretsen, Boschma, Kitson, како и многу други автори. Мултидисциплиниот пристап кон проучувањето на сложените регионални прашања и нејзината практична примена, заживеа откако доби политичка поддршка во европските земји. Од тогаш, европските земји спроведоа многу реформи на регионализам, кои се разликуваат по 4 доминантни модели и тоа уставниот регионализам (карактеристичен за Сојузна Република Германија), силен регионализам на Италија, децентрализиран регионализам на Франција и административен регионализам - типично за Норвешка и другите скандинавски земји[103]

[102] Исто, стр.12.
[103] AER (2010b). The State of Regionalism in Europe An AER Report. Part II: What do Regions look like in Europe? An overview for the 47 Member States of the Council of Europe. Strasbourg.

Слика 1. Четири доминантни модели на регионализам во Европа (AER, 2010b).




Меѓутоа, историско-компаративниот метод нема да биде комплетен, освен ако не ги објасниме процесите и идеите за регионализација во Шпанија, која има силни[104] регионални корени, иако не припаѓа на овие доминантни модели. Овие општонаучни методи за генерирање на знаење за потеклото и развојот на регионализацијата, неговите општи и специфични карактеристики и детерминанти се од суштинско значење за нејзиниот развој. Историските извори, се многу битни во компаративниот метод, споредувајќи ги со историските настани за да се идентификуваат разликите, но и сличностите во однесувањето, структурата, интензитет, квалитетот, формата и содржината на развојот меѓу анализираните земји.

### 3.2.2.1.ГЕРМАНСКИ МОДЕЛ НА РЕГИОНАЛИЗАЦИЈА

Сојузна Република Германија има долга регионална традиција, која траела со векови, а била прекината за време на нацистичкиот режим. По Втората светска војна во Германија со поддршка на сојузничките сили,

[104]www.gi.sanu.ac.rs J. Геог. Inst. Цвијиќ 62 (1) (31-48) 38.

постепено се воспоставувала и враќала федералната структура, за да би се спречило било какво враќање на  авторитатизам и како превенција од било какви политички аспирации на новата држава. Во 1949 година се носи Уставот според кој  Сојузна Република Германија ја сочинуваат области (Länder) од западните окупирани зони освен областите Saarland, која останува под француски суверенитет се до 1956 година. Веднаш по тоа, Советскиот Сојуз ја прогласува Демократска Република Германија на источната страна, се укинуваат сите  Länder-и, а во 1952 година се воспоставува централизирана државна административна структура.[105]

Слика 2. Регионите во Германија[106]




Сојузна Република Германија добила три административни нивоа: централно ниво со 11 Länder-a меѓу кој се наоѓаа и градови-региони како Хамбург, Бремен и Западен Берлин, потоа регионално ниво и општини.

Иако властите на сите области-региони  Лаундери (Länder) учествувале во Бундесартот (Bundesrat - федерално собрание), како и во Бундестагот

[105] Deyon P. (1997). Régionalismes et régions dans l'Europe des quinze, Éditions locales de France – Bruylant. Fabrini, S.(2007). с. 32.
[106]AER (2010b). The State of Regionalism in Europe An AER Report. Part II: What do Regions look like in Europe? An overview for the 47 Member States of the Council of Europe. Strasbourg., c.87

(Bundestag -  парламентот), надлежностите на овие власти не биле големи или биле директно контролирани од страна на централните власти.

Германија денес има 16 региона - Лаундери, од кои 5 се приклучени од поранешната Демократска Република Германија, по падот на  Берлинскиот ѕид. Сите  региони во целост развиле независно законодавство, свои извршни и судски органи.

### 3.2.2.2.ИТАЛИЈАНСКИ МОДЕЛ НА РЕГИОНАЛИЗАЦИЈА

Централизацијата во Италија под раководство на Мусолини доживеала распад во периодот по Втората светска војна односно до донесувањето на новиот устав.  Со Уставот од 1947 година се препознава желбата за административна децентрализација, и тоа со поддршка  од 40 локални самоуправи и делегирање на  власта. Според членовите на овој Устав, Републиката е поделена на 14 региони, кои се основани како автономни тела со сопствени специфични овластувања и функции во согласност со принципите на Уставот. Освен желбата за регионално децентрализирање и се поголемата поддршка од локалните самоуправи, Италија се соочила со опасност од сепаратистички движења: Alto Adige, Vald'Aosta и Istria[107]

Уставот на Италија од 1947 година ги гарантирал новите територијални единици-регионите и децентрализацијата, а значително се намалила и опасноста од сепаратистичките движења.

[107] AER (2010b). The State of Regionalism in Europe An AER Report. Part II: What do Regions look like in Europe? An overview for the 47 Member States of the Council of Europe. Strasbourg c. 19.

Слика 3. Регионите во Италија[108]




Наспроти почетниот елан, резултатите од имплементацијата на регионалната политика биле многу скромни. Најмногу поради недостаток на финансиска поддршка и заедничките функции со централното ниво (функции кои би требало самостојно да ги обавуваат и делат со централната власт), политичкиот отпор на децентрализацијата од страна на опозицијата и централистичкиот менталитет. Заради тоа, во 1970 година започнала втората фаза на регионализација – регионална реформа. Со оваа реформа регионите добиле многу поголеми овластувања во социјалните услуги, регионалното планирање и економскиот развој.[109]

Освен директните регионални бенефити, регионалната реформа ја зајакнала Италија со модернизација на нови закони и администрација и општо зајакнување на демократијата. Тогаш Италија добила 15-ти регион – Фјиули Венеција Ѓулија (Friuli Venezia Giulia).

[108] AER (2010b). The State of Regionalism in Europe An AER Report. Part II: What do Regions look like in Europe? An overview for the 47 Member States of the Council of Europe. Strasbour, с. 119.

[109] Cassese S., & Torchia L., (1993). The Meso level in Italy, in Sharpe L.J., The rise of meso government in Europe,

Најзначајна фаза во процесот на децентрализација била во 1997 година кога е применета „Bassanini“ реформата заснована на принципот на супсидијарност. Оваа реформа пренела нова одговорност на регионите (рурално планирање, заштита на животната средина, изградба на локална патна мрежа и стручно оспособување) и ја зголемила фискалната автономија со создавање на нови регионални даночни приходи. Поголеми промени во институционалната организација на регионите се направени во 2008 година, кога Советот на министри го одобрил Законот за фискален федерализам. Овој Закон ги дефинира критериумите и роковите за атрибуција на финансиската автономија на регионите.

Денес, Италија се состои од општини, покраини, региони и централна влада. Земјата е поделена на 20 региони од кои 15 имаат „обичен статус“, а преостанатите пет региони имаат „специјален статус“ (Фриули Венеција Ѓулија, Сардинија, Сицилија, Трентино-Алто Адиќе, Валле д'Аоста). Тука спаѓаат и двете автономни покраини, Болцано и Тренто.

### 3.2.2.3.ФРАНЦУСКИ МОДЕЛ НА РЕГИОНАЛИЗАЦИЈА

Франција претставува типичен пример за унитарна, централизирана национална држава, со корени на централистичка организација во средновековна апсолутистичка монархија. Постоењето на територијални под-поделби се означува како најдобар пример за деконцентрација, сфатена како поместување на административните работи што ги извршуваат државните органи, кои се цврсто поврзани за хиерархиската структура на централната државна власт. Територијата на Франција настанала како резултат на средновековното ширење на династиите, така да пред револуцијата во 1789 година, картата на Франција била иста како и денес. Во 18-ти век постоело најмалку четири административни, судски или фискални поделби кои територијално не се совпаѓале, така да погрешен е заклучокот дека новата административна структура ги заменила дотогашните провинции. Регионалната

поделба на Франција прв ја прифатил и во текот на Втората Светска војна ја спровел Вишијев.[110]

Сепак, француските региони доживеале значаен развој во втората половина на дваесеттиот век, врз основа на моделот на административна децентрализација. Франција како држава е традиционално унитарна, што е потврдено и со Уставот од 1958 година. Но, со истиот устав дозволила и постоење на две нивоа на децентрализација и тоа (AER, 2010b, с. 21): територијално ниво на децентрализација (во однос на територијалната власт и јавните установи) и ниво на државна деволуција. Со Уставот на Франција во однос на децентрализацијата предвидени се нови категории како што се: округ, доброволно-општински конзорциум и урбани заедници. Со државната деволуција креирани се административни државни окрузи, кои немаат својство на правно лице или финансиска автономија. На чело на округот се наоѓа претставник на владата познат како префект.

Слика 4. Регионите во Франција[111]




[110] Schrijver, 2006 Schrijver, Frans 2006: Regionalism After Regionalisation: Spain, France and the United Kingdom. Amsterdam Universitu Press.p. 171.
[111] AER (2010b). The State of Regionalism in Europe An AER Report. Part II: What do Regions look like in Europe? An overview for the 47 Member States of the Council of Europe. Strasbour, c. 71.

По донесувањето на Уставот, им било потребно уште 20 години за да заживее процесот на регионализација. Со текот на засилувањето на економските мотиви наспроти политичките, како и со препознавањето на одредени региони по своите специфичности (на пример регионот Бретања по земјоделско-стопанските активности), локалните власти одиграле фундаментална улога во промоција на процесот на регионализацијата. Настојувањето и желбата за побрз економски развој и промоција на своите региони, локалните власти во текот на 80-тите години на 20-тиот век влијаеле со помош на регионалните реформи. Франција има 22 региони на својата територија и 4 преку океански региони (Guadeloupe, Guyane, Martinique и Réunion).

### 3.2.2.4.СКАНДИНАВСКИ МОДЕЛ НА РЕГИОНАЛИЗАЦИЈА

Норвешка и другите скандинавски земји (Шведска и Данска) имале долга традиција на силни локални самоуправи, кои постоеле повеќе од 150 години. Се до почетокот на 1990 година, локалните самоуправи се реформирани во два фазни процеса. Во првата фаза, целта била да се намали бројот на општините, пред се да се спојат во поголеми општини и да добијат различни задачи и одговорности.

Во Норвешка постојат 19 окрузи и 430 општини. Секој округ ја застапувала регионална агенција на централната влада и представници на органите на локалниот ентитет избрани од гласови на локалното население. Овие тела имале сопствена самоуправа, свој буџет и право да собираат данок, што била основна причина за започнување на реформите во 1964 година.

Реформата имала за цел раздвојување на овие две функции на округот, но, и поделба на задачите, функциите и финансиите помеѓу три нивоа на управување (централна влада, окрузи и општини). Другата фаза на реформи се спровела од половината на 70-тите години на 20 век.

Слика 5. Регионите во Норвешка [112]




Трите основни цели на таа реформа биле следниве: да се децентрализира, демократизира и обезбеди ефикасна администрација. Потоа на граѓаните им се давале многу подобри јавни услуги, како резултат на добро спроведените реформи. Од тогаш окрузите давале услуги на локалните самоуправи, за сметка на тоа што се користеле услугите од самите локални самоуправи.[113]

[112] AER (2010b). The State of Regionalism in Europe An AER Report. Part II: What do Regions look like in Europe? An overview for the 47 Member States of the Council of Europe. Strasbour, с. 174.

[113] AER (2010b). The State of Regionalism in Europe An AER Report. Part II: What do Regions look like in Europe? An overview for the 47 Member States of the Council of Europe. Strasbour, с. 23.

Од примерот на  Норвешка, може да се заклучи дека децентрализацијата на  власта првенствено се имплементира заради зголемување на благосостојбата на граѓаните. Основен мотив бил еднаквост на  граѓаните во користење и добивање на јавните услуги, односно,подеднаква  достапност на овие услуги на сите граѓани.Втора и многу важна карактеристика на регионализацијата во Норвешка (како и во останатите скандинавски земји) е тоа што, окрузите добиле поголем степен на самостојност во однос на централната власт

### 3.2.2.5.ШПАНСКИ МОДЕЛ НА РЕГИОНАЛИЗАЦИЈА

Шпанија немала доминантен модел на регионализација како Германија, Италија, Франција и Норвешка. Шпанскиот модел бил сличен на  францускиот модел, и со долга регионална традиција. Во текот на  18-тиот век, шпанската елита тежнеела да го примени францускиот модел на централизација. Со почетокот на  19-тиот век, Наполеоновата окупација и шпанската војна за независност биле историски ориентир со јасни ефекти на создавање на шпанската нација и модернизација на државата. Народните протести против Наполеон и војната за независност го зафатиле целиот Иберијски полуостров потврдувајќи единство на  Шпанија и создавање услови за модернизација. Парадоксално, востанието против француската окупација било пропратено со копирање на  француската државна структура, а архитектите на  либералната шпанска држава го следеле јакобинскиот идеал на  француската револуција, а тоа се: бирократска централизација, културна хомогенизација, стандардизација, униформна хиерархиска деконцентрација.[114]

На тој начин, Шпанија станала држава по пример на Наполеоновата државна традиција. Гледано историски, регионите се укинати како административни тела и се заменети со 49 провинции кои подсетуваат на француските департмани. Воведен е и единствен правен систем, со централно

---

[114] Moreno, L. (2001). The Federalisation of Spain, London: Frank Cass , c. 44-45 Schrijver,  Frans 2006: Regionalism After Regionalisation: Spain, France and the United Kingdom. Amsterdam Universitu Press;, c. 82.

избрани функционери – цивилни гувернери (како префекти во Франција), кои се поставени во секоја провинција. Идејата за регионализација во Шпанија повеќе била застапена од страна на сецесионистите и националистите, како би ја истакнале потребата за независност на неколку шпански територии.

Пред почетокот на Втората светска војна, и на денот од прогласувањето на Втората Република, Каталонските националисти прогласиле независна Каталонска република и Иберијска конфедерација, која никогаш не била реализирана. Затоа што, по преговорите, Католонците добиле статус на автономија додека на Баскија и Галиција овој статус им е доделен неколку години подоцна.

Прашањето за регионална автономија донело до бројни контроверзии кои допринеле на политичката поларизација и избувнување на граѓанската војна која го означила крајот на Втората република и го трасирала патот кон воспоставување на Франковиот режим. Според Морено „две најзначајни патолошки фиксации на Франковата диктатура биле антикомунизмот и анти сепаратизмот“.[115] Националното единство станало опсесија на Франкстичката идеологија, а карактеристика на режимот била цврстата одлука да се искоренат регионалните идентитети по пат на брутална забрана. Меѓутоа, дури и авторитарната централизација па и забраната на регионалните културни изрази и обележја не успеал да ги намали јазичните и културни разноликости. Напротив, тоа довело до ревитализација и ширење на регионализмот .

Дури по 40 години, шпанскиот Устав создава автономна заедница – регион во Шпанија. Према овој Устав во Шпанија постојат три нивоа на власт: централна, регионална – автономни заедници и локална власт. Шпанија има 17 региони меѓу кои се Андалузија, Арагон, Астуриас, Балеарски острови, Баскија, Канарски острови, Кантабрија, Кастиља и Леон, Кастиља ла Манча, Каталонија, Екстремадура, Галиција, Ла Риоха, Мадридски регион, Мурсија, Навара и регион Валенсија.

[115]Moreno, L. (2001). The Federalisation of Spain, London: Frank Cass, с. 84.

Слика 6. Регионите во Шпанија[116]




.

Локалните власти опфаќаат 50 провинции и преку 8000 општини. Секој регион во Шпанија има свое собрание познато како автономен парламент. Парламентот избира претседател на автономна заедница- регион, кој го потврдува Кралот на Шпанија, и кој ја одредува регионалната влада. Регионите одлучуваат по прашања кои се важни за тој регион, како и за надлежностите, кои им се пренесени од централната власт, а се однесуваат на планирање и станбени прашања, јавни работи, сообраќајна инфраструктура, пристаништа и аеродроми, земјоделие, шумарство, животна средина, рибарство, економски развој, културно наследство, туризам, спорт, социјална заштита и здравство.

Од претходново може да констатираме дека патот на регионализација на европските држави бил сложен и тежок. Иако, традиционалните региони постоеле многу долго, на пример (Ломбардија, Каталонија, Велс, Баден Виртенберг, Бретања или Франконија), државно-централниот пристап заснован на централизација и хиерархијската визија, односите помеѓу централните

[116]AER (2010b). The State of Regionalism in Europe An AER Report. Part II: What do Regions look like in Europe? An overview for the 47 Member States of the Council of Europe. Strasbourg., с. 215

власти и регионите останал доминантен во територијалната политика на националните држави се до 20-тиот век. Дури во 60-тите години од 20-тиот век, се воочува значително отстапување од централизмот, кога постоела и потполна политичка поддршка. Од тогаш, европските држави применуваат повеќе реформи за регионализација, каде се разликуваат според претходно елаборираните четири доминантни модели.

Разликите во уредувањето на општествено-политичкиот систем на европските земји, нивната традиција, специфичните институционални рамки и географско- природните основи, биле одлучувачки во креирањето на:

1. 16 Лаундер (Länder) федерации во Германија;
2. 25 силни региони во Италија (од кои неколку, како на пример Трентино-Алто Адиѓе, Валле д'Аоста имале сецесионистички побуди);
3. 22 региони на кои им се пренесени големи овластувања од една унитарна и длабоко централизирана држава во Франција;
4. Голем број помали региони со долга традиција и силни локални самоуправи во Скандинавија,
5. 17 региони кои се креирани според Француското решение, но и според тежненијата на поединечни италијански региони посебно за Баскија, Каталонија и Иберија во Шпанија.

Со комбинација од искуството на овие модели, во Европа денес постојат преку 270 региони, кои се протегаат од Азорес во Португалија, па се до Аѓаро во Грузија.

# IV.ГЛАВА

# ИМПЛИКАЦИИ ОД ПРОЦЕСИТЕ НА ФРАГМЕНТАЦИЈА ВРЗ МИРОТ И СТАБИЛНОСТА

## 4.1.ПРИЧИНИ ЗА ФРАГМЕНТАЦИЈА

Глобализациските процеси се синтеза од партикуларните и универзалните вредности, двострани процеси кој вклучуваат взаемност на универзализацијата на партикуларизмот и партикуларизација на универзализмот. Ваквата двојност, упатува на тоа дека процесите на глобализација подразбираат истовремено делување кон унификација и кон фрагментација.

Значи, фрагментацијата не е само реакција на глобализацијата туку е нејзин аспект и креација. Односно, процесот на глобализацијата, освен што поврзува и произведува трансформација на просторот и времето, негово згуснување и обединување, тој доведува и до нови посложени процеси, настани и неизвесности. По се изгледа, колку што светот станува сè повеќе глобализиран и интегриран на економски, техничко-технолошки, политички и културен план, толку сè повеќе истиот се регионализира, фрагментира и локализира. Процесите на регионализација, фрагментација и локализација, се сметаат како внатрешни елементи на глобализацијата, а не како нејзини контрапроцеси.[117]

Поимот „фрагментација“ (лат.divisio-разделување, одделување, делба) е процес кој се појавува како тенденција на одредени малцински групи или заедници, кои побаруваат автономија промена на политичката структура, или отцепување (најчесто со сила) од одредена заедница, според однапред одредени критериуми (политички, економски, општествени, културни, географски и сл.).[118]

---

[117] Vidojevic Z.,Kuda vodi globalizacija, Filip Visnjic, Beograd,2005 str.111-113.

[118] Миќуновиќ Љ., Современ лексикон на странски зборови и изрази, Наша книга,Скопје,1990.

Во врска со поимот фрагментација, Калеви Холсти воочил извесна еднострaност кај теоретичарите на меѓународните односи тој вели: „аналитичарите беа под такво влијание на зголемена меѓузависност што го игнорираа симултаниот или паралелниот процес на сѐ поголемата фрагментација“.[119] Во суштина меѓународните институции, иако, разрешуваа нешто што се наоѓало надвор од опсегот на управување на националната држава, сепак покажаа и значајни слабости. Се констатирало дека тие можат да ги совладаат дефицитите во достигнување на целите на управување на државите. Затоа, бројот на луѓе во светот, со својот материјален статус, се наоѓаат на работ на општеството. Денес, тој број е многу поголем отколку во времето на процутот на демократската држава на благосостојбата. Во тоа се гледа растечката фрагментација паралелна со политичката интеграција.

Од почетокот на основањето на ООН бројот на држави членки на ООН се зголемил и тоа од 51 држава членка во 1945 година на 154 држави членки до 1980 година. Ваквото огромно зголемување на бројот на државите членки на ООН, се должи на проблемите кои ги оставиле колонијалните сили а добиле поддршка од земјите опоненти на Студената војна. Во периодот од 1980 година до 1990 година, бројот се зголемил само за 5 од причини на самоопределување. Или просечно, од 1950 година до 1990 година секоја година се формирале по 2 нови држави.[120]

Кон крајот на Студената војна доаѓа до значителни промени и пораст на новонастанати држави кои беа дел од Советскиот сојуз, Југославија и Чехословачка. Бројот до 2000 година се искачил на 189 држави членки. Главните причини за оваа фрагментација се наоѓаат во распадот на економските и политичките системи, како и во порастот на национализмот на одредени групи кои сакаат да го изразат сопствениот идентитет. Од 2000 година до 2008 година бројот се зголемил само за 3 нови држави членки (меѓу кои е и Црна Гора). Ако овој тренд на раст продолжи за очекување е да имаме многу

[119] Холсти 1980, “Cold War Axioms in the Post-Vietnam Era,” in Alexander George,Ole R. Holsti, and Randolph M. Siverson (eds.), Change in the International System (Boulder, CO: Westview Press, 1980), стр.23.
[120] Growth in U.N.membership 1945-present, - htpp://www.un.org/en/members/growth.shtml.

нови држави. Според некои процени, доколку продолжи процесот на фрагментација од сегашните 208 држави во светот, во иднина тој број би можел да се зголеми од 500 до 1000 држави.[121]

По Студената војна можат да се забележат паралелно процесите на интеграција и на дезинтеграција, каде Западот се интегрира, додека Истокот се фрагментира. Како главни виновници за таквите процеси се посочуваат економијата и етничките групи кои сакат автономија и тврдат дека државата е одговорна за нивното економско заостанување.Значи, државата за да се адаптира на процесите на глобализацијата потребно е да ја интегрира својата национална економија како би била конкурентна на светскиот пазар, а од друга страна пак, процесот на фрагментација ја води државата во сосема спротивна насока, принудувајќи ја националната држава да создаде конкурентност на економијата и на национално ниво.[122]

Причините за фрагментација можат да бидат различни и можат да се однесуваат како на внатрешните процеси, така и на надворешните процеси на интеграција односно дезинтеграција. Најчесто тоа се демографските, технолошките, геополитичките, економските, социокултурните и еколошките.[123]

Додека пак, факторите на фрагментацијата можат да бидат од различна природа, како што се на пример: промена на економската структура, растечката нееднаквост, имиграцијата, културната разновидност, незадоволството од централизацијата на државата, економската несигурност, дефицитот на демократија, појавата на национализам, неспособноста на централната власт да го заштити населението и да ја одржи безбедносната состојба на задоволително ниво, отсуството ефективно управување во државата и слично.

Најважни фактори кои имаат големо влијание на фрагментацијата се издвојуваат политичките фактори како основен фактор, економските фактори, културните и еколошките фактори.

---

[121] Vidojevic Z.,Kuda vodi globalizacija, Filip Visnjic, Beograd,2005 str.121.
[122] Исто стр.178.
[123] Неделкова.А. Бауман З. И Филипов Д. Глобализам, Регионализам и Антиглобализам, Албатрос, Софија 2005 , стр.54.

## 4.2.ПОЛИТИЧКА ФРАГМЕНТАЦИЈА

Политичката фрагментација означува процес во кој се редуцира влијанието на политичките организации, така што се подрива егзистенцијата на политичките заедници. Политички фрагментирани се сите активности кои намерно и фактички се насочени кон укинување или на намалување на постоечките политички заедници и организации, било преку просторна сецесија или преку исклучување на одредени групи на луѓе.

Зголемената сиромаштија од индивидуите создава ограничена работна способност која подоцна носи и скратување на  социјалните права кои се неопходни за означување на припадност или за делување. Тоа создава форма на политичка фрагментација. Во овој случај политичката фрагментација е несакан (но секако прифатен) придружен производ. Поради тоа, носителите на одлуки, покрај други причини,  биле присилени на соодветни мерки за решавање на материјалната сиромаштија.

Ситуацијата во која на националната држава веќе не ѝ поаѓа од рака да овозможи систем со моќ на убедување, и во кој може да се развие цивилен граѓански колективен идентитет распространет на сите членови на отворената политичка заедница, нè  води до компонентите на фрагментација.

Колективниот  идентитет постои во онаа мерка во која се и субјективниот напредок и патењето на групите како колектив. Таквото определување на колективниот идентитет, отсликува двоен карактер на поимот идентитет. Колективните идентитети се чувствуваат и се носат индивидуално, меѓутоа субјектот на кој му припаѓаат колективниот идентитет и со него поврзаните атрибути е самата група (спор.во врска со ова Weiler 1997). Со други зборови, во индивидуалниот идентитет се таложат колективните идентитети, но „јас“ и „ние“ не се поистоветуваат.

Со оваа претпоставка се градат социјалните интереси кои се однесуваат на групата како целина. Денес, цивилно-граѓански идентитет на демократските нации, денес се спротивставени на низа фрагментарни предизвици и тоа:

-се формираат социјални сили кои исклучуваат делови од населението од заедницата, притоа сакајќи да го заменат цивилно-граѓанскиот идентитет со идентитетот кој е етнички втемелен (десен екстремизам);
-општествените движења кои тежнеат кон територијално отцепување од заедницата, истакнувајќи го притоа посебниот регионален идентитет (било да е цивилно-граѓански или етнички конституиран регионализам.

Кога се во прашање целите на ефективно управување, не станува збор за тоа дали колективните идентитети се еднакви на нацијата или не, туку за тоа што изградбата на идентитетот настанува на цивилно-граѓански и интегративни темели. Токму ова барање е тешко да го исполнат фрагментираните движења.

### 4.2.1.ДИНАМИКАТА НА ПОЛИТИЧКАТА ФРАГМЕНТАЦИЈА

Најочигледна форма на планираната фрагментација е таа кога етнички дефинираните групи сакаат во потполност или делумно да се издвојат од национално-државната врска. Таквите сецесионистички или автономистички аспирации се забележуваат во голем број на држави во Источна Европа и на поранешната советска територија. Од тоа најчесто се раѓаат судири кои се решаваат насилно како во поранешна Југославија, или мироЉубиво и со цивилизирани средства, како во поранешна Чехословачка.

Таквите сецесионистички и автономистички аспирации, се вбројуваат под принципот на самоопределување и можат да бидат израз како на еманципаторски, но и на регресивни политички тенденции. Тие изразуваат неуспех во настојувањата на конкретната национална држава да изгради убедлив систем, во кој е можно да се развива цивилен граѓански колективен идентитет кој се однесува подеднакво на сите членови на политичката заедница.

Сецесионистичките и автономистички движења се форма на политичка денационализација доколку се насочени кон намалување на опсегот на важење на политичките уредувања и на фрагментација на организациите кои ги носат.

Меѓутоа, кога е во прашање распадот на Советскиот Сојуз и социјалистичките држави во Источна Европа поприфатливо е дека тој претставувал израз на политичка национализација, затоа што се распаднала империјата, и ја замениле поединечни национални држави. Но, сецесионистичките и автономистичките тежнеења пораснаа и надвор од рамките на некогашната советска империја. Евидентно е дека земјите од овој регион на светот побрзо доаѓаат до процесите на општествена национализација одколку денационализација и затоа претставуваат извор на национализам. Исто така, во последните децении автономистичките и сецесионистичките движења не се појавија само таму, туку ширум светот.

Ако се направи анализа, во 1990 година во светот имало повеќе судири со малцинствата отколку претходно. Според тоа, таквите судири се во пораст од крајот на Втората светска војна.

Во таа смисла Тед Гар, раководител на истражувањето „Малцинства изложени на ризик“ (*Minorities at Risk*) вели: „Повторното јакнење на регионалните политички активности започна пред ерата на Горбачов, и набрзо ескалираа во ненасилни и насилни протести после 1985 година. Бидејќи истражувањето е завршено во 1989 година, го нема опфатено интензивирањето на насилничките националистички и регионални судири во периодот од 1990 до 1991 година“.[124]

Исто така и во западните демократии се активни околу 35 регионални или етнички групи со сецесионистички и автономистички аспирации.[125] Од кои добар дел во Западна Европа и Северна Америка, (поточно во јадрото на државите на ОЕЦД), поистакнати се движењата во северна Италија, Велс и

[124] Gurr, Ted Robert (Hg.)Minorities at Risk.A Global View of Ethnopolitical Conflicts, Wshington, D.C. 1993, p.131.
[125] Schultze Hagen 1994: Sat und Nation in der europaischen Geschichte, Munchen

Шкотска, Квебек, а надвор од Г-7 земјите тоа се движењата во Каталонија и Баскија, како и судирите помеѓу Фламанците и Валонците во Белгија.

Во 1981 година, на изборите за регионален парламент, во регионот на Квебек, достигна врв *Parti Quebecois* со 49,3% гласови, но кон крајот на 80-тите години падна на ниво од 40%, за да стигне до 45% во 1994 година. Во Шкотска, *Scottish National Party* во 1974 година го достигнала својот најдобар резултат од 30,4%. Бројот на гласови паднал на 11,8% во 1983 година, за потоа континуирано да порасне до 22 проценти во 1997 година. Паралелен развој се забележува и во случајот со *Plaid Cymru* во Велс (1974-10,8%; 1987-7,3%; 1997 – 10%). На националните избори во Италија за Јужнотиролската народна партија од 1948 година останала константната изборна поддршка од 0,4 до 0,6 отсто од гласовите, додека Lega Nord дури во 90-тите години ги забележала супстанцијалните резултати, добивајќи во 1996 година 10, 1% од гласовите во цела Италија.[126]

Во овие случаи очигледен е порастот на моќта на регионалистичките движења од крајот на 80-тите години на 20-тиот век. Наспроти тоа, некои други регионални движења, (кои постоеле во средината на 70-тите години), од различни причини не зајакнале. Тука се вбројуваат, движењата на Корзика и во Бретања во Франција, како и движењата на скандинавските малцинства.

Воочливо е дека движењата кои не зајакнале се наоѓаат во регионите кои се видно посиромашни и послаби од останатите земји. Важен исклучок претставува релативно сиромашната Галиција, која во 90-тите години значително го зголемил бројот на гласови на партијата која застапувала галициски регионализам.[127]

Треба да се нагласи дека со децении САД и Сојузна Република Германија се поштедени од сериозни регионалистички аспирации кон автономија.

[126] Schmidtke Oliver 1996: Politcs of Identity, Ethnicity, Territories, and the Political Opportunity Structure in Modern Italian Society Sinzheim

[127] . Lange Niels 1998:Zwichen Regionlismus and europaischer Integration> Wirtschaftsinteressen in regionalistischen Konflikten, aden-Baden

Може да се заклучи дека, во последните две до три децении на минатиот век, се намалува значењето на регионалистичките аспирации кои за основа имаат евидентно економско занемарување и кај кои се смета дека националната држава е одговорна за нивното економско заостанување.

Наспроти нив, посилни станаа оние аспирации кои отсекогаш сакале автономија во однос на националната држава, а кои притоа не ја наведуваат како причина економската дискриминација. Се чини дека, новиот регионализам (*Lega Nord),* бара издвојување од политичкиот центар и укинување на даночните обврски кон овој центар кој лежи надвор од регионот.

Понатаму, политичката фрагментација, се отсликува во искажувањата на екстремно десните партии од средината на 80-тите години на 20-тиот век. Програмата на овие партии е согласна во ставот дека, малцинствата кои очигледно имаат други етнички корени се исклучуваат (секако, помалку или повеќе отворено) од националната политичка заедница во корист на етничката дефиниција на нацијата. За разлика од регионалните движења, тие ја одбиваат интеграцијата.

Овие партии ги претставуваат социјалните сили кои отворено ја застапуваат политичката фрагментација.[128] Сепак, нужно е да се направи разлика. Прво, постојат партии кои во суштина се ограничуваат на тематиката имиграција и идеолошки и организационо се ориентираат на фашистичките модели. Идеал типови за оваа неофашистичка партија претставуваат Германска народна унија (DVU) во Германија и Национален фронт (*National Front)* во Велика Британија. Второ, постојат десни популистички партии кои, покрај заострената имиграциона политика и барањата за закон и ред (*law and order*) , истовремено се залагаат за развластување на корумпираната политичка класа во старите партии и интелектуалниот естаблишмент во корист на обичниот, работен народ, како и за намалување на даноците, па ги поврзуваат со етнонационалистичките елементи.

[128] Исто.

На пример *Forza Italia* на Берлускони и Хајдеровата ФПО (FPO) во Австрија се опортунистички тип на екстремно десни партии, иако во втората половина на 80-тите години, неолибералните програмски точки на ФПО биле поизразени одколку денес (Ulram 1997). Во земјите на Г-6, застапени се републиканците во Германија, Националниот фронт (на Ле Пен) во Франција, *Forza Italia* и новата *Alleanza Nazionale* во Италија, канадската *Reform Party*, како и Ross Perot и Pat Buchanan во САД, додека италијанската *Lega Nord* претставува мешавина на регионалистичка и десна популистичка партија.[129]

Кај наведените партии различен е односот на неолиберални и етнонационалистички елементи. Тие се наоѓаат, помеѓу отворениот и скриениот свет на расизмот, помеѓу Ле Пеновата платформа на непријателство кон странците и Рос Перот, а пак кај германските републиканци, недостасува неолибералниот елемент.

Гледано во целина, новата популистичка десница може да се смета како авторитарно движење спротивно на новите партии на антиавторитарен пол. Додека едните се темелат на харизматскиот водач, националниот стопански раст и етничката хомогеност,(т.е.на патриотизмот на обичните луѓе), другите ги нагласуваат базните демократски процедури на одлучување, еколошките граници на растот и мултикултурализмот, сфатен како желба за заеднички живот на различни нации и култури во една политичка заедница.[130]

За разлика од неофашистичките партии кои во последниве две децении од минатиот век бележат поединечни успеси, десните политички партии во последниве десет години постигнаа поголеми резултати. Партијата на Ле Пен во Франција во 1986 година на националните парламентарни избори во Франција достигна речиси 10% од гласовите и во меѓувреме, како на претседателските, така и на парламентарните избори, се искачи на 15 % од гласовите. На изборите во 1996 година Alleanza Italia и *Lega Nord* ги подобрија

---

[129] Woods Dawyne1992”The center no Longer Holds:The rise in Italian Politics, in:West Europian Politics; Woods Dawyne 1994”The Crisis of Center-Periphery Integration in Italy and the rise of RegionalPopulis in:Comparative Politis27:2.
[130] Taggart 1995. “ New populist parties in Western European politics” p. 38.

резултатите, додека партијата *Forza Italia* на Берлускони претрпела големи загуби.

Додека во САД, Рос Перот на претседателските избори во 1992 година успеала да освои 18,9% од гласовите, и да обезбеди најдобар резултат за третиот кандидат. Во Канада, *Reform Party* на изборите во 1993 година, со 18, 7 проценти од гласовите освоила 52 места, а во 1997 година со 19, 3 проценти освоила дури 60 места.

Десно екстремните партии придонеле за пораст на насилничките напади во повеќе Европски земји. На пример, во Сојузна Република Германија во 1993 година имало преку 2000 напади на малцинствата, (десет патти повеќе отколку 10 години пред тоа). Бројот на жртви од десноекстремистичките напади на северноафриканските имигранти во Франција ги надминува бројките во Сојузната Република Германија. Исто така, расистички мотивираните напади во Велика Британија  во 1995 година достигнале најголема бројка од 11.878. И во Италија започнале злосторничките напади на странци. Познат е нападот на бандата Fiat uno на ромски камп кон крајот на 1990 година како и пожарот на провизорните куќи во 1991 година во Казерти. Парадоксално е тоа што, земјите кои традиционално се сметаат за движечка сила на човековата цивилизација, во изминатите 15 години сѐ повеќе покажуваат варварски особини.

Кај овие облици на намерна политичка фрагментација заедничка карактеристика е тоа што се формираат групи чиј идентитет е заснован на нацијата. Таквите групи можат да имаат дефанзивен карактер и можат да ги обвинуваат другите за состојбите во општеството, како во случаите на злосторничките напади врз странците.

Може да се заклучи дека несомнено постои врска помеѓу глобализацијата денационализацијата и политичката фрагментација. Успешната мобилизација на регионалистичките и екстремно десните групи оди заедно со промената на карактерот на тие групи. Новиот регионализам тешко доаѓа до збор во економско заостанатите региони, а десните популистички партии мешаат модернизам, неолиберализам и митови на обичниот свет на начин кој јасно се

разликува од политичките програми на старите неофашистички партии. Силите на политичката фрагментација не се само зајакнати во последните години, туку се чини дека се и модернизирани.

### 4.2.2.ПОВРЗАНОСТА МЕЃУ ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА, ДЕНАЦИОНАЛИЗАЦИЈАТА И ПОЛИТИЧКАТА ФРАГМЕНТАЦИЈА

Во текот на општествената денационализација и глобализацијата, порасна значењето на новиот тип на регионалистички движења и новиот тип на екстремно десни партии. Во прв план се стреми кон зајакнување на националните политички врски со цел да се подобри економската позиција. Новите десни популистички партии се интегрален дел на новата политика во чиј центар на политички расправи се самоостварувањата, идентитетот, екологијата и партиципацијата.

Процесите на глобализација и денационализација делуваат посредно, и тоа преку промената на економските структури, растечката нееднаквост, имиграцијата, намалување на значењето на класните судири, укинување на културните разлики, незадоволство од централната власт и економската несигурност. Сите овие елементи припаѓаат на процесите на глобализација или од неа се инспирирани со што се создаваат или јакнат некои од факторите на политичка фрагментација.

Мајкл Цирн[131] вели дека во склад со моделот на *денационализација* би требало поврзаноста на општествената денационализација и политичката фрагментација подетално да се набљудуваат преку два правца на делување и тоа: (1).Проширување на социјално деловните врски преку националните граници кои ја редуцираат делотворноста на националната политика и доведува до намалување на способностите на националните политички единици. (2),

[131] Mihael Cirn"Upravljanje sa one strane nacionalne drzave"-Globalizacija I denacionalizacija kao sansa"Filip Visnjic, Beograd, 2003

Чувство на беспомошност во светот кое е  последица на се’ поголемото оптоварување на меѓународните институции со политички одлучувања што ја прави блиска желбата за согледливи и хомогени колективни идентитети и политички единици.

Овие два правца на делување отвораат простор за една друга диференција а се однесува на следното:

*(1) Политичка фрагментација како повик за политичка заштита во суровиот свет.*

Кога целите не ги исполнува националната држава, се намалуваат предностите и резултатите од државните влијанија во пазарните процеси. Национализмот изразува потреба за уредување на ефективната држава поради достигнување на економските и безбедносните цели.

Најагресивните националистички движења настануваат тогаш кога државата не може да ги исполни овие задачи, поттикнувајќи ги луѓето кон поефективна држава“.[132]

Во таа смисла, како одговор имаме појава на  два облика на фрагментирање и тоа повторно оживување на нацијата и етнизирање на десен екстремизам.

Политичката  фрагментација се случува тогаш кога националните влади не се способни да овозможат заштита од негативните ефекти од промените.[133] Додека процесите на глобализација и денационализација ја редуцираа ефикасноста на национално-државната економска и социјална политика и го засилуваа натпреварот за место во пошироки рамки,  се отвора и простор за етнонационалистички и етнополитички судири. Значи промената која ја предизвикува економската несигурност ја засилува и желбата за државна заштита и го поттиснува судирот помеѓу капиталот и работата. Според Бек,[134] луѓето не се „отпуштаат“ од религиозно-трансцендентални сигурности во светот

[132] Snyder Jack1993,Nationalizam and the Crisis of the Post-Soviet-State, in:Brovn Michael E: EthnicConflictand Internacional Security, Princeton Nj.p.81.
[133] Horsman, M. and Marshall, A., After the Nation-State: Citizens, Tribalism and the .\«t' World Disorder, London: HarperCollins, 1994. p.174
[134]Бек Урлих,„Што е глобализација?(превод)Тера Магика, Скопје 1997, стр.39

на индустриското општество, туку од светот на индустриското општество, во турбуленциите на општеството со светски ризик“. На оваа противречност лесно се надградуваат и прошируваат екстремно десните идеологии, па странските малцинства лесно се земаат како причина за зголемена несигурност и како причина за намалување на производната способност на државата на благосостојбата. Поради тоа се  бара „чистење“ на нацијата од странци како можно решение на проблемот.

Но да напоменеме дека противречноста меѓу барањата за зголемена државна заштита и намалената способност на националната држава оваа заштита да ја овозможи, може да делува во полза на регионалистичките движења. Така, на пример, посебно гласна била критиката за намалување на државните издатоци во Шкотска во време на владата на Маргарет Тачер. И додека кризата во државата на благосостојба е доволна за создавање на екстремно десни избирачки потенцијали, регионалистичките движења можат да профитираат најмногу од сеопфатните кризи на националниот политички систем како можен излез од таквата состојба. Пример за ова е Каталонија, која, од една страна, профитираше од Европските регионални фондови но, сепак се подгреваа аспирациите за сепаратизам.

*(2) Политичка фрагментација како последица на транснационална разградба на културните разлики.*

Со намалената способност на националната држава да ги контролира транснационалните информативни текови се поврзува со тенденцијата за намалување на разликите меѓу националните култури.

Овој развој може лесно да се влее во зголемените културните разлики внатре во националната држава. Исто така Бек[135] а посебно Хеснер,[136] истакнуваат дека „иако во модерната ера во секторот за комуникации, има силна тенденција кон културно изедначување, сепак сѐ повеќе се забележува потребата за разлики и поделби, за диференцирање помеѓу „ние“ и „другите“.

[135] Beck U.,Redefining power in the global age. Eight theses, Dissent, Fall 2001. P..121-122
[136] Исто, стр.131.

Во еден културно хомогенизиран свет, можат и малите културни разлики политички да оживеат и да се претворат во тежнеења кон автономија и сепаратизам. Оваа теза доаѓа непосредно од социолошкиот увид дека изградбата на заедницата главно произлегува од разграничувањето од некоја друга група. [137]

Колку повеќе напредува процесот на глобализација, толку е помодерно нагласувањето на регионалните посебности. Така, во извесна мерка, во јавноста повторно се етаблираа локалните дијалекти кога англискиот јазик стана глобален. Бришењето на културните разлики во земјите членки на ОЕЦД генерално става акцент на повлекување на нови културни граници. Така *Лега Норд,* но и Каталонците, одново ги нагласуваат разликите меѓу развиените и економски успешните региони во централна Европа и помалку развиените региони во Јужна Европа.

На сличен начин десниот екстремизам профитира од нарцизмот на малите разлики. Така, непријателството кон странците не се насочува против „новодојдените“, туку многу повеќе против оние малцинства кои по својот изглед се препознатливи, независно од тоа колку долго живеат во земјата. Натурализираните Французи од Северна Африка кои како втора генерација живеат во Франција, стануваат жртви на напад и тогаш кога се општествено интегрирани. Слично, може да се каже и за Турците кои веќе со децении работат во Германија.

*(3) Политичка фрагментација како последица од дефицит на демократија.*

Во текот на процесите на глобализација се зголемува значењето на меѓународните институции што понатаму ја зголемува комплексноста на политиката, доведувајќи до редукција на демократската контрола и влијание,

---

[137]Elias Norbert 1987:Die Gesellshaft der Individuen, Frankfurt a M., p.305. и .
Estel, Bernd 1994:Grundaspekte der Nation, in:Estel, Bernd/Mayer, Tilman (Hg.) Das Prinzip Nation in modernen ellschaften. Landerdiagnosen und theoretische Perspektive, Opladen.

посебно доколку не постојат задоволителни механизми за демократизирање на меѓународните институции.

Во таков амбиент, основните демократски темели на цивилниот граѓански идентитет тешко можат да се препознаат. Тоа дава можност, истовремено да се засилуваат фрагментарните идентитети. Во светот во кој веќе не се припишуваат поединечните одлуки само на определени претставници и партии, лесно може да се појави чувство на беспомошност во однос на политичката класа. Која се гледа како единствена во главните градови на земјите на ОЕЦД, артикулирано како политичка апатија, политичко незадоволство и како поддршка на екстремно десните партии.

И регионалните автономини движења наоѓаат поддршка преку овие механизми, бидејќи со јакнењето на меѓународните институции, од една страна, јакне и поттикот да се влијае на меѓународната политика и спогодбите да се применат на регионално ниво.[138]

*(4) Десен екстремизам како последица од порастот на имиграцијата.*

Глобализацијата  имплицира зголемена пропустливост на државните национални граници. Покрај стоките, средствата за плаќање, информациите и загрозувањата, и луѓето во сè поголем број ја поминуваат границата меѓу две национални држави.

Помеѓу нациите со високоразвиена индустрија, од средината на 70-тите години па до денес се преплетуваат два тека на развој кои допуштаат имиграцијата да стане проблем. Како прво, почна да се намалува бројот на работни места и во земјите кои се населуваат. Работната имиграција го отстапи местото на имиграцијата на населението. Сè поголемата невработеност и социјалната маргинализација го предизвикаа првиот бран на непријателство кон странците кој го инструментализираа десните екстремистички партии во изборната политика.Такви партии се германската НПД, Британски Национален

[138]Horsman, M. and Marshall, A., After the Nation-State: Citizens, Tribalism and the .\«t' World Disorder, London: HarperCollins, 1994.p.224.

Фронт (*British National Front)* и швајцарските партии определени против странците.

Како одговор на ваквиот развој на европските влади се преземаат мерки со цел спречување на населувањето. Да ги споменеме најважните уредби. Велика Британија го објави Имиграциски акт (Immigration Act) со кој енормно се отежнува вселувањето на луѓе надвор од Комонвелтот и ЕЗ. Во 1973 година Германија го донела законот со кој го стопира активниот прием на работна сила, а во 1974 Франција ја запрела програмата за имиграција на работници и вселување на нивните семејства. Соодветните закони за вселување ги финишираа изборите со непријателски пароли упатени кон странците, но не доведоа до намалување на степенот на вселување, кој повремено, дури и забрзано растеше.[139]

Како второ, од средината на 80-тите години на 20-тиот век, во Европа посебно до крајот на судирот Исток-Запад, расте и бројот на луѓе кои во западните индустриски држави доаѓаат поради азилантски и бегалски права. Само во Западна Европа бројот на оние кои бараат азил се зголемил од 70.000 на речиси 320.000 луѓе годишно. За разлика од работната миграција, овде станува збор за облик на општествена денационализација која ја донесе до израз ограничената државна способност за делување. После поновиот бран на измени на закони од областа на азилот и вселувањето, како новиот Закон за процедура за стекнување на азил во Сојузна Република Германија од 1992 година, на кого му соодветствуваат Asylum Bill (1992 год.) во Велика Британија, Реформа на националната политика во Франција (1993 год.), канадскиот акт за реформи со бегалците (Refugee Reform Act -1989 год.) и неговите дополненија (С-86 и сл.), процентот на вселувања повторно се намалува.

Начинот на кој жителите во западните индустриски земји реагираа на вселувањето во последните децении покажа дека поинтензивниот контакт помеѓу различните групи во ниеден случај не мора да доведе до хармонични односи. Премисата по која преку поинтензивни трансакции се зголемува свеста

[139]Betz Hans Georg1994:Redical Right-Wing Populism in Western Europe, Basinstok p.71.

за заедницата низ овој едноставен случај се покажа како неточна. Имено, истовремено доаѓа до зголемување на свеста за културните разлики.[140] и тоа тогаш, кога оние кои се вселиле, благодарение на новите информативни и комуникативни технологии, имаат можност да одржуваат контакт со татковината.

Три специфични услови, кои безмалку настапуваат паралелно, силно ја нагласија поврзаноста во западните индустриски земји во текот на последниве децении:

Според податоците од истражувањето меѓу домашното население посебно доминираат два вида страв поврзани со вселувањето. Покрај стравот дека ќе го изгубат своето работно место поради доселениците и дека истовремено поради нив ќе дојде до подривање на националниот систем на благосостојба, последните години видно растеше и стравот од криминал.[141] Несомнено, во последните две децении, паралелно со порастот на бројот на доселениците, дојде и до пораст на криминалот, невработеноста и други проблеми во државата. Иако каузалните врски меѓу бројот на доселениците и проблемите со неврзаботеноста, криминалитетот и кризата во државата тенденциозно поврзаност придонесува кон непријателство спрема странците.

Оваа врска дополнително се зголемува со поттикнување на непријателски ставови кон странците од страна на политичките групации, кои од наведените стравови сакаат да создадат гласачки капитал. Но и преку владите кои се сметаат за лишени од одредени дејствени компетенции и кои својата позиција сакаат да ја зајакнат играјќи на национална карта.[142] Така, десните екстремистички партии постигнале најголеми изборни успеси токму за време на расправите за новите закони за доселување, во кои мејнстрим-политичарите скриено ги наведувале повторно странците како причина за невработеност и криминал.

---

[140] Connor, Walter. Ethnonationalism.TheQuest for Understanding, Princeton, Nj.Charter of the United Nations, 1945. , p.69.
[141] Betz Hans Georg1994:Redical Right-Wing Populism in Western Europe, Basinstoke, p.88, t. 3.
[142] Kushnik L. Immmmigration and Asylum in tehe European Union” Outsider, vol 42 (April1995) p.189.

Непријателските ставови кон странците наоѓаат на поддршка кај невработените млади, во работничката и ниската средна класа и во недоволно развиените делови на градот. Екстремно десните партии се насочени на гласовите на ’малиот човек’ кој не само што е несреќен поради својата социјална положба и бара и ’виновник’ за неа, туку и поради ниските образовни стандарди кои што тешко може да ја поднесе културната разлика.

*(5) Регионализмот како последица на намалено значење на економските граници.*

Укинувањето на економските пречки на политичките граници водат кон намалување на значењето на националните економски простори.

Во мерка во која згуснатите општествени трговски односи се проширувале надвор од националните граници, националната држава ја губеше својата привилегирана позиција која управува со економијата. Кога политичкиот простор и онака заостанува зад економскиот, тогаш предностите на децентрализираната, регионална економска политика потполно доаѓаат до израз.[143]

Наместо за национални економски мерки и забрзан развој на националните индустрии, станува збор за регионални мрежи со самостоен потенцијален раст.[144] Со децентрализација на економијата се намалува значењето на националните пазари, посебно за малите, но економски успешни региони. На тој начин овие региони добиваат економски поттик да тежнеат кон поголема независност за да можат да водат самостојна политика на глобалниот натпревар, ослободени од националниот предзнак и за да можат да ја избегнат националната прераспределба на должностите. Во овој контекст може да се говори, за новата варијанта на регионализмот – (*regionalism by trade)*, но и за регионализмот ориентиран на поседување.[145]

„Национализмот поради трговија е појава од нов вид во сепаратистичките движења во регионите на напредните општества. Тој најдобро функционира

[143] Kohler-Koch,Beate (Hg.) 1997: Interaktive Politik in Europa: Regionen im Netzwerk der Integration, Opladen
[144] Исто.
[145]Senghaas, Dieter 1994: Frieden als Zivilisierungsprojekt, in: Senghaas, Dieter (ed.), Wohin driftet die Welt?, Frankfurt/M.

тогаш кога регионите за кои станува збор имаат добри шанси за економски просперитет, како што Каталонците и шпанските Баскијци, дури и северните Италијанци, сакаа да ги заштитат своите економски интереси". Претставник на регионализмот од овој вид е Жак Паризо лидерот на Prti Quebecois, чија стратегија се состола во тоа да ги убеди жителите на Квебек дека без остатокот на Канада би биле побогати.[146]

Поттикот за ослободување од принудата на националната држава и понатаму ќе расте ако од онаа страна на националната држава цврсто се институционализира негативната интеграција. Негативната интеграција се одвиваше и зацврстуваше во последната декада не само во Европа, туку пошироко. Врз основа на ваквиот развој, големите држави веќе се толкуваат како политички диносауруси. Швајцарските автори Томас Бернауер и Пегер Мозер[147] велат „колку се поинтензивни прекуграничните преплетувања во подрачјето на економијата, транспортот и другите области, толку се пониски трошоците за сецесија. Тоа посебно важи за економски успешните области кои се веќе тесно поврзани со странство". Гледано од оваа перспектива 21-от век, ќе биде век на регионални држави.[148]

Притоа се чини дека помалку е важно дали економски успешниот регион поседува историја и култура кои можат експлицитно да се разграничат од историјата и културата на политичкиот центар. Културата на таквите малцинства во споредба со културата на мнозинството покажува традиционално помалку изразена лојалност кон националната држава, која со намалување на нејзината функционалност може брзо да се исцрпи.[149]

На пример, Лега Норд, покажува како „насилно" можат да се обноват таквите историски особености. Значајната успешност на северноиталијанската економија е среднорочно загрозена поради заостанувањето на централната држава и исцрпените ресурси во регионите на јужна Италија. Сопствениот

[146]Hall, Stuart. 1996. "Introduction: Who Needs "Identity""? U Questions of Cultural Identity. S. Halli P. du Gay, ur. London et al: Sage Publications, 1-17., p.24.
[147] Thomas Bernauer 1995,Towards a New Europe: Stops and Starts in Regional Integration.
[148] Ohmae Kenichi 1993„*Nova globalna pozornica: Izazovi i prilike u svijetu bez granica*", Mate, Zagreb, 2007
[149] Исто, стр.91.

животен стандард може да се одржи само доколку „грижливите“ северни Италијанци се ослободат од „мрзеливите“ и „чудни“ јужни Италијанци. Токму во овој контекст заговорниците на Лега Норд се препуштаат на етнонационализмот и се обидуваат да повикаат на специфичен северноиталијански идентитет. Така, се чини дека политичките услови се поважни од постоењето на традицијата. Таквите регионализми по имотна положба најдобро можат да се активираат ако економски динамичниот регион не е идентичен ниту со центарот на политичка моќ, ниту поседува далекусежна автономија во рамки на федералниот систем.[150]

### 4.2.3.ФОРМИ НА ПОЛИТИЧКА ФРАГМЕНТАЦИЈА

Постоењето на меѓузависност помеѓу процесите на глобализација и политичка фрагментација ги идентификуваат теоретски каузалните врски и механизми кои покажуваат како глобализацијата и денационализација можат да доведат до политичка фрагментација. Мајкл Цирн сето тоа го објаснува низ следните форми на политичка фрагментација.

*(1) Регионалистички движења*

Екстремно десните партии и расистичките напади во земјите членки на Г-8 активни се приближно 12 регионални движења, меѓу кои најважни се северните Италијанци, Јужните Тиролци и Сардинијците во Италија, жителите на Квебек во Канада, Шкотите и Велшаните во Велика Британија како и Бретонците и Корзиканците во Франција. Наспроти ова, во Германија и САД едвај да постојат позначајни регионални движења. Во врска со толкувањето на оваа рамка на регионални движења, можат да се изведат 4 поделби:

-при изразени регионални нееднаквости економски динамичниот регион не претставува политички центар, (динамичен регион/ економска нееднаквост);

[150] Исто.

-кога националната држава се наоѓа во сеопфатна криза, а регионите немаат политичка автономија во рамки на федералниот систем, (криза на државата/помала регионална автономија);

-кога процесот на општествена денационализација стана релативно посилен во предметното подрачје на културата и комуникацијата, (културна денационализација) и

-кога земјата е целосно вклучена во меѓународни институции и доколку меѓународните институции обезбедуваат не државни ресурси ( меѓународни институции).

*Табела 3:* Хипотези за регионализмот[151]

| Хипотези 1<br><br>Земји 2 | X1- динамичен регион/ економска нееднаквост | X2 – криза на државата/помала регионална автономија | X3 – културна денационализација | X4 – меѓународни институции |
|---|---|---|---|---|
| Италија | ++ | ++ | +/- | ++ |
| ВБ | + | + | + | ++ |
| Канада | +/- | - | ++ | + |
| Франција | - | +/- | -/+ | ++ |
| СР Германија | - - | - | + | ++ |
| САД | +/- | - | - | + |

Во САД не постојат релевантни регионалистички групи со барања за автономија. Политичкиот систем на САД е федерално структуиран со значајни автономни права на поединечните држави, сразмерно со малата културна денационализација и слабата поврзаност со меѓународните институции. Покрај тоа, последните успеси на американската глобализација во економската

[151] Mihael Cirn"Upravljanje sa one strane nacionalne drzave"-Globalizacija I denacionalizacija kao sansa"Filip Visnjic, Beograd, 2003

политика и изразениот федерализам спречуваат појава на регионалистички стремежи.

Слично на САД и Сојузна Република Германија, е сиромашна со регионалистички движења, и има стабилна федерална структура со изразени регионални права. Но, на богатите покраини на Германија им се затворени фондовите за региони и структура на ЕУ. Критиката за финансиско изедначување на покраините и барањето за регионализација на социјалните давачки, кои денес ги заговараат двете богати покраини Баден-Виртенберг и Баварија можат да значат тежнеење кон автономија,

За разлика од Германија, во Франција со Бретонците, Провансалците, Корзиканците и Баските постојат регионални движења. Сепак, станува збор за региони кои делуваат од аспект на културната и социоекономска занемареност и кои во текот на општествената денационализација не добиле ништо ново. Отсуството на пораст на регионалистичките стремежи во Франција лежи, од една страна, во релативно големата економска хомогеност и, од друга страна, во политиката на децентрализација. Секако, француските провинции имаат несразмерно помала автономија од покраините во Германија, но децентрализацијата во Франција речиси сè уште е во процес. Наспроти јакнењето на регионалното движење во Франција, стои културната денационализација која сè уште не се истакнува.

Велика Британија веднаш по Италија, има најголем пад на благосостојбата. За разлика од Италија, најбогатиот регион, на Велика Британија со Лондон во централната точка, претставува истовремено и политички центар. Во склад со тоа, веќе подолго време регионалните движења во Шкотска и Велс, во текот на глобализацијата и општествената денационализација добија на значење. До почетокот на 80-тите години на 20-тиот век, со оглед на недостатокот на материјални и персонални ресурси, самостојноста на Велс и Шкотска беше претставувана како опасна економска

опција.[152] Во Шкотска се изградени мрежи на раст и регионот го подигна својот бруто домашен производ по жител, достигнувајќи го просекот на земјата. Шкотска во споредба со повеќето англиски региони, се наоѓа во подобра економска позиција. Во Велс, помеѓу 1988 и 1992 година осум пати се зголемиле директните странски инвестиции и регионот се нашол на патот за постиндустриска иднина. Во последниве години Велс ја зголемил економската моќ, иако БДП по глава на жител е под она во Шкотска. Значи, не е чудо што „раните 90-ти години на 20-тиот век можат да се набљудуваат како почеток на новата фаза на регионална мобилизација“.[153]

Денес Квебек во Канада, слично како Шкотска и Велс, не претставува регион со натпросечен БДП по глава на жител. Меѓутоа, тој претставува сектор кој силно напредува и по таа тенденција може да се набљудува како регион-добитник во Канада, (што се должи на широката поддршка од НАФТА), кој далеку го надминува просекот на земјата. Канада почива на федерален политички систем, а на Квебек му се, признати и посебни права. Федерализмот во Канада е секако послабо изразен отколку во Германија или во САД.

## 4.3..АКТУЕЛНИОТ РЕГИОНАЛИЗАМ И ДЕСНИОТ ЕКСТРЕМИЗАМ

Од погоре изнесеното се потврдува сфаќањето дека глобализацијата и општествената денационализација во последните децении го забрзаа порастот на регионалните движења. Одлучувачко е тоа што, економски динамичните региони кои не го градат националниот центар на политичка моќ, а кои се поврзани со меѓународна институција која доделува средства, (како што е ЕУ), посилно се стремат кон регионална независност (посебно ако не поседуваат

[152] Loughlin John/Matthias, Jorg 1996: Dir regionale Frage in FroSbritannien: Das Beispiel Wales, in: Welt Trends II. 1996.
[153] Исто, стр.64.

федерални права). Со ова се покажува *новиот правец* на регионалните стремежи кон автономија.

Во поглед на расистички мотивираните напади состојбата во високоразвиените индустриски земји е лоша. Постојат некои државни статистики кои укажуваат на јасен пораст на расистички мотивирани напади. Можат да се разликуваат две групи на земји, при што во Германија, Франција и Велика Британија насилството кон странците се јавува почесто, додека во САД, Италија и Канада се забележани помалку напади со екстремно десна позадина. Тоа значи дека Франција, Италија и Германија покажуваат поголема вредност на десен екстремизам отколку САД, Канада и Велика Британија.

Кризата на државата на благосостојбата е изразена тогаш кога постои висока стапка на невработеност .Ова се случува пред сè во Франција, Германија и Италија,  Англија и САД а прикажано табеларно тоа ја дава следната слика:

Табела 4: Хипотези за десниот екстремизам[154]

| Хипотези 1<br><br><br><br>Земји 2 | X1- динамичен регион/ економска нееднаквост | X2 – криза на државата/помала регионална автономија | X3 – културна денационализација | X4 – меѓународни институции |
|---|---|---|---|---|
| Франција | + | + | +/- | ++ |
| Италија | +/- | + | +/- | ++ |
| СР Германија | ++ | + | + | ++ |
| САД | + | +/- | - | + |
| Канада | + | +/- | ++ | + |
| Велика Британија | - | +/- | + | + |

***Земјите се наведени по редослед според јачината на индексот на десниот екстремизам**

[154] Mihael Cirn"Upravljanje sa one strane nacionalne drzave"-Globalizacija I denacionalizacija kao sansa"Filip Visnjic, Beograd, 2003

Од табелата се гледа дека десниот екстремизам не е така успешен во толкувањето како што е случајот со хипотезите за тежнеењето кон автономија. Во групата со голем десен екстремизам (Франција, Италија и Германија) сите варијабли покажуваат тенденција кон позитивни вредности, а во другата група со пониска вредност на десен екстремизам се САД, Канада и Велика Британија. Оттука се чини дека појавата на десните популистички партии од крајот на 80-тите години на 20-тиот век па до денес е во каузален однос и со општествената денационализација.

Ваквиот однос на макро ниво помеѓу процесите на глобализацијата и политичката фрагментација не е случаен. Се чини дека современите политички процеси на фрагментација делумно се одговорни за развојот во кој социоекономските и социокултурните промени предизвикаа голема несигурност кај населението, а националните држави не беа способни да им обезбедат сигурност на своите граѓани.

Така, актуелниот регионализам и десниот екстремизам не се поинакви отколку што биле пред 30 години, но постојат и други структурални рамковни услови во кои се изразува политичката фрагментација. Како последица на ова, интегративниот, цивилно-граѓански конституиран идентитет на западните демократии е нападнат од партикуларниот, делумно етнички конституиран колективен идентитет.

Зајакнатите десно популистички партии ги инструментализираат темите како што се „странец“ и „злоупотреба на социјалните ефекти“ но, во начелото сепак ги прифаќаат институциите на либералната демократија иако не ги преземаат некои од нејзините вредности како што се социјалната интеграција и плурализмот.

Оттука, политичката фрагментација во времето на процесите на глобализација и општествената денационализација се појавува во форма на социјална дезинтеграција, а помалку во форма на територијална фрагментација. И тоа во мерка во која самата глобализација истовремено

доведува до јакнење на меѓународните институции што значи истовремено постоење на политичка интеграција и на политичка фрагментација.

## 4.4.ЕКОНОМСКИ ФАКТОРИ НА ФРАГМЕНТАЦИЈА

Во светот без граници делувањето на корпорациите станува сѐ повеќе поуспешно, и тоа до онаа мера во која се губи значењето на нацијата - државата. Ефикасноста на капиталот се остварува како резултат на дерегулацијата на финансиското работење, а корпорациите станале дел од глобалната економија без граници, на тој начин што се ослободиле од хегемонијата на нацијата-држава. Тие не се поистоветуваат со националното потекло и „седиштетото на фирмата”, или пак со „родното место” каде се започнало.

Главните одлики на новата глобална економија се содржани во следното: доминација на финансискиот систем и инвестиции на глобално ниво; флексибилни и мултилокални производни процеси, ниски цени на транспорт; револуција во информатичката и комуникациската технологија; укинување на регулативите на националните економии и сл.

Имено, економската глобализација ја поддржува неолибералниот економски концепт во однос на драстичното ограничување на државната регулатива во економијата, нови права на меѓународната сопственост на странските инвеститори и подреденост на националната држава на мултилатералните агенции како што се Светската банка, ММФ и СТО.

За Џефри Сакс[155] глобализацијата, економскиот развој и нееднаквоста во меѓународната економија ја преокупира едно важно прашање а тоа е каков ќе биде резултатот на националните економии кога скоро целиот свет претставува еден глобален пазар?

[155] Saks Dzefri 2005. The End of Poverty: Economic Possibilities for Our Time. New Jork Thimes

Основна карактеристика на новата светска економија е сé поголемата поврзаност помеѓу високо развиените и неразвиените земји. Неразвиените земји станувaат дел од светскиот економски систем.

За оптимистите, глобализацијата оди во прилог на нивната неразвиеност, односно глобалните процеси сами по себе ќе донесат побрз излез од кризата во која тие се наоѓаат.

Додека за песимистите, тоа значи дека тие и понатаму ќе тонат во сиромаштија и дека јазот помеѓу развиените и неразвиените ќе се продлабочува и понатаму.

За Сакс од аспект на глобализацијата и економскиот развој, и како и за развој на сиромашните земји, значајни се четири прашања:

**Прво,** дали глобализацијата ќе промовира брз економски развој за скоро четири петини од светската популација која живее во сиромаштија во земјите во развој?

**Второ**, дали глобализацијата ќе ја поддржува макроекономската стабилност и дали економските колапси ќе бидат честа појава?

**Трето**, дали глобализацијата ќе поттикнува економска нееднаквост, внатре во државите и на меѓународен план?

**Четврто** прашање на кој начин државните институции на сите нивоа, регионални, меѓународни и национални треба да ја приспособат сопствената моќ и одговорност?

Заклучокот до кој доаѓа Сакс може да се каже во следното:

-глобализацијата има длабоко влијание врз политиката на сите нивоа;

-националните пазари го губат значењето во однос на меѓународниот пазар

-ефикасноста на производството мора да се насочува кон светскиот пазар;

-глобализацијата се покажала како катализатор на меѓународно прифатените правила на однесување во сферата на економијата.[156]

Глобализацијата се однесува на оној аспект кој е поврзан исклучиво со интересите на глобалната елита и дека за решавање на проблемите на сиромашните постои само еден пристап, и тоа оној кој го диктираат моќните играчи на меѓународниот капитал.

Процесите на глобализацијата го носат неолибералниот економски концепт каде е сé поголема поврзаноста помеѓу високо развиените и неразвиените земји, како резултат на новата технолошка револуција и борбата за профит. Тоа води кон „нова колонијална политика“ која ја водат развиените држави, која пак е во дирекна врска меѓу сиромаштијата и прогресот. Сето тоа најчесто е во служба на моќните, на оние кои одлучуваат, а кои во рамките на меѓународните институции се водени од комерцијални и финансиски интереси.

Таквиот економски концепт носи промени, кои најмногу се чувствуваат во сферата на вработувањето, во професионалните структури, во експанзијата на индустријата на услуги, во зголемувањето на невработеноста, и друго. Неможноста локалната економија ефикасно да се справи со предизвиците кои ги носи неолибералниот економски концепт, неминовно води кон барање на патишта за надминување на економската несигурност. Економската несигурност е една од причините на политичката фрагментација. Односно, политичката фрагментација се случува тогаш кога националните влади не се способни да овозможат заштита од негативните ефекти од економската глобализација[157]

Денес се наметнува потребата од промена на начинот како се одвива процесот на глобализацијата. Потребно е да се извлечат поуки од грешките кои се прават, а се поврзани со зголемувањето на сиромаштијата и појавите на нестабилност на повеќе подрачја во светот.

Оттука, сметаме дека претстои период во кој со порастот на економската глобализација, ќе дојде до никнување на економски бариери дури и меѓу

[156] Saks Dzefri 2005. The End of Poverty: Economic Possibilities for Our Time. New Jork Thimes. p.25.
[157] Horsman, M. and Marshall, A., After the Nation-State: Citizens, Tribalism and the .\«t' World Disorder, London: HarperCollins, 1994. p.174.

напредните капиталистички држави, и тоа ќе резултира со појави на политички несогласувања и протекционистички решенија. На глобализацијата и недостасуваат неколку компоненти. Имено, таа не е толку отворена како што изгледа, а уште помалку праведна бидејќи нема јасно дефинирани правила. Не постои систем на глобализациска одговорност на земјите, регионите и меѓународните организации и тела.[158]

## 4.5.КУЛТУРАТА КАКО ФАКТОР ЗА ФРАГМЕНТАЦИЈА

Културната разновидност може да се поврзе со ширењето на процесот на глобализацијата. Глобализацијата има истовремено хетерогенизирачки и хомогенизирачки ефекти. Како резултат на интензивната циркулација на културни вредности на светски план културата непосредно се доведува во врска со глобализацијата при што се создава глобална култура. Таа се формира преку новите културни облици. Глобализацијата секогаш се случува во некој локален амбиент кој во исто време се формира под нејзино влијание, што значи „глобална перспектива приспособена на локалните услови".[159]

Во услови на современа глобализација каде се формира дијалектички однос на локалното, националното и регионалното, од една страна и од друга страна низа на специфичности внатре во сферата на класата, полот и разните улоги кои ги има поединецот врз формирањето на новите идентитети, се случува процес на изградба на нов идентитет. Процесот на глобализацијата, формира средина во која се случува силен процес на интензивна интеракција на различните култури. Таквиот процес од една страна ја зголеми свеста за важноста на културата во функционирањето на заедницата и ја изостри чувствителноста кон културните разлики, но во исто време ја зголемува свеста за посебноста на сопствениот идентитет.[160]

---

[158]Jovanovic N.M. Globalizacija I evropske vrednosti во Aspekti globalizacije sa pregledom osnovnih pojmova. Beogradska otvorena skola I Dosije Beograd 2003 str 61-73.
[159] Robertson, R., 1995; во: Nes 2006:101; Марио Варгас Љоса, 2003.
[160]Jameson, F., 2000 "Globalization and political strategy". New Left Review

Во светот кој е зафатен со глобални текови на богатство и на моќ, потрагата по идентитетот, (без разлика дали станува збор за колективен или индивидуален), се претвора во основен извор на општествената смисла на постоење.

Истовремено глобализацијата создава хомогенизација на културите и доведува до културен империјализам. Хомогенизацијата не подразбира рамномерно учество на различните култури во формирање на една заедничка култура, туку процес кој ги надминува структурите на поединечните општества. Односно се случува процес на транснационализација кој завршува во состојба на космополитизација или како некои што ја нарекуваат детериторијализирана култура.[161]

Хомогенизацијата ги поврзува културите во едно културно јадро, кое се базира врз културната индустрија диригирана од моќните и богати земји, која се наметнува врз останатите култури со своите моќни средства на ширење и која дејствува разурнувачки врз идентитетот на другите култури.[162]

Во таа смисла Гиденс вели „националниот идентитет е валиден извор за личниот идентитет. За луѓето морално е да сакаат да го бранат сопствениот идентитет од силите кои би можеле него да го загрозат". Нациите се етнички заедници, во кои припадниците имаат специфични должности кон останатите членови и кои секогаш не чувствуваат обврски кон оние кои не се припадници на нацијата. Нацијата треба да оформи државни структури, кои би им овозможиле на граѓаните сами да одлучуваат за прашањата од најголема важност".[163]

Тогаш, што ја прави западната култура толку моќна во однос на останатиот свет? Тојнби наведува многу аргументи за вредностите на западната култура, како што се на пример, еманципацијата на жената, личните и политичките слободи, со една напомена дека демократскиот начин на живот во „западноевропската политичка и општествена култура без сомнение е далеку најдобар од сите познати во историјата на човештвото"..

---

[161] Augé, M. (2001). No-lugares y espacio público (Non-places and public space). Quaderns d'arquitectura i urbanisme
[162]Tojnbi, P. 2003: Ko se boji globalne kulture. Vo. Haton V. I Gidens, E. Na ivici. Plato:Beograd P. 253.
[163]Gidens, E. 2002. Tretiot pat. Skopje.:Institut za demokratija , solidarnost i civilno opshtestvo. P.152.

Се поставува прашањето дали е можно да се шират новите слободи, и вредности, а истовремено да се зачува најдоброто во старите култури?

Слободата и демократијата често одат рака под рака со незапирливоста на слободниот пазар, проследени со алчност и расипништво. Глобалната културна индустрија претпоставува глобална регулација, особено на монополското однесување над клучните културни ресурси, како што се информациите, комуникациите, образованието и забавата.[164]

Според Дејвид Роткоф[165] за првпат во историјата, секој поединец на секое ниво на социјалниот живот може да почувствува влијание од промените кои се случуваат на меѓународен план. Може да ги слушне од медиумите, да вкуси храна или да купи нешто што доаѓа од далечина. Во однос на глобализацијата нема неутрални, или се профитира или се чувствува страв од нејзините последици. Хомогенизацијата која настанува како резултат на глобализацијата, најчесто е осудувана од страна на националистите иако во суштина е позитивна.Таа промовира интеграција и отстранување не само на културните бариери, туку и на многу негативни димензии на културата. Таа е витален чекор кон стабилен свет и подобар живот на луѓето.

Но, при формулирањето на концептот на културниот империјализам во голема мера авторите како што се Едвард Саид, Галтунг, Херберт Шилер, кои се движат во еден широк дијапазон на аспекти, придонесоа во сфаќањето, за доминација” на една култура над другите, до вклучување на културата во модерниот свет.[166]

Причините за конфликт меѓу културите, односно процесите на фрагментација, можат да бидат од најразлична природа. Во ерата на глобализацијата тие се фокусираат на западната култура, според која се мерат и вреднуваат останатите култури. Културните конфликти можат да се сместат во неколку сфери и тоа: во религијата и етницитетот, конфликти меѓу оние кои се

[164] Christian Fuchs 2010. Fuchs, Christian. 2010a. Alternative media as critical media. European Journal of Social Theory Karen Rasler and William P. Thompson, 2009. Globalization and North—South Inequality, 1870—2000A Factor for Convergence, Divergence or Both? International Journal of Comparative Sociology (Int J Comp Sociol)Publisher: Karnatak University. Dept. of Social Anthropology, Brill Academic Publishers
[165]Rothkopf, D. (1997). 'In praise of cultural imperialism?' Foreign Policy.
[166]Said, Edward W. 2000. Reflections on Exile and Other Essays. Cambridge: Harvard University Press.

многу слични, и во квази-културни конфликти, (кои се идеолошки и не одговараат сосема на карактерот на културен конфликт). На пример конфликтите во деведесетите години на минатиот век со распадот на социјализмот на просторите на поранешна Југославија, кога културата, религијата и етносот, често се користеше за разгорување на националистичките страсти на нивните војски со цел да ги оправдаат нивните постапки меѓу народот, дека прават нешто што е од огромна корист.[167]

Денес сме сведоци на манифестирање на фрагментациски процеси преку агресивност и насилство од групи со различни антирационални ориентации. На пример, џихадот е нуспроизвод од модернизацијата и глобализацијата и затоа ќе биде дел од повеќето проблеми на глобалното општество.

Војните во Авганистан , Ирак, Чеченија, и ужасните слики од Гвантанамо, и Абуграиб беа тригер за реакција на народите од муслиманскиот свет и нивната солидарност кон општествата, идентитетот и религијата на кои и припаѓаат. Така, глобалните закани станаа локални, особено многу опасни за мултикултурните општества.[168]

Затоа би требало да се изнајде начин како овие критични маси да се вклопат и интегрираат во демократските општества.[169]
Во развиените мултинационални општества се случуваат и други културни шокови кои се одразуваат и на националната безбедност. Имено, појавата на ксенофобија, национализам и антиисламизам за последица од западните идеи и вредности на демократијата кои создадоа модификувани мултикултурни општества.[170]

Посоченото води кон тезата на Фукујама, според кој „судирот на култури“,[171] е резултат на економските процеси на глобализацијата која има осцилациони движења при што се очекува да се појават различни модификации

[167] Gray, John. The Political Theory,2002; Routledge, Taylor&Francis Group
[168] Booth K ; Theory of world security; Cambrige, university press New Work, 2007, p.358.
[169]Fukujama F..AMERIKA NA PREKRETNICI-demokratija, moc neokonzervativno zavestanje CID Podgorica 2007, str.65.
[170] Solte A.J. Globalizacija: kriticki uvod"drugo izdanje", CID 2009 str,230.
[171]Fukujama F . Sudar kultura: poverenje, drustvene vrline I stvaranje prosperiteta. Zavod za ucbenike I nastavna sredstva Beograd 1997 godina.

кои ќе претставуваат комбинација од либерално економските и политичките вредности со традиционалните културни кодови.

Останува да се види дали взаемната меѓузависност постепено ќе ги менува поединечните и колективните идентитети или ќе придонесе за нивно зацврстување. Ова е една од најважните битки кои ќе ја засегнат глобалната безбедност и стабилност но и силен мотив за одбегнување на апокалиптичната теза „судир на цивилизации“.[172]

## 4.6.ПОСЛЕДИЦИТЕ ВРЗ МИРОТ И СТАБИЛНОСТА ОД ПРОЦЕСИТЕ НА ФРАГМЕНТАЦИЈА

Во минатото перцепцијата за мирот и безбедноста била сосема поинаква од денешната. Фокусот на вниманието бил насочен кон балансот на силите, алијансите, трката во вооружување, можната конфронтација помеѓу супер-силите, борбата за територија и сл.

Денес, силите кои ги поттикнуваат промените произлегуваат од самата динамика и одвивање на современата глобализација и фрагментација. Или, од поинаков аспект на посматрање на границите , просторот, суверенитетот на државата, токму државата се јавува и како главен промотор на општествените промени.

На почетокот на овој милениум политиките на државите и организациите, во надворешната, економско-социјалната и безбедносната сфера, се разгледуваат и анализираат во склоп на националната и на глобалната безбедност.

Не постои земја или регион во светот кои се имуни на современите ризици и опасности. Заканите по мирот и стабилноста варираат по форма и интензитет на манифестирање, од судирите на Блискиот исток до напнатоста

[172] Зенделовски Горан, Нацев Зоран „Глобализација:мирот и безбедноста“ Филозофски факултет-Скопје 2014, стр171.

помеѓу силите во Азија, етничките и политичките судири и здравствени проблеми во Африка, терористички напади на Ал Каеда  и Исламска држава, пролиферацијата на оружје за масовно уништување, финансиските кризи, компјутерски вируси и глобални климатски промени.

Помеѓу развиените и земјите во развој постојат различни перцепции за мирот и безбедноста, во процесите на глобализација и фрагментација. За високоразвиените, небезбедноста доаѓа од надвор од националните граници а за земјите во развој таа доаѓа од внатре. Тоа води до заклучок дека од нееднаквиот третман на процесите, импликациите се различни.

Денес присутни се и закани кои се продуцирани од разни недржавни субјекти. Заради слабите државни субјекти и намалувањето на улогата на државата, се повеќе им се зголемува моќта на недржавните актери и групи кои ќе се судираат со државата. Разни индивидуалци, групи, организации преку разни форми на притисок од воена и невоена природа врз државата и нејзините вооружени сили се нови непријатели во современите услови на глобализација.[173]

Тоа значи дека листата на актери кои слободно дејствуваат во отворениот простор, можат да соберат доволно ресурси со кои можат да ја предизвикаат државата па дури и да го оспорат нејзиниот легитимитет. Поради тоа современата безбедносна агенда мора да биде флексибилна и конструктивна во однос на актуелните случувања. При што мора да се земат предвид традиционално воените и современо невоените средства за справување со заканите.

Во тој контекст, Бек објаснува зошто процесите на глобализација и фрагментација се сметаат за процеси без кои не може да се постигне стабилен, просперитетен и пред сè мирен и безбеден свет. Се однесува на следното :

[173] Show,Donald M.,National Security for a New Era: Globalization and Geopoliticses Afer Iraq.The Edition, Pearson Longman,2008, p.174.

1.Економската глобализација преку слободната трговија води кон просперитет, економски развој и благосостојба кои непосредно се поврзани со мирот, безбедноста и стабилноста;

2.Меѓузависноста помеѓу земјите и народите во повеќе сфери ги намалува побудите за насилство и конфликтности, затоа што ги принудува кон споделување и градење на заеднички вредности;

3.Глобализацијата придонесува за појава на нови актери на глобалната сцена, и на тој начин го промовира мултиполарниот светски поредок и овозможува преземање на мултилатерални активности за справување со глобалните проблеми. Покрај тоа, се создаваат можности за формирање на различни алијанси, регионални парнерства и иницијативи преку кои земјите заеднички ги решаваат суштинските проблеми во своја корист;

4.Глобализацијата придонесува за создавање на глобално општество и граѓанин на светот, концепт преку кој се овозможува зближување и воспоставување на силни врски помеѓу поединците институциите и народите. На тој начин се создава глобална структура во која можат сите народи и земји да партиципираат подеднакво.

Евидентно е дека глобализацијата паралелно продуцира можности и кризи, поради тоа што е непредвидлива и контрадикторна појава, чии последици се асиметрични во однос на луѓето, државите и регионите. Како процес кој се одвива и е незавршен, тој предизвикува низа промени кои можеме да ги ставиме во категоријата на ризици. Затоа што мирот и безбедноста се соочува со длабока трансформација, тежиштето се префрла од заканите кон ризиците.Тоа пак води кон една поинаква перцепција на безбедноста.[174]

Во денешното ризично општество нееднаквоста или нерамномерниот развој на државите се смета за најзначаен невоен ризик како резултат на процесите на глобализација. Преку географската експанзија, вмреженоста и меѓузависноста на финансиските пазари, пораст на мулти и транснационални

[174] Георгиева Л.,„Безбедносни импликации на глобализацијата: Конфликтите и превенцијата како норма на безбедносната политика“ Глобализацијата, мирот и безбедноста, Министерство за одбрана на РМ и Филозофски факултет. Скопје,2008 стр 65-81.

компании, напредна информатичка технологија, пораст на недржавни учесници, глобализацијата носи последици како на пример што се глобализираната сиромаштија, невработеноста, осиромашување на природните ресурси, уништување на животната средина,  наплив на емигранти, тензија помеѓу капитализмот и политичките слободи, појава на транснационални конфликти и појава на други безбедносни ризици. Може да се заклучи дека глобализацијата е двигател но и креатор на новите ризици, кои со сигурност ќе остават длабоки последици по безбедноста мирот и стабилноста.[175]

Во една таква комплексност на глобализацијата се гледа како жарче што постојано тлее а има можност да разгори држави и народи кои не сакаат да се адаптираат и да се приклучат кон општествените текови кои водат кон модернизација, информатичка ера, слободна трговија и неолиберализам. Од овој аспект, глобализацијата го прави светот нестабилен и опасно место за живеење.

Во тој контекст се примерите на фрагментациските процеси во Босна, Чеченија, Сомалија, Руанда, Косово, Авганистан, Ирак, Либија, Украина, Сирија и Јемен. Поради разни идеолошки, етнички, религиски, територијални разделувања беа во судир со новите современи процеси на космополитизам, мултикултурализам, почитување на правата на малцинствата и нивните идентитети. Овие војни се последица од конфронтацијата помеѓу „вклучените“ и „исклучените“ од глобализациските процеси, токму во период кога глобализацијата имаше голем налет и интензитет. Оттука е интересен начинот на кој глобализацијата ќе ја преобликува безбедноста, ќе донесе промени во безбедносно-воените агенди на државите и меѓународните организации и институции.[176]

Посилни се аргументите поврзани со позитивната страна на глобализациските процеси и кои можат да бидат наклонети кон превенција на

---

[175] Beck U.,Redefining power in the global age. Eight theses, Dissent, Fall 2001,p.85.

[176] Бејли Џ.,Меѓународна и глобална безбедност“ во Глобализацијата на светската политика, Вовед во меѓународните односи(превод) Табернакул 2009 стр226-241.

конфликти. Имено, со интензивирањето на економската и информатичката интеграција, и се поголемото зближување на народите и нациите, ги намалуваат проблемите на државите и другите учесници за конфликт или воен судир.

Глобализациските процеси носат можности, преку разни политички, економски, информатичко-технолошки и општествени промени да ги помогнат послабите земји и региони. Со отворање на интегративните можности за континуиран развој воените зони можат да се придвижат кон зоните на мирот. Ова е можно само ако воената димензија на глобализацијата се пренасочи кон пацифичката и хуманата димензија на глобализацијата.

Затоа што широко употребуваниот класичен концепт за безбедност во национални па и во меѓународни рамки остава мал простор за промоција на другите суштински пристапи поврзани со правдата, слободата човековите права и мирот. Современиот свет навлегува во нова фаза на глобални процеси па покрај темите  националните интереси и балансот на силите, се наоѓаат и темите за зачувување на светскиот мир и благосостојба. Колку повеќе светот се поврзува, толку помалку мирот е делива категорија.

# ЗАКЛУЧОК

Глобализацијата е збир на повеќе динамични процеси на светска интеграција, каде што постојано се зголемува вмреженоста и испреплетеноста на економските и политичките врски, притоа не занемарувајќи ги социјалните, еколошките и културните аспекти.

Заклучивме дека глобализацијата го зголемува јазот помеѓу богатите и сиромашните, го зголемува меѓународниот тероризам, организираниот криминал, етнички и верски екстремизам, илегалната миграција и илегалната трговија со дрога, оружје, луѓе и стратегиски материјали, опасноста од употреба на оружје за масовно уништување и други.

Но, од друга страна, евидентно е дека глобализацијата, носи огромни позитивни ефекти: поврзување на националните компании во глобална меѓузависна мрежа, пораст на демократијата што овозможува општ поредок и поголем животен стандард, намалување на сиромаштијата, здравствената заштита, образованието, квалитетот на животот со унапредување на слободата на индивидуата, универзализација на човековите права и слободи, зајакнување на меѓукултурните врски и разбирање помеѓу народите а особено, мир, стабилност и благосостојба.

Разгледувајќи ги и двата лика на глобализацијата, се добива впечаток дека самите процеси на глобализација наметнуваат присилена интеграција. Желбата за развој, просперитет, мир и стабилност на слабо позиционираните земји и земјите стационирани во периферните зони на светот, ги води кон потребата од се поголема интеграција. Меѓународната соработка, и потребата од продлабочување на меѓународните односи, имаат се позначајна улога за развојот на секоја поединечна земја, и тоа не само од аспект на потребата за зачувување на мирот, безбедноста и благосостојбата, туку и поради неопходноста и потребата од размена на материјални и духовни добра, научни и технички откритија, економска и друга соработка во рамките на меѓународната заедница. Интеграцијата некогаш и сега, била и е условена од прифаќање и

имплементирање на заеднички вредности и тоа : политички (демократија, плурализам), економски (капитализам), културно (западно ориентирани), со взаемна поврзаност (пазари, трговија, инвестиции, проток на луге и добра).

Кога заедничките интереси ќе ги обединат народите и земјите во еден развој на политички, економски, безбедносни и воени институции на одреден географски регион, станува збор за регионализација. Затоа, понекогаш се има впечаток дека глобализацијата наметнува присилена интеграција. Но како и да е, интегративните процеси водат кон побрз национален развој и просперитет, што е од исклучително значење за малите земји, посебно за земјите во транзиција.

Интегрираноста на современите држави во светските економски текови, нивната глобализираност не е веќе прашање на избор, туку се наметнува како единствен пат на сопствен развој и приклучок кон светските текови и трендови. Оваа неодминливост е до толку поголема, доколку станува збор за мали стопански послабо развиени земји и мали економии чиј висок степен на интегрираност во светската економија е еден од основните предуслови за нивен забрзан економски пораст.

Во иднина се очекува да се појават безбедносни импликации помеѓу земјите и народите кои се интегрирани и оние кои поради разни политички, економски и социјални причини не успеале да се вклопат во своите регионални настојувања. Овој проблем ќе претставува главна пречка за тековите на процесите на регионализација и глобализација, затоа што одредени региони ќе бидат повеќе привилегирани од останатите во регионално-глобалните случувања. Сознанието дека сами не можат да се спротивстават на заканите и опасностите, повеќето земји се приморани да пристапат кон разни форми на здружување, во вид на сојузи, коалиции, организации и унии. Притоа, регионалното поврзување подразбира дека, државите се подготвени својата моќ и авторитет да ги префрлат на супранационалните институции, заради сплотување и подобрување на безбедносно-воените капацитети. Целта е државите во одреден регион, да ја подобрат безбедноста во нивните меѓусебни

односи, а истовремено да ја намалат својата ранливост и несигурност. Значи, поради стремежот кон глобализацијата, процесот на регионализацијата ги предизвикува државите да влезат во замка на националноста и идентитетот. Така за сметка на интегративните процеси и подобрување на својата меѓународна позиција, државите мораат да ја релативизираат својата автономија. Гледано од овој аспект, регионализацијата е реакција на процесот на глобализацијата.

Како реакција на процесот на регионализацијата и глобализацијата, односно на силниот проток на идеи, информации, капитал, добра, услуги, доведе до поголема ерозија на границите, ослабување на државите, одземање или доброволно отстапување на дел од суверенитетот на државите, наметнување на „универзалните вредности“ и „космополитски идентитет“, се генерираше контра-реакција на незадоволствата кај одредени заедници или групи. Спротивставената борба на локалното со глобалното, универзалното со партикуларното, ја разгоре тенденцијата за отцепување на малцинските заедници, зачувување на своите вредности и идентитет. Без разлика на степенот на развој на државите, речиси не постои место на Земјината топка кое не било или не е оптоварено со процесот на дезинтеграција по разни основи.

Тоа значи дека живееме во свет кој истовремено се обединува-интегрира и разединува-фрагментира. Во иднина, процесот на фрагментација ќе претставува многу ризичен и контрадикторен феномен. Особено, што зголемената динамика на фрагментацијата придонесува кон се поголеми тензии помеѓу националните и транснационалните системи, комунитаризмот и космополитизмот, културите и субкултурите, универзализмот и партикуларизмот, помеѓу државите и пазарите. Секоја од овие тензии има свои варијанти и форми, во кои интегративните и дезинтегративните сили се присутни во сите глобални процеси. Покрај нив, тука се и различни групи, движења и организации кои претставуваат тригер за фрагментација како што се терористите, сецесионистите, националистите, иредентистите, социјалните движења, движењата за човекови права и здравата животна средина.

По се изгледа, колку што светот станува сѐ повеќе глобализиран и интегриран на економски, техничко-технолошки, политички и културен план, толку се` повеќе истиот се регионализира, фрагментира и локализира.

Процесите на регионализација и фрагментација се сметаат како внатрешни елементи на глобализацијата, а не како нејзини контрапроцеси.

Неможноста локалната економија ефикасно да се справи со предизвиците кои ги носи неолибералниот концепт, неминовно води кон барање за надминување на економската несигурност. Економската несигурност е една од причините за политичката фрагментација. Политичката фрагментација се случува тогаш кога националните влади не се способни да овозможат заштита од негативните ефекти од глобализацијата.

Оттука гледаме дека процесите на фрагментација влијаат врз општата небезбедност, мирот и стабилноста во светот. Покрај сите погодности кои ги донесе глобализацијата, новите околности, процеси, предизвици и опасности, суверенитетот стана лесно растеглив и ранлив. Се почесто се случува мешање во внатрешните работи на државата и има некаква „надворешна асистенција“ на меѓународните авторитети, со што се компромитира сувереноста во однос на пошироките глобални интереси. Условувајќи ги послабите држави да спроведат реформи во своите национални структури како би биле дел од големото меѓународно семејство, еднообразност на системите и комплетната унификација, тие се соочуваат со притисокот за намалување на сопствената сувереност, дерегулација и денационализација во управувањето на државата.

Политичките граници не се поклопуваат со културните, етничките, религиските и цивилизациските граници. Космополитизмот, создавањето надтериторијални идентитети (граѓани на светот), директно се поврзува со причините за диверзификација и ослабнување на општествата. Создавањето на хибридизирани и нови културни и социјални идентитети кои ги надминуваат постојните политички и културни граници со многу разноликости и мултикултурности, водат кон хаотизирање на светот.

Влијанието на фрагментацијата врз безбедносните перспективи на државите во голема мерка зависат од меѓусебното влијание на глобалистичките процеси кои ги носат светските текови. Колку побрзо државите ги исполнат стандардите на земјите  предводници на глобализацијата, толку поефикасно ќе се справат со сите позитивни и негативни процеси на глобализацијата. Токму поради сето ова,  за развој, просперитетот, а посебно за мир и стабилност лидерствата во државите имаат мал избор, или ќе се биде дел од современите процеси и во нив ќе се остварува најголемиот можен бенефит од нив,  или ќе се остане надвор од процесите, во изолација, и долгорочно преживување на маргините на развојот.

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. AER, Assembly of European Regions, Собранието на европските региони The Declaration on regionalism. Strasbourg
2. AER (2010b). The State of Regionalism in Europe An AER Report. Part II: What do Regions look like in Europe? An overview for the 47 Member States of the Council of Europe. Strasbourg.
3. Ацески И „Глобализација идентитет евроинтеграција: Филозофски факултет, Скопе 2011
4. Aspekti globalizacije za pregledom osnovnih pojmova.Beogradska otvorena skola I Dosije, Beograd, 2003.
5. Augé, M. (2001). No-lugares y espacio público (Non-places and public space). Quaderns d'arquitectura i urbanisme
6. Ачарја А.,„Човечка безбедност“, Глобализацијата на светската политика, Вовед во меѓународните односи(превод)Табернакул, 2009.
7. Beck U. Die Erfindung des Politischen. Zu einer Theorie refleksiverModernisierung, Frankfurt a M 2003
8. Бек Урлих,„Што е глобализација?(превод)Тера Магика, Скопје 1997
9. Beck U.,The Fight for a cosmopolitan future, New Statesman Nov 5, 2001.
10. Beck U.,Redefining power in the global age. Eight theses, Dissent, Fall 2001.
11. Benčina Dragoljub, Simoniti Iztok „Mednarodne organizacije“, Priročnik in vodič, Delavska enotnost,Ljubljana, 1994.
12. Бејли Џ.,Меѓународна и глобална безбедност“ во Глобализацијата на светската политика, Вовед во меѓународните односи(превод) Табернакул 2009
13. Betz Hans Georg1994:Redical Right-Wing Populism in Western Europe, Basinstoke
14. Благојевић, Б. (2005). Етнорегионализам у Европи. Глобус
15. Биљана Секуловска - Габер „Меѓународни организации и интеграции“, Економски факултет Скопје, 2003.
16. Бојчев Душан, Дипломатски речник, ТИВ-ТОП.Д.О.О–Скопје 1998, Скопје
17. Booth K ; Theory of world security; Cambrige, university press New Work, 2007.
18. Vuletic V., Globalizacija mit ili stvarnost.Zavod za udzbenike I nastavna sredstva.Beograd, 2005.
19. Vidojevic Z.Kuda vodi globalizacija.Filip Visnjic, Beograd.2005
20. Вељковиќ Душан „Основни карактеристики на современите меѓународни економски односи“, Економски факултет, Скопје , 1978.

21. Вотерс М.,Глобализација(превод), Институт за демократија солидарност и отворено општество, Скопје, 2003.
22. Георгиева Л.,„Безбедносни импликации на глобализацијата: Конфликтите и превенцијата како норма на безбедносната политика“ Филозофски факултет, Скопје
23. Зенделовски Г. Нацев З „ Глобализацијата, мирот и безбедноста“, филозофски факултет, Скопје, 2014.
24. Gidens, E. 1998. Posledice modernosti. Beograd: Filip Visnjic.
25. Gidens, E. 2002. Tretiot pat. Skopje.:Institut za demokratija , solidarnost i civilno op{testvo.
26. Gidens F,.Sociologija (cetvrto izdanie) Ekonomski fakultet, Beograd, 2007.
27. Gray, John. The Political Theory,2002; Routledge, Taylor&Francis Group
28. Gurr, Ted Robert (Hg.)Minorities at Risk.A Global View of Ethnopolitical Conflicts, Wshington, D.C. 1993,
29. Davor Bukša „Integracijski procesi u svjetskom gospodarstvu....“, Zavod povjesnih z nanosti Hrvatske akademije znanosti i umjetnosti u Zadru, 2004.
30. Deyon P. (1997). Régionalismes et régions dans l'Europe des quinze, Éditions locales de France – Bruylant. Fabrini, S. (2007).
31. Eriksen T.H. (2014) Globalization: The Key Concepts. Bloomsbury Academic; 2 edition
32. Elias Norbert 1987:Die Gesellshaft der Individuen, Frankfurt a M.
33. Estel, Bernd 1994:Grundaspekte der Nation, in:Estel, Bernd/Mayer, Tilman (Hg.) Das Prinzip Nation in modernen Gesellschaften. Landerdiagnosen und theoretische Perspektive, Opladen.
34. I.Pantelić,V.Pavićević,V.Petrović.G.Milovanović.” ASPEKTI GLOBALIZACIJE”.Pojmovnik globalizacije. Beogradska otvorena škola.
35. Jameson, F., 2000 “Globalization and political strategy”. New Left Review
36. Jovanovic N.M. Globalizacija I evropske vrednosti во Aspekti globalizacije sa pregledom osnovnih pojmova. Beogradska otvorena skola I Dosije Beograd 2003.
37. King D.A„Globalization and the World Sistem:Contenporary Conditions for the representationof identity, University of Minesota Press, Minneapolis, 1997.
38. Kymlicka. Habitus,:според: Vujcić, 2002: Contemporary Political Philosophy: An Introduction
    a. By Will Kymlicka, Canada Research Chair in Political Philosophy Will Kymlicka
39. Kymlicka, W. (2000) Etnički odnosi i zapadnapolitička teorija (internetska verzija, prijevod),
40. Kymlicka, W. (2004). "Nation-Building and Minority Rights: Comparing Africa and the West." In Ethnicity & Democracy in Africa, edited by B.Berman, P. Eyoh and W. Kimlicka, Oxford,
41. Keating, Michael 1998 “Is the Regional Level of Government in Europe?”, in Patrick Le Gales & Christian Lequesne (eds.) Regions ion Europe, London, Routledge
42. Kushnik L. Immmmigration and Asylum in tehe European Union” Outsider, vol 42 (April1995)

43. Kohler-Koch,Beate (Hg.) 1997: Interaktive Politik in Europa: Regionen im Netzwerk der Integration, Opladen
44. Luka Brkić „Teorije međunarodne ekonomske integracije“, Gordon, Zagreb 1995.
45. Langenhove, Luk Van 2003 Building Regions: The Regionalization of the World Order
46. Lambach D.,Close Encounters in the Dimension in:State Failure Revisitet I:Globalization and Security and Naightborhood effects.INFF Report 87.Institute for Development and Peace 2007.
47. Lange Niels 1998:Zwichen Regionlismus and europaischer Integration> Wirtschaftsinteressen in regionalistischen Konflikten, aden-Baden
48. Loughlin John/Matthias, Jorg 1996: Dir regionale Frage in FroSbritannien: Das Beispiel Wales, in: Welt Trends II.
49. Markovic M. Globalizacia I globalizam, Beograd, 2004.
50. Mazlish,1993.Introduction to Conceptualizing Global History, edited by Bruce M. and R. Buultiens 1-26 Bboulder, CO Westwew Press
51. Мекгру Е.,„Глобализацијата и светската политика“ во Глобализацијата и светската политика:вовед во меѓународните односи,Табернакул,2009.
52. Mansfield, E. D., & Solingen, E. (2010), Regionalism. Annual Review of Political Science ,
53. Morgan P.M.,International Security:problems and solutions.CQ Press,2006 Wsshington DC
54. Миќуновиќ Љ., Современ лексикон на странски зборови и изрази, Наша книга,Скопје,1990.
55. Mihael Cirn”Upravljanje sa one strane nacionalne drzave”-Globalizacija I denacionalizacija kao sansa”Filip Visnjic, Beograd, 2003
56. Moreno, L. (2001). The Federalisation of Spain, London: Frank Cass
57. Неделкова.А. Бауман З. И Филипов Д. Глобализам, Регионализам и Антиглобализам, Албатрос, Софија 2005.
58. Nes Kejt “Savremena politicka sociologija”.Globalizacija Politika Moc, JP Sluzbeni glasnik Beograd 2006
59. Nye, J. (1965). Patterns and Catalysts in Regional Integration. *International Organization*, *19(4)*,
60. Ohmae Kenichi 1993„*Nova globalna pozornica: Izazovi i prilike u svijetu bez granica*“, Mate, Zagreb, 2007
61. Pecujlic M.Globalizacija-dva lika sveta, Gutenbergova galaksija, Beograd, 2005.
62. Попович Т.Г.Криза глобализације и/или глобализација кризе,Бесјела, Бања Лука,2003.
63. Puhle, H. J. (1999). Regions, Regionalism and Regionalization in 20th Century Europe. Frankfurt.

64. Puig, M. (2008). Regionalisation in Europe. Report No 11373 of 14 September 2007 in: Documents-Working Papers Vol VIII, Parliamentary Assembly, Council of Europe Publishing, Strasbourg
65. Paasi A.,2001., Europe as a Social Process and Discourse: Consideration of Place, Boundaries and Identity , Europan Urban and Regional Studies 8 (1)http://eur.sagepub.com
66. Радовановић, М. (1993-1994). Регионализам као приступ и принцип и регионализација као поступак у функционалној организацији географског простора са неким аспектима примене на Републику Србију. Зборник радова Географског института „Јован Цвијић",
67. Reibsame. W.E. (1994). *Some Trends in Human Geographic Thinking*, Colorado University.
68. Rothkopf, D. (1997). 'In praise of cultural imperialism?' Foreign Policy.
69. Robertson, Roland. 1990. "Mapping the Global Condition: Globalization as the Central Concept." In Mike Featherstone, ed., Global Culture: Nationalism, Globalization and Modernity. London: Sage
70. Robertson, Roland (1992), Globalization. Social Theory and Global Culture, London, Sag
71. Robertson R., Globalization, London, Sage, 1992.
72. Robertson, Roland. 1995. "Glocalization: Time–Space and Homogeneity–Heterogeneity." Pp. 25–54 in Global Modernities
73. Roberson R. Globalizacijata kako problem" во Vuletic V Globalizacija mit ili stvarnost, Zavod za udzbenike I nastavna sredstva, Beogra.
74. Sabel, Charles F. (1994) 'Flexible specialisation and the reemergence of regional economies', in Ash Amin (ed.), Post-Fordism: A Reader. Oxford: Blackwel.
75. Said, Edward W. 2000. Reflections on Exile and Other Essays. Cambridge: Harvard University Press.
76. Saks Dzefri 2005. The End of Poverty: Economic Possibilities for Our Time. New Jork Thimes.
77. Sen A., 2007. Identitet i nasilje. Iluzija sudbine. Poslovni dnevnik – Masmedia. Zagreb.
78. Senghaas, Dieter 1994: Frieden als Zivilisierungsprojekt, in: Senghaas, Dieter (ed.), Wohin driftet die Welt?, Frankfurt/M.
79. Schrijvers. Regionalism after Regionalization: Spain, France and the United Kingdom (Amsterdam 2006). 11. L. Moreno, The Federalization of Spain
80. Solte A.J.Globalizacija: kriticki uvod.(drugo izdanje), CID 2009.
81. Stiglitz, J. (2002) Globalization and its Discontents. London: Allen Lane.
82. Snyder Jack1993,Nationalizam and the Crisis of the Post-Soviet-State, in:Brovn Michael E: Ethnic Conflictand Internacional Security, Princeton Nj..
83. Schrijver, Frans 2006: Regionalism After Regionalisation: Spain, France and the United Kingdom. Amsterdam Universitu Press

84. Simma B. 1995 et al. (eds), The Charter of the United Nations: A Commentary (Oxford: Oxford University Press,
85. Schultze Hagen 1994: Staat und Nation in der europaischen Geschichte, Munchen
86. Schmidtke Oliver 1996: Politcs of Identity, Ethnicity, Territories, and the Political Opportunity Structure in Modern Italian Society Sinzheim
87. Show,Donald M.,National Security for a New Era: Globalization and Geopoliticses Afer Iraq.The Edition, Pearson Longman,2008.
88. Shiva, V., 2007.Globalization from below: ecofeminist alternatives to corporate
89. Tatalovic S Suvremene sigurnosne politike:Drzave I nacionalna sigurnost pocetkom 21 stoleca, Golden marketing-The.kniga Agreb, 2008.
90. Talbott Strobe., Globalization and Diplomacy.A Practitioner’s Perpective,Foreign Policy Fall 1997.
91. Ташева, Марија.1999.Социолошки теории. Универзитет „Св.КириI и Методиј“ Скопје.
92. Taggart 1995, New populist parties in Western European politics
93. Тошић, Д. (2005). Регионална географија - quo vadis? Глобус, 36 (30), 3-14.
94. Т.Гоцевски, О.Бакрески, С.Славески, Европската унија низ призмата на европската безбедност, Филозофски факултет, Скопје, 2007.
95. Tojnbi, P. 2003: Ko se boji globalne kulture. Vo. Haton V. I Gidens, E. Na ivici. Plato:Beograd
96. Thomas Bernauer 1995,Towards a New Europe: Stops and Starts in Regional Integration.
97. Fabrini, 2007, Compound Democracies: Why the United States and Europe Are Becoming Similar
98. Fokujama F. Sudar kultura: poverenje, drustvene vrline I stvaranje prosperiteta. Zavod za ucbenike I nastavna sredstva Beograd 1997 godina.

100. Fokujama F..AMERIKA NA PREKRETNICI-demokratija, moc neokonzervativno zavestanje CID Podgorica 2007,

101. Friedman, TH. 2003. Lexus i maslina. Razumevanje globalizacije. Zagreb:Izvor.

102. Hall, Stuart. 1996. "Introduction: Who Needs "Identity""? U Questions of Cultural Identity. S. Halli P. du Gay, ur. London et al: Sage Publications, 1-17.

103. HELD D.et.al.Global transformations, Politics, Economics, and Culture, Polity Press, Cambridge, 1990.

104. Held.D.,Demokratija I globalni poredak:Od moderne drzave ka kosmopolitskoj vladavini.Filip Visnic, Beograd,1997.

105. Held D. debate o globalizacii во Vuletic V., Globalizacija mit ili stvarnost.Zavod za udzbenike I nastavna sredstva.Beograd, 2005

106. Hirst, Paul. 1999. “Can the European Welfare State Survive Globalization

107. Hirst and Thompson,;2002..The Future of Globalization.

108. Холсти 1980, “Cold War Axioms in the Post-Vietnam Era,” in Alexander George,Ole R. Holsti, and Randolph M. Siverson (eds.), Change in the International System (Boulder, CO: Westview Press, 1980)

109. Hoogvelt, Ankie, 1997, Globalisation and the Postcolonial World, Basingstoke: Macmillan.Horsman/Marshall 1995 Horsman, M. and Marshall, A., After the Nation-State: Citizens, Tribalism and the .\«t' World Disorder, London: HarperCollins, 1994.

110. Hurrell, A. (1995). Explaining the Resurgence of Regionalism in World Politics, in: Review of International Studies,

111. Cassese S., & Torchia L., (1993). The Meso level in Italy, in Sharpe L.J., The rise of meso government in Europe,

112. Connor, Walter. Ethnonationalism.TheQuest for Understanding, Princeton, Nj.

113. Charter of the United Nations, 1945.

114. Christian Fuchs 2010. Fuchs, Christian. 2010a. Alternative media as critical media. European Journal of Social Theory Karen Rasler and William P. Thompson, 2009. Globalization and North—South Inequality, 1870—2000A Factor for Convergence, Divergence or Both? International Journal of Comparative Sociology (Int J Comp Sociol)Publisher: Karnatak University. Dept. of Social Anthropology, Brill Academic Publishers

115. Woods Dawyne1992”The center no Longer Holds:The rise in Italian Politics, in:West Europian Politics; Woods Dawyne 1994”The Crisis of Center-Periphery Integration in Italy and the rise of Regiona lPopulis in:Comparative Politis 27:2.

## Публикации:

- Национална концепција за безбедност и одбрана на РМ, Собрание на РМ 2003.
- Глобализацијата, мирот и безбедноста, Министерство за одбрана на РМ и Филозофски факултет. Скопје, 2008.
- Growth in U.N.membership 1945-present,
- UNDP”Blue Ribbon” Комисија за Република Македонија, 2006.
- NATO, Ofice of information and Press, Brussels, 2001.

Интернет страници:


- http:/www.peaceoperations.org.
- http:/www.cdnpecekeeping.ns.ca)
- htpp://www.un.org/en/members/growth.shtml.
- Интервју со Р. Робертсон. достапно на: htpp/www.biznis.ba/index.php?option=com_content&task=view&id=46268&itemid=55.22.10.2008
- www.gi.sanu.ac.rs J. Геог. Inst. Цвијиќ 62 (1) (31-48) 38.